***94. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ПРЕДЛОГ-ОДЛУКІ***

***ПО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА И ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА СУСПЕНЗИЈА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО 2027 ГОДИНА***

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
**РОК: јануари-декември 2026**

***95. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ПО БАРАЊА НА ПРАВНИ И НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ОД НАДЛЕЖНОСТ НА СОВЕТОТ ВО 2027 ГОДИНА***

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, Сектор за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина, Сектор за локален економски развој, Сектор за јавни дејности, Сектор за финансиски прашања и Сектор за инспекциски работи
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
**РОК: јануари-декември 2026**

***96. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО 2027 ГОДИНА***

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник
**РОК: јануари-декември 2026**

**ЗАБЕЛЕШКА**: Насловите на секој детален урбанистички план може, по потреба, да бидат описно дополнети или изменети во текот на постапките поради полесно согледување на локацијата на опфатот.

Предлог-одлуките за утврдување правен статус на бесправно изградените објекти ќе се донесуваат сукцесивно, по потреба, а нивните наслови ќе зависат од локацијата и од намената на бесправно изградениот објект.

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/12
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за урбанистичко планирање на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/15
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21; 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

**Програмата содржи:**

**I. Извори за финансирање**
**II. Начин на распределба на средствата за финансирање**
**III. Средства наменети за урбанистичко планирање**
**IV. Динамика за извршување**
**V. Преодни и завршни одредби**

## I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Програмата за урбанистичко планирање за 2026 година се финансира од буџетот за 2026 година.

## II. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Расходите за реализација според намената за урбанистичко планирање се:

| основна ставка | пот ставка | | Видови на расходи | | Планирано |
|---|---|---|---|---|---|
| | УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ | | | | |
| | | | **Вкупни расходи** | | **29.000.000,00** |
| **425** | | | **Договорни услуги** | | **28.250.000,00** |
| | 425640 | | **Изработување на ДУП** | | **26.690.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Детални урбанистички планови што се пренесени од Потпрограмата за 2025 година** | | **ха** | **Забелешки** |
| | | | ДУП Градска четврт И 05-Маџир Маало 2 | 12,1 | Договор бр.09-4953/10 од 05.12.2018=285.796,00 целосно исплатени |
| | | | ДУП Градска четврт ЦС 14-Кале и СРЦ Кале | 26,2 | Договор бр.09-3681/11 од 24.7.2015: **309.160,00** (40% од 772.900,00) |
| | | | ДУП Градска четврт ЦС 01- Француски гробишта, Тетовска трошарина и Парк 2 | 42,4 | Договор бр.09-3027/15 од 15.8.2018: **232.148,00** (40% од 580.371,00) |
| | | 1. | **ДУП Градска четврт З 12 - Парк 1 и дел од Дебар Маало 2** | 44,2 | Договор бр.09-595/9 од 23.2.2023: 3.596.190,00 односно **60%** = **2.117.753,00** |
| | | 2. | **ДУП Градска четврт Ј 07- Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара** | 136 | Договор бр.09-2826/17 од 9.8.2023: 12.883.712,00 односно **60%** = **6.551.042,00** |
| | | 3. | **ДУП Градска четврт Ц 05- Голем Ринг јужен дел** | 19,7 | Договор бр.09-28/5 од 23.1.2024: 2.174.407,00 односно **60%** = **1.304.644,00** |
| | | 4. | **Изменување и дополнување ДУП Градска четврт И 09-Нова железничка станица** | 8,6 | Приватна иницијатива |
| | | 5. | **ДУП Градска четврт И 07Блок 1-Тутунски комбинат** | 6,9 | Приватна иницијатива |
| | | 6. | **ДУП Градска четврт ЦС 04 Блок 2-Пресвета Богородица** | 5,74 | Договор бр.09-29/5 од 23.1.2024: 1.051.053,00 односно **60%** = **630.632,00** |
| | | 7. | **ДУП Градска четврт ЦС 05-Крњево 1** | 17,5 | Договор бр.09-4980/8 од 19.12.2023: 1.923.713,00 односно **60%** = **978.159,00** |
| | | 8. | **ДУП Градска четврт Ј 05-дел од Тасино чешмиче 1 и Барутана** | 6,9 | Приватна иницијатива |
| | | 9. | **ДУП Градски четврти Ц 01 и ЦС 03 - Мал Ринг** | 54,6 | Договор бр.09-41/4 од 22.1.2025: 7.783.931,00 односно **60%** = **4.186.836,00** |
| | | 10. | **ДУП Градска четврт З 11 - Буњаковец 1 и Буњаковец 2** | 63,2 | Договор бр.09-362/6 од 10.2.2025: 6.280.426,00 односно **60%** = **3.228.935,00** |
| | | **Детални урбанистички планови за кои се планираат постапки за изработување и донесување** | | | |
| | | **Име на детален урбанистички план** | | **ха** | **Врз основа на Тарифник („Службен весник на РСМ“ бр.140/21) 20% од пресметаниот износ без ДДВ:** |
| | | 11. | **ДУП Градска четврт ЦС 02 блок 01-Дуќанџик** | 8,2 | 1.379.630,00 (ДУП) + 60.353,00 (ажурирана) =1.439.982,00 20% = 287.997,00 т.е. **300.000,00** |
| | | 12. | **ДУП Градска четврт З 10 -Дебар Маало 1 и дел од Дебар маало 2** | 46,5 | 4.619.880,00 (ДУП) + 287.752,00 (ажурирана) =4.907.632,00 20% = 981.526,00 т.е **1.000.000,00** |
| | | 13. | **ДУП Градска четврт ЦС 08-Судска палата 1** | 4,5 | 790.275,00 (ДУП) + 38.434,00 (ажурирана) =828.709,00 20% = 165.742,00 т.е. **200.000,00** |
| | | 14. | **ДУП Градска четврт Ц 08-Ново Маало 2** | 8,9 | 1.829.502,00 (ДУП) + 64.499,00 (ажурирана) =1.894.001,00 20% = 378.800,00 т.е. **400.000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Детални урбанистички планови за кои нема започнати постапки за изработување и донесување** | | | |
| | | **15.** | **ДУП Градска четврт Ц 07-Градска болница** | **6,6** | |
| | | **16.** | **ДУП Градска четврт Ц 02-Влада на РСМ** | **5,7** | |
| | | **17.** | **ДУП Градска четврт ЦС 06-Судска палата 2** | **15,5** | |
| | | **18.** | **ДУП Градска четврт И 12 блок 01-амбуланта Пролет *(О. Аеродром, О. Кисела Вода и О. Центар-Скопје)*** | **1,82** | |
| | | **Детални урбанистички планови за кои нема започнати постапки за изменување и дополнување** | | | |
| | | **19.** | **ДУП Градска четврт Ј 06-дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2** | **50,2** | Одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 |
| | | **20.** | **ДУП Градска четврт И 01-Маџир Маало 1** | **7,3** | Одлука бр.08-945/34 од 11.02.2021 |
| | | **21.** | **ДУП Градска четврт И 04-Даре Џамбаз** | **7,8** | Одлука бр.08-2925/6 од 11.06.2019 |
| | | **22.** | **ДУП Градска четврт И 06-Пролет** | **12,2** | Одлука бр.08-5399/2 од 7.11.2019 |
| | | **Планско-проектна документација со планирани постапки за изработување и одобрување/донесување** | | | |
| | | **23.** | **Урбанистички проекти** потребни за спроведување на деталните урбанистички планови | / | **4.631.999,00** |
| | | **Приватни иницијативи** | | | |
| | | **24.** | **Детални урбанистички планови или Изменувања и дополнувања на ДУП-по приватна иницијатива на физички или правни лица** | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Други расходи во функција на донесување на ДУП и годишни програми од надлежност на секторот** | | |
| | | **26.** | **Заштитно-конзерваторски основи** | |
| | | | **ДУП ГЧ Ц 05 – Голем Ринг јужен дел** | По Договор бр.09-3202/3 од 12.11.2024: 100.000,00 |
| | | | **ДУП ГЧ ЦС 05 - Крњево 1** | По Договор бр.09-1113/1 од 01.03.2017: исплатени 20% од 200.000,00; останува 160.000,00 |
| | | | **ДУП ГЧ Ц 02 - Влада на РСМ** | По Договор бр.09-2044/1 од 20.04.2018: 120.000,00 |
| | | | **ДУП ГЧ Ц 07 - Градска болница** | По Договор бр.09-2042/1 од 20.04.2018: 200.000,00 |
| | | | **ДУП ГЧ ЦС 02.01 - Дуќанџик** | По Договор бр.09-2068/6 од 02.11.2018: 80.000,00 |
| | | **27.** | **Програми за поставување на времени објекти** | **500.000,00** |
| | **425970** | **28.** | **Консултантски услуги** | **1.560.000,00** |
| **426** | | **Други тековни расходи** | | **750.000,00** |
| | 426120 | **29.** | **Членарини во домашни организации (овластувања)** | 50.000,00 |
| | 426410 | **30.** | **Објавување на огласи** | 700.000,00 |

Програмата ги опфаќа програмските активности планирани во:

**Детални урбанистички планови што се пренесени од Програмата за 2025 година,** каде се прикажани 10 (десет) постапки презентирани во „Образложение“.

**Детални урбанистички планови** за кои се планирани постапки **за изработување и донесување**, каде се прикажани 4 (четири) постапки презентирани во „Образложение“.

**Детални урбанистички планови** за кои нема започнати постапки **за изработување и донесување**, каде се прикажани 4 (четири) постапки презентирани во „Образложение“.

**Детални урбанистички планови** за кои нема започнати постапки **за изменување и дополнување**, каде се прикажани 4 (четири) постапки презентирани во „Образложение“.

**Урбанистички проекти** потребни за спроведување на деталните урбанистички планови, постапки презентирани во „Образложение“.

**Други расходи во функција на донесување на ДУП и годишни програми од надлежност на Секторот** се наброени:

- *заштитно-конзерваторските основи*,
- *изработување програма за поставување на времени објекти* и
- *консултантски услуги* за сите членови на комисијата за урбанизам, за надворешниот член на стручната комисија, односно „стручен работник од областа на урбанистичкото планирање и архитектурата со овластување за изработување на урбанистички планови", формирани од градоначалникот.

**Други тековни расходи** содржат податоци и информации за:

- *членарини во домашни организации, односно овластувања* и
- *објавување на:*

*- соопштенија за јавни анкети и презентации во согласност со Закон за урбанистичко планирање*

*- известувања до непосредни соседи од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат кога сите сопственици не се баратели на урбанистичкиот проект со план за парцелација како препорачана пратка со доставница за намерите на барателот во согласност со Закон за урбанистичко планирање*

*- соопштенија во согласност со Закон за општата управна постапка*.

Во текот на реализација на Предлог - Програмата, по потреба, може да се врши прераспределба на средствата од една во друга позиција за што одлучува Советот на Општината.

## III. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Општина Центар-Скопје финансира изработување на детални урбанистички планови од средствата предвидени со буџетот за 2026 година.

## IV. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Предлог - Програмата е во директна спрега со обемноста и сложеноста на постапките за изработување и донесување на детални урбанистички планови во согласност со **Законот за урбанистичко планирање** („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25). Посочените карактеристики задираат во суштината на урбанистичкото планирање (сложеност и обемност) и се однесуваат на структурата на постапките каде се вклучени субјекти од редот на водостопанство, транспорт и врски, безбедност, заштита и спасување, здравствена заштита, социјална заштита, образование, заштита на културното наследство, заштита на животна средина и работи од јавен интерес од локално значење на градот Скопје. Нивните мислења, ставови и, неретко, надминување на надлежностите условуваат промени од голем обем и повторувања на делови од постапките.

Реализацијата на постапките е исто така последица на актуелните технички услови (функционирањето на информацискиот систем е-урбанизам) и секако е во меѓусебна зависност од приливот на средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште и надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**Програмата за урбанистичко планирање за 2026 година**

Изработувањето и донесувањето на деталните урбанистички планови и урбанистички проекти е производ на урбанистичкото планирање, како континуиран и повеќеслоен процес, со цел да се разработи и спроведе планот од повисоко ниво (Генералниот урбанистички план на град Скопје или деталните урбанистички планови) со детална организација, намена и начин на употреба на просторот, што се темели на:
- континуирано следење на состојбите со планирањето и уредувањето на градскиот простор
- нивно анализирање, синтетизирање и вреднување и
- применување на референтната законска регулатива.

Презентираниот план за работа *Детални урбанистички планови, што се пренесени од Програмата во 2025 година* се однесува на постапките што се водат:
- - во две фази, со утврдување на нацрт - план и со донесување на предлог - план во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25).

Наведената фактографија опфаќа временска рамка од 2023 до 2025 година и се објаснува со нерамномерна динамика изведена од ефектот „Рашомон“ при примена на одредбите на цитираните Закони. Имено, најчесто „тесно грло“ се јавува кога се надминуваат надлежности утврдени со Законот и кога се протежира приватниот над јавниот интерес.

Планираниот буџет се изведува врз основа на склучените договори со правни лица со лиценца за урбанистичко планирање и на пресметките по *Тарифник за вредност на работите од урбанистичкото планирање* („Службен весник на РСМ“ бр.140/21).

Во однос на финансиските импликации посочуваме дека преземените обврски се реализираат во сегменти што се условени со:
- изработена работна верзија на деталниот урбанистички план (исплата на 20% од вредноста на договорот),
- утврдување на нацрт-план на Совет (исплата на 40% од вредноста на договорот) и
- добивање согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот (исплата на 40% од вредноста на договорот).

Во согласност со член 58 став (2) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање во Програмата се планираат средства за изработување и на урбанистички проекти со кои би се вршело детално разработување на градежни парцели и на градежното земјиште за општа употреба.

Покрај ова не треба да се занемарат и можностите, *во согласност со член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/24; 101/25; 127/25),* изработувањето на деталните урбанистички планови или нивното изменување и дополнување, да се финансира од заинтересирани правни или физички лица чии програмски барања и полиња на интерес се прифатливи за Општината (приватна иницијатива).

Во согласност со *Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти* единиците на локалната самоуправа се должни дел од средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти да ги користат за изработување и донесување на детални урбанистички планови.

1. **Во делот Детални урбанистички планови** што се пренесени од Потпрограмата за 2025 година **се прикажани постапките за изработување и донесување на** Деталните планови, како што следат:

- ДУП Градска четврт И 05-Маџир Маало 2 (конечен предлог-план со статус *донесување на Совет од 17.01.2023*),
- ДУП Градска четврт ЦС 14-Кале и СРЦ Кале (конечен предлог-план со статус *донесување на Совет од 11.7.2025*),
- ДУП Градска четврт ЦС 01-Француски гробишта, Тетовска трошарина и Парк 2 (конечен предлог-план со статус *донесување на Совет од 6.8.2025*),
- ДУП Градска четврт З 12-Парк 1 и дел од Дебар Маало 2 (нацрт на Деталниот план со статус *мислење од комисија за урбанизам*),
- ДУП Градска четврт Ј 07-Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара (работна верзија на Деталниот план со статус *запрена постапка од Министерство за животна средина и просторно планирање до донесување на План за управување со заштитен предел и Просторен план за заштитеното подрачје Водно*),
- ДУП Градска четврт Ц 05-Голем Ринг јужен дел (одобрена Планска програма; статус *барање податоци и информации од надлежни институции и правни субјекти и барање до НУ Конзерваторски центар Скопје за изработување на Заштитно-конзерваторски основи со цел да се изработи работна верзија на планот),*
- ДУП Градска четврт ЦС 05-Крњево 1 (претходни услови за составување на Планската програма со статус *четврта ургенција по барање до НУ Конзерваторски центар Скопје за изработување на Заштитно-конзерваторски основи),*
- ДУП Градска четврт ЦС 04 Блок 2-Пресвета Богородица (работна верзија на Деталниот план со статус *издавање мислења од правни субјекти),*
- Изменување и дополнување ДУП Градска четврт И 09-Нова железничка станица (работна верзија на Деталниот план со статус *издавање мислења од правни субјекти*),
- ДУП Градска четврт И 07 Блок 1-Тутунски комбинат (нацрт на Деталниот план со статус *мислење од комисија за урбанизам*),
- ДУП Градска четврт Ј 05-Барутана (работна верзија на Деталниот план со статус *издавање мислења од правни субјекти),*
- ДУП Градски четврти Ц 01 и ЦС 03-Мал Ринг (Планската програма со статус *мислење од комисија за урбанизам*),
- ДУП Градска четврт З 11-Буњаковец 1 и Буњаковец 2 (претходни услови за составување на Планската програма).

**2.** Во делот **Детални урбанистички планови за кои се планираат постапки за изработување и донесување**, врз основа на фактите изведени од застареноста на ажурираните геодетските основи, степенот на реализација и начинот на спроведување на важечките Детални планови, детекција на несоодветно планирани групи класи на намени и сумирање на развојните програми побарани од државните и јавни институции упатуваат на оправданоста да се започнат постапки, прикажани како што следат подолу.

Дополнително, во согласност со **член 65 од Законот за урбанистичко планирање**: *„Заради ефикасно спроведување на политиката на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот и за потребите на изработувањето, донесувањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на урбанистичките планови, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на*

*просторот е должен да воспостави информациски систем за урбанистичко планирање и уредување на просторот, кој ќе обезбеди услови за стручно и аналитичко следење на спроведувањето на плановите и континуирано согледување и анализа на степенот и начинот на реализација на плановите, заради подготвување на програмите за изработка и донесување на урбанистички планови*", **а поради неисполнување на одредбата**: *„Начинот на работа, формата и содржината на информацискиот систем го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот*" наброени се:

| Ново име на ДУП | Важечки ДУП | Забелешки |
|---|---|---|
| **Градска четврт ЦС 02.01** - Дуќанџик | Изменување и дополнување од 2003г. на постојниот ДУП од 1985 (изменет и дополнет во 1988 и 2000 година).<br><br>Усогласен со ГУП 2002-2020, а изработен врз основа на ОУП 1985г. | „Органскиот урбанизам" е нападнат од енормен број бесправни градежни активности. Најчесто спомнувани причини за ваквата појава се стихијните промени во општествено-социјалната и демографска структура како и социјалната мобилност.<br>Неопходно е ажурирање т.е. меѓусебно усогласување на состојбите во катастарскиот план, податоците за недвижностите и состојбата на теренот, која се смета за референтна.<br>Податоците од инвентаризираниот градежен фонд, согледаните состојби во опкружјето на просторниот опфат и статистичките показатели од Пописот на население, домаќинства и станови во 2021 година, од друга, се наметнува модус за уредување на просторот верифициран со современо донесена планска документација. |

| | | |
|---|---|---|
| **Градска четврт З 10** - Дебар Маало 1 и дел од Дебар Маало 2 | Изменување и дополнување на Дебар Маало 1 од 2012г. на донесениот ДУП од 2002г. (изменет и дополнет во 2010г.)<br>Изменување и дополнување на Дебар Маало 2 од 2009г. на постојниот ДУП од 2004г.<br><br>Усогласени со ГУП 2002-2020, а изработен врз основа на ОУП 1985г. | Детален урбанистички план за населба Дебар Маало првпат е донесен во 1965г.<br>Општествените промени во 90-те години на минатиот век непосредно влијаеле морфологијата на Дебар Маало да биде забележана и да се препознае како „споменик на транзицијата". Последиците на тие собитија се директните преводи на намената А1-станбени куќи во А2-станбени згради.<br>Податоците од инвентаризираниот градежен фонд, согледаните состојби во опкружјето на просторниот опфат и статистичките показатели од пописот на населението, домаќинствата и становите во 2021 година, од друга, се наметнува модус за уредување на просторот верифициран со современо донесена планска документација. |
| **Градска четврт ЦС 08** - Судска палата 1 | ДУП Судска палата од 2011г. и дел од ДУП Судска палата 2 од 2011г. (Претходен ДУП Комплекс Судска палата од 1999г.)<br><br>Усогласени со ГУП 2002-2020 | Врз основа на променатана групата на класи на намени од Б во М(А+Б) во ГУП 2012-2022 и нереализираната потреба за студентско сместување (одобрен АУП по ДУП дел од локалитет Крњево 1 урбан блок 1) во новата планска документација е оправдано да се планира студенски дом со придужни функции. |
| **Градска четврт Ц 08 -** Ново Маало 2 | Изменување и дополнување на ДУП Голем Ринг јужен дел-исток, опфат меѓу ул.Васил Аџиларски, река Вардар, бул.Кочо Рацин и ул.Мирче Ацев од 2012г. (на ДУП Голем Ринг јужен дел-исток, опфат меѓу ул.Васил Аџиларски, река Вардар, бул.Кочо Рацин и ул.Мирче Ацев од 2008г.)<br>(Претходен ДУП Републички центар од 1969г.)<br><br>Усогласен со ГУП 2002-2020 | Врз основа на сознанијата од Дирекција за заштита и спасување, под претпоставка дека би се реализирале сите 3 градежни парцели, опфатот би претставувал „сообраќајна гробница или безбедносна дупка" во центарот на градот.<br>Станува збор за последниот нереализиран сегмент од Големиот Ринг.<br>Во историјата на урбанистичкото планирање овој дел од Централното градско подрачје се препознава како јужен дел од Републичкиот центар заради што се наметнува преиспитување на отсуството на основна класа нанамена В-државни и јавни институции во планираната група на класи на намени М(А+Б). |

3. Во делот **Детални урбанистички планови за кои нема почнато постапки за изработување и донесување** е презентиран концептот за генерирање отворени можности за почнување нови постапки за изработување и донесување на детални урбанистички планови. Утврдувањето на потребата е уредена во член 22 став (4) од Законот за урбанистичко планирање врз основа на анализа на начинот на спроведување на плановите, чија содржина е уредена во член 18 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 225/20; 219/21; 1045/22; 99/23; 7/25; 143/25). **Вредноста за изработка на детален урбанистички план се пресметува во согласност со Тарифникот**, форматиран како калкулатор за пресметка на вредност на детален урбанистички план од 1 до 100 хектари, во која се вклучени: *површина на планскиот опфат*, *коригирана површина на планскиот опфат*, *важноста на просторот во рамките на планскиот опфат*, *факторот на изграденост* и дополнета со *факторот на сложеност ФКЗ (културно-историски)*.

4. Во делот **Планско-проектна документација со планирани постапки за изработување и одобрување/донесување** е презентиран концептот за генерирање отворени можности за почнување нови постапки за изработување и донесување на урбанистички проекти со кои би се вршело детално разработување на градежни парцели и на градежното земјиште за општа употреба. **Вредноста за изработка на урбанистички проект се пресметува во согласност со Тарифникот**, форматиран како калкулатор за пресметка на вредност на урбанистички проект, во која се вклучени: *површина на планскиот опфат*, *коригирана површина на планскиот опфат*, *важноста на просторот во рамките на планскиот опфат*, *факторот на изграденост* и дополнета со *факторот на сложеност ФКЗ (културно-историски)*.

5. Во делот **Детални урбанистички планови за кои нема почнато постапки за изменување и дополнување** се наброени Детални планови чии плански документаци се усогласени со одредбите во посебните услови во ГУП 2012-2022, но сепак се оставени „слободни валенции“ за можни изменувања и дополнување утврдени врз основа на аргументирани потреби.

6. Во **Други расходи во функција на донесување на ДУП и годишни програми од надлежност на Секторот** се наброени:

- **заштитно-конзерваторските основи** со договорни обврски за
  - ДУП Градска четврт Ц 05-Голем Ринг јужен дел,
  - ДУП Градска четврт ЦС 05-Крњево 1,
  - ДУП Градска четврт Ц 02-Влада на РСМ,
  - ДУП Градска четврт Ц 07-Градска болница,
  - ДУП Градска четврт ЦС 02.01-Дуќанџик.

Со оглед на фактот што за посочените опфати беше планирано, но не се изработи и донесе Програмата, таа се пренесува во планираните активности за 2026 година.

- **Програма за поставување времени објекти**
- **Консултантските услуги:**

за надоместок на сите **членови во комисијата за урбанизам** формирана од градоначалникот во согласност со член 38 став (13) од Законот за урбанистичко

планирање, како и за надворешниот член на стручните комисии, односно „стручен работник од областа на урбанистичкото планирање и архитектурата со овластување за изработување на урбанистички планови“ формирани од градоначалникот.

**7.** Во **Други тековни расходи** се презентирани планирани финансиски средства за:

- овластувања за урбанистичко планирање во согласност со член 67 од Законот за урбанистичко планирање,
- објавување на соопштенија за јавни анкети и јавни презентации на предлог-план како дел од постапките за донесување на детални урбанистички планови врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање, а во врска со член 12 од Уредба за воспоставување и начин на користење на информациски систем за изработување и спроведување на постапката за донесување на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко-проектни документации по електронски пат
- известувања до непосредни соседи од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат кога сите сопственици не се баратели на урбанистичкиот проект со план за парцелација како препорачана пратка со доставница за намерите на барателот во согласност со член 63 став (10) од Закон за урбанистичко планирање и
- објавување соопштенија во согласност со Закон за општата управна постапка.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата за урбанистичко планирање ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за урбанизам, Одделението за урбанистичко планирање.

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-6365/14
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/17
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21; 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

**Програмата за уредување на градежно земјиште содржи:**

I. Простор на уредување

II. Обем на работи за подготвување и расчистување на градежно земјиште

III. Обем и степен на опремување на градежно земјиште

IV. Начин на распределба на средствата за финансирање на Потпрограмата за уредување на градежно земјиште

V. Динамика на извршување на Програмата

VI. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште

VII. Висина на надоместокот и негова распределба

VIII. Начин на распределба на средствата за финансирање изградба на инфраструктура

IX. Преодни и завршни одредби

## I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Под простор што е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Центар-Скопје определено со ДУП, без населените места.

## II. ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно-правни односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Градежното земјиште се уредува во обем и степен во согласност со Правилникот за степенот за уредување на градежното земјиште со објекти на инфраструктура и начинот на уредување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, со инфраструктура од значење за Општина Центар-Скопје во согласност со ДУП, и тоа:

**а) објекти за заедничка комунална потрошувачка:**

- изградба на јавен пат и други површини во согласност со ДУП;
- изградба на атмосферска и канализациона мрежа;
- изградба на топловодна мрежа/приклучоци;
- изградба на јавно осветлување;
- изградба на јавно зеленило.

**б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:**

- изградба на водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на топлификациона мрежа до и со последната шахта.

Целосното опремување на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни претпоставки, технички услови и материјални средства.

## IV. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ –ФА0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| ФА | Пот ставка | Видови расходи | Планирано |
|---|---|---|---|
| **ФА0** | | **Уредување на градежно земјиште (капитални расходи)** | **65.500.000,00** |
| | **482110** | **Подготвување проекти за изградба на комунална инфраструктура** | **5.000.000,00** |
| | | Изработка на проектна документација и ревизија на проектна документација: водовод, фекална, атмосферска, топлификациона, ел. приклучок, нн. ел. мрежа, геодетски елаборати, елаборати за геомеханички истражувања на почва, проектна документација за дислокација на инфраструктурни системи и др. (согласно потпишани договори за комунално уредување на градежно земјиште со правни и со физички лица) | Планирано |
| | | ул. Новопроектирана 5 (водоводна) | 2026 |
| | | крак на ул. Новопроектирана 5 | 2026 |
| | | пристап (крак) од ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | 2026 |
| | | улица 2 - ДУП Централно зеленило река Вардар – Парк 2 | 2026 |
| | | ул. Благоја Деспотовски Шовељ | 2026 |
| | | ул. Ленинова - дел од бул.М.Т.Гологанов до бул.М.Х.Јасмин | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 1 - зад Нова Македонија | 2026 |
| | | ул. Тетовска (крак) | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 1 - крак на ул. Јордан Мијалков | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 4 - крак на ул. Јордан Мијалков | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 2 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 3 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 5 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | 2026 |
| | | крак на ул. Елисие Поповски Марко (пристапна улица) | 2026 |
| | | ул.Анте Хаџимитков | 2026 |
| | | ул.Пристапна улица - ДУП Дебар Маало 2 | 2026 |
| | | ул.Истарска | 2026 |
| | | ул.Адолф Циборовски-треска | 2026 |
| | | ул.Славејко Арсов 4 | 2026 |
| | | ул.Мирче Оровчанец-треска | 2026 |
| | | ул.13ти Јули-треска | 2026 |
| | | ул.Борка Талевски-треска | 2026 |
| | | Новопланирана ул.2,ул.3 и ул.5 сите дел од ул.11ти Октомври | 2026 |
| | | ул.Дебарца – пазар Буњаковец | 2026 |
| | | кај холидеј ин ул.Кеј 13ти Ноември | 2026 |
| | | ул.Костадин Шахов со пасаж | 2026 |
| | | Изработка и ревизија на проектна документација на локации по потреба | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **482120** | **Изградба на улици и патишта** | | **20.000.000,00** |
| | | Изградба и дислокација на комунална инфраструктура (улици, патишта, водоводна, фекална, атмосферска, нн. ел. мрежа и др.) од главна мрежа до урбанистичка парцела (согласно потпишани договори за комунално уредување на градежно земјиште со правни и со физички лица) | | Планирано |
| | | ул. Новопроектирана 5 | L=140 $m^1$ | 2026 |
| | | крак на ул. Новопроектирана 5 | L=55 $m^1$<br>P=270 $m^2$ | 2026 |
| | | пристап (крак) од ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | L=10 $m^1$<br>P=75 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Благоја Деспотовски Шовељ | L=148 $m^1$<br>P=1.000 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Ленинова - дел од бул. М.Т.Гологанов до бул. М.Х.Јасмин | L=150 $m^1$<br>P=1.800 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 1 - зад Нова Македонија | L=80 $m^1$<br>P=500 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Антоние Грубишиќ и ул. Отон Жупанчиќ | / | 2026 |
| | | ул. Тетовска (крак) | / | 2026 |
| | | крак на ул. Македонија (ул. Пушкинова) | / | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 1 - крак на ул. Јордан Мијалков | / | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 4 - крак на ул. Јордан Мијалков | / | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 2 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | / | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 3 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | / | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 5 - крак на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | / | 2026 |
| | | крак на ул. Антон Панов (пристапна улица) | / | 2026 |
| | | крак на ул. Елисие Поповски Марко (пристапна улица) | / | 2026 |
| | | Изградба на пристапен пат помеѓу ул.364 и ул.Самоилова | / | 2026 |
| | | ул. Пристапна улица - ДУП Дебар Маало 2 | / | 2026 |
| | | ул.Анте Хаџимитков | / | 2026 |
| | | ул.Истарска | / | 2026 |
| | | ул.Адолф Циборовски-треска | / | 2026 |
| | | ул.Мирче Оровчанец-треска | / | 2026 |
| | | ул.Славејко Арсов 4 | / | 2026 |
| | | ул.Мирче Оровчанец-треска | / | 2026 |
| | | ул.13ти Јули-треска | / | 2026 |
| | | ул.Борка Талевски-треска | / | 2026 |
| | | Новопланирана ул.2,ул.3 и ул.5 сите дел од ул.11ти Октомври | / | 2026 |
| | | ул.Дебарца – пазар Буњаковец | / | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Улици кај холидеј ин:<br>ул.1, ул.2 и ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 |
| | | ул.Костадин Шахов со пасаж | / | 2026 |
| | | Изградба на комунална инфраструктура до објекти на локации по потреба | / | 2026 |
| | **482130** | **Реконструкција на улици и патишта** | | **15.000.000,00** |
| | | ул.Светозар Марковиќ | L=170 $m^1$<br>P=1.190 $m^2$ | 2026 |
| | | ул.20ти Октомври | / | 2026 |
| | | ул.Борка Талевски | / | 2026 |
| | | Крак на ул.Наум Наумовски Борче | / | 2026 |
| | | ул.Преспанска | / | 2026 |
| | | ул.Раде Јовчевски Корчагин | / | 2026 |
| | | ул.Маџир Маало | / | 2026 |
| | | Локалитет Крњево<br>ул.1(164), ул2.(ул.166), ул.3(ул164) | / | 2026 |
| | | - Реконструкција на улици по потреба | / | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба на комунална инфраструктура** | | **500.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба на комунална инфраструктура | | 2026 |
| | **485420** | **Надоместок за одземен имот (експропријација)** | | **25.000.000,00** |
| | | Надоместок за одземен имот - експропријација на територија на Општина Центар | | Планирано |
| | | ул. Новопланирана 2 крак на ул. Васил Ѓоргов | P=1.026 $m^2$ | 2026 |
| | | ул.Славејко Арсов 4 | P=1.010 $m^2$ | 2026 |
| | | паркинг и пристап до паркинг на ул. Рајко Жинзифов и ул. К.К.Платник | P=50 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 2 - Мало Курило | P=200 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Пристапна улица - ДУП Дебар Маало 2 | P=19 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 1 - крак на ул. Јордан Мијалков | P=320 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 2 - крак на ул. Мирослав Крлежа | P=720 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. 4а - крак на ул. Караорман | P=100 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Периша Савелиќ бр.15 | P=107 $m^2$ | 2026 |
| | | дел на паркинг зад Дилајла | P=213 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Тетовска (крак) | P=50 $m^2$ | 2026 |
| | | дел од ул. Банско | P=1.474 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Христо Чернопеев | P=34 $m^2$ | 2026 |
| | | КП 12217 КО Центар 1 ДУП Пресвета Богородица | P=155 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Елисие Поповски | / | 2026 |
| | | ул. Блаже Тодоровски | / | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ул. Светозар Марковиќ | / | 2026 |
| | | ул. Благоја Деспотовски Шовељ | / | 2026 |
| | | ул. Ленинова - дел од бул. М.Т.Гологанов до бул. М.Х.Јасмин | / | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 1 - зад Нова Македонија | / | 2026 |
| | | крак на ул. Антон Панов (пристапна улица) | / | 2026 |
| | | ул.Анте Хаџимитков | / | 2026 |
| | | крак на ул. Елисие Поповски (пристапна улица) | / | 2026 |
| | | КП 2606/3 и КП 2606/2 КО Центар 2 ДУП Градска четврт Ј06 дел локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче 2 | / | 2026 |
| | | Парк Треска Д1 - објекти на КП согласно детален план | / | 2026 |
| | | ул. Новопроектирана 2 – помеѓу Рамсторе и НЛБ Банка | / | 2026 |
| | | Локалитет Крњево<br>ул.1(164), ул2.(ул.166), ул.3(ул164) | / | 2026 |
| | | ул.Славејко Арсов КП2005 | / | 2026 |
| | | Пристап до парцела согласно дуп - КП 2443 ул.Христо Чернопеев бр.16 | / | 2026 |
| | | Плоштад со фонтана во Холидеј Ин | / | 2026 |
| | | ул.Мирче Оровчанец-треска | / | 2026 |
| | | ул.13ти Јули-треска | / | 2026 |
| | | ул.Борка Талевски-треска | / | 2026 |
| | | Новопланирана ул.2,ул.3 и ул.5 сите дел од ул.11ти Октомври | / | 2026 |
| | - | експропријација на локации по потреба | | 2026 |

## V. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата зависи од создадените правни и технички услови, како и од приливот на средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од надоместокот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти.

## VI. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за уредување на градежно земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за расчистување и опремување.

**а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат**: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и за изградба на објекти од основната и од секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и за погодноста -бонитетот на локалитетот (комплекс), каде што се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

**б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат**: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и за изградба на објекти од основната и од секундарната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

**в) Трошоците за расчистување и опремување опфаќаат**: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежното земјиште и за преместување на постојните објекти од комуналната инфраструктура.

**в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретна градежна парцела** што паѓаат на товар на градот или на општините ги опфаќаат:

- износот на надоместокот даден како предлог-надоместок во постапката за експропријација на објекти според пазарната вредност на становите или на деловниот простор во најблиската околина до експроприраните објекти или објектите што се експроприраат намалена за износот:
    - на вложените средства во објектите за комунална инфраструктура (водоводна, фекална, топлификациона, нисконапонска електрична, ТТ-инсталација, лифт и засолниште) што не се изведени во експроприраниот објект,
    - на надоместокот за уредување на градежно земјиште што не е платен за објектите што се експроприраат, а се изградени по 1.1.1966 година,
    - на степенот на амортизација на објектот;
- износот на надоместокот даден како предлог-надоместок во постапката за експропријација на објекти што заради својата природа не се во промет и за кои не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови), според пазарната вредност на материјалот и работната рака потребна за изградба на тие објекти, намалена за износ на амортизација;
- трошоците за селидба на сопствениците и уривањето наекспроприраните објекти, според тековни цени;
- износот на надоместокот даден како предлог-надоместок за земјиште што треба да се одземе и тоа 22 % од основните комуналии за земјиштето;
- износот на надоместокот даден како предлог-надоместок за насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето што се одзема, врз основа на елементите со чија помош, според обичаите на пазарот, се утврдува нивната пазарна цена, ако не влегле во пазарната вредност на земјиштето.

**в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште**, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

Трошоците за преместување на постојните објекти од комунална инфраструктура се пресметуваат со претпоставени количини според приложениот проект за изведување објекти од комунална инфраструктура.

Трошоците за преместување на постојните објекти од комунална инфраструктура, за делот во границите на градежната парцела, се на товар на корисникот во износ од 50% од направените трошоци. Другите трошоците од 50 % се на товар на Општина Центар-Скопје (40 %) и Град Скопје (60 %) од комуналната инфраструктура, што е регулирано со договорот меѓу корисникот, Општина Центар-Скопје и Град Скопје.

Изградените објекти од комунална инфраструктура што остануваат во границите на градежната парцела на корисникот или под објектите што се градат мора да бидат заштитени. Пред да започне со изградба на објектот на својата градежна парцела, корисникот е должен да достави техничка документација од соодветна комунална организација и да побара писмена согласност од соодветните јавни претпријатија на Град Скопје и за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите се на товар на корисникот.

Корисникот е должен да обезбеди и да достави хидротехнички услови и енергетска согласност за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка. За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот се регулира со анекс-договор и се пресметува по цени што важат во моментот на склучување на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежно земјиште, ако комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, тогаш тоа и корисникот се должни да ги намират трошоците за нејзино проектирање и изградба. Комуналното претпријатие, односно акционерското друштво и корисникот се должни да ѝ ги надоместат на Општина Центар-Скопје претходно направените трошоци.

## VII. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

### Надоместок

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште (во натамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежно земјиште што корисникот го склучува со Општина Центар-Скопје и со Град Скопје за инфраструктура во соднос 40 %-60 %.
Договорите од претходниот став се склучуваат во писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основата со состојба на 1.1.2015 година изразена во денари/$м^2$ нето-изградена површина и месечно се усогласува со промената на индексот на порастот на цените на мало. За месеците за кои не е објавен индексот со промената на цената на мало се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа најмногу до дванаесет (12) месечни рати за сите физички и правни лица. Првата рата во висина од 30 % од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до единаесет (11) еднакви месечни рати инвеститорот е должен да достави банкарска гаранција до Секторот за финансии или да склучи договор со извршна клаузула кај овластен нотар.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Град Скопје и за Општина Центар-Скопје и таа претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

**1. Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основата.

**2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основа, и тоа за:

• Водоводна мрежа -------------------------------------------- 1,50%
• Фекална канализациона мрежа ----------------------------1,50%
• Топлификациона мрежа ------------------------------------3,20%

Ако во основниот договор е пресметан и надоместокот за нисконапонска електрична мрежа, при склучувањето анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок се пресметува во висина од 2,30 % од утврдената основа, на денот на неговото склучување.

Ако во основниот договор се пресметани и надоместоците за ТТ-мрежа и за нисконапонска електрична мрежа, при склучувањето анекс-договор за разликата на површината на објектот, овој надоместок се пресметува во висина од 1 % од утврдената основа, на денот на неговото склучување.

**3. Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што корисникот е должен да им ги надомести на Град Скопје и на Општина Центар-Скопје за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од Град Скопје и Општина Центар-Скопје, опфаќаат:
•надоместок за одземено земјиште и за експроприрана или национализирана недвижност, што е исплатен;
•трошоци за селидба, уривање на експроприраните и национализираните објекти, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
•дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела што не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоците за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековно одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**Распределба**

Надоместокот се распределува во следниов сооднос:
-60 % за Град Скопје за изградба на инфраструктура
-40 % за Општина Центар-Скопје за изградба на инфраструктура

## VIII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:
-приходи од надоместок,
-средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
-самопридонеси,
-средства акумулирани од поранешни вложувања и
-други средства
што се уплатуваат на сметка на Град Скопје и на Општина Центар-Скопје за уредување на градежно земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредување на градежно земјиште се распоредуваат 60% на Град Скопје и 40% на Општина Центар-Скопје за инфраструктура за една градежна парцела.

Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде што се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, ако корисникот инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, во согласност со

заверената техничка документација за градење инфраструктурни објекти со свои средства, должен е на Град Скопје и на Општина Центар-Скопје да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33 % од надоместокот определен во глава

„ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА“, точки 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на идните корисници на земјиштето на инфраструктурните мрежи без да му платат надоместок за инфраструктурната мрежа што ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или од овластени субјекти и да ја предаде на Град Скопје и на Општина Центар-Скопје без надоместок.

•Трошоците за опремување и за изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, кои корисникот ги извел или ги изведува самоиницијативно без учество на Град Скопје и на Општина Центар-Скопје, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување објекти од комунална инфраструктура од локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде што биле бесправно изградени објекти, а тие се вклопуваат со донесувањето на нови детални урбанистички планови.

•За овие локалитети мора да има и исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган, изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и од други овластени субјекти. Притоа се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

•Оваа изградена инфраструктурна мрежа им се предава на Град Скопје и на Општина Центар-Скопје, со што се овозможува приклучување на нови корисници што надоместокот им го плаќаат на Град Скопје и на Општина Центар-Скопје.

•Во изградбата на инфраструктурни објекти и мрежи, каде што наплатениот надоместок не е доволен за локалитети каде што не е изградена инфраструктурна мрежа, Град Скопје и Општина Центар-Скопје договорно го решаваат конечното затворање на финансиската конструкција за пуштање на објектите во употреба.

•Град Скопје и Општина Центар-Скопје со акт им ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите што стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги одржуваат.

•При регулирањето на надоместокот корисникот е должен целосно да го намири надоместокот за индивидуална потрошувачка, за приклучување на изградена инфраструктура по формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (ако не докаже со документација дека тој го регулирал).

•Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и на атмосферска канализациона мрежа да се регулираат договорно меѓу ЈП „Водовод и канализација“ и корисникот за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела од корисникот до приклучното место на уличните

инфраструктурни мрежи наведени во хидротехничките услови издадени од ЈП „Водовод и канализација“. Корисникот може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од ЈП „Водовод и канализација“.

•Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, на електрична енергија и топловодно греење се врши по исполнувањето на договорните обврски од корисникот и од Град Скопје и од Општина Центар-Скопје.

•Ако корисникот се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка без согласност од Град Скопје и од Општина Центар-Скопје, Град Скопје и Општина Центар-Скопје нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорното регулирање на обврските меѓу Град Скопје и на Општина Центар-Скопје и корисникот.

•Корисникот е должен да овозможи Комисијата од Општина Центар-Скопје да ја утврди дефинитивно изградената површина во согласност со договорот за надоместокот за уредување на градежното земјиште. За дефинитивно утврдена површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ -ФА

Потпрограмата ФА-ФА0 вкупните расходи се планираат во износ од **65.500.000,00** денари што се состои од:
ФА0 Уредување на градежно земјиште - (капитални трошоци), вкупните планирани расходи изнесуваат 65.500.000,00 денари се финансира од надоместокот за уредување на градежно земјиште.
Средствата од оваа потпрограма се наменети за опремување на градежното земјиште до градежните парцели, односно за исполнување на договорните обврски кон корисниците на градежно земјиште.

Овие обврски се однесуваат на:

- Подготовка и изработка на проекти за изградба на комунална инфраструктура, коловоз, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, паркиралишта и др.
- Изградба на сервисни и станбени улици каде има приклучок од главна мрежа до урбанистичка парцела што се финансираат 100% од Општина Центар-Скопје.
- Подготвување и изготвување на проекти за приклучок од главна мрежа до урбанистичка парцела.

Во делот на:

**482 110 - Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на улици и патишта**

Изработка на проекти и ревизија на проекти, вклучувајќи дизајн на улици и патишта - изработка на проекти од комунална инфраструктура што се финансираат 100% од Општина Центар-Скопје, предвидени се средства во износ од 5.000.000,00 денари прикажани во табеларниот приказ.
Во овој дел предвидени се изработка на проекти за комунална инфраструктура и ревизија на истите на територија на Општина Центар.

**482 120 – Изградба на улици и патишта**

Изградба на сервисни и на станбени улици, предвидени се средства во износ од 20.000.000,00 денари прикажани во табеларниот приказ.

Во делот на Изградба на улици и патишта од главна мрежа до урбанистичка парцела (Обврска на Општината од потпишани договори за комунално уредување на градежно земјиште со правни и со физички лица), предвидено е изградба на приклучоци.

**482 130 – Реконструкција на улици и патишта**

Реконструкција на сервисни и на станбени улици, предвидени се средства во износ од 15.000.000,00 денари прикажани во табеларниот приказ.

**482 940 - Надзор над изградба на комунална инфраструктура**

Во делот на надзор над изградба на комунална инфраструктура, предвидени се средства во износ од 500.000,00 денари за Стручен надзор над изградба на комунална инфраструктура.

**485 420 – Надомест за одземен имот**

Предвидени се средства за експропријација за изградба на инфраструктура, во износ од 25.000.000,00 денари.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во програмата за уредување на градежно земјиште – ФА0 подетално е даден начинот на распределба на средствата за поодделни ставки.

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за уредување на градежно земјиште,комунални работи и заштита на животната средина.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол кои се финансираат од оваа програма.

-Сектор за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/16<br>24.12.2025 година<br>С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>Претседавач<br>Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за комунални дејности**
**на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програма за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/19
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 15 став 4 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

## ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

I. J00 - Одржување на урбана опрема
II. JH0 - Урбана опрема (капитални расходи)
III. J30 - Јавно осветлување
IV. JA0 - Изградба и реконструкција на Јавно Осветлување
V. J40 - Јавна чистота
VI. J60 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот
VII. J70 - Одржување и користење на паркови и зеленило
VIII. JM0 - Паркови и зеленило (капитални расходи)
IX. J80 - Други комунални услуги
X. J90 - Субвенции за јавни комунални претпријатија
XI. JД0 - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици
XII. ЛA0 - Спорт и рекреација (капитални расходи)
XIII. ГД0 - Проекти за енергетска ефикасност

## ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Со оваа Програма се уредуваат:

I. Извори за финансирање на Програмата
II. Пресметување на трошоците за комунални дејности
III. Преодни и завршни одредби

## I. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за комунални дејности за 2026 година се финансира од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година, со приливи од: надоместок за уредување на градежно земјиште, комунална такса за улично осветлување, надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, трансфери од владини институции - Агенција за државни патишта.

# II. ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Според намената и по поединечни видови, елементи за комунални дејности на Општина Центар-Скопје се:

## Ј00 - Одржување на урбана опрема

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | **Ј00** | **Одржување на урбана опрема** | **5.000.000,00** |
| | **424390** | **Одржување на други градби** | **5.000.000,00** |
| | | **Одржување на урбана опрема:** клупи, канти, огради, жардиниери, заштитни огради, метални и бетонски столпчиња, метални обрачи, решетки, чешми и фонтани и др. | 2026 |

## ЈН0 - Урбана опрема (капитални расходи)

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | **ЈН0** | **Урбана опрема** | **5.250.000,00** |
| | **482920** | **Изградба на други објекти** | **5.000.000,00** |
| | | **Набавка (изградба) на урбана опрема**: клупи, канти, чешми и фонтани, заштитни огради, метални и бетонски столпчиња, паркинг за велосипеди, жардиниери, летниковци, заштитни огради за дрвја, маси со обележани полиња за шах, ламелирани табли за детски и за спортски игралишта, реквизити за детски игралишта, подни заштитни решетки за дрвја, алуминиумски, гусани, PVC, седала од дрвени елементи, гумени подови за детски игралишта, чешми и фонтани и др. | 2026 |
| | - | Попис на урбана опрема на територија на Општина Центар | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба** | **250.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба на урбана опрема | 2026 |

## Ј30 - Јавно осветлување

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | **Ј30** | **Јавно осветлување** | **32.000.000,00** |
| | **421110** | **Електрична енергија** | **19.000.000,00** |
| | | Потрошена електрична енергија за улично осветлување и потрошена ел. енергија за Општина Центар | 2026 |
| | **424390** | **Одржување на други градби** | **9.000.000,00** |
| | | Одржување на јавното осветлување на територија на Општина Центар-Скопје | 2026 |
| | **426990** | **Новогодишно украсување** | **4.000.000,00** |
| | | Новогодишно украсување на територија на Општина Центар | 2026 |

## ЈА0 – Реконструкција на Јавно осветлување

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | | Планирано |
|---|---|---|---|---|
| | **ЈА0** | **Реконструкција на Јавно осветлување** | | **2.500.000,00** |
| | **482910** | **Проекти за Ниско напонска ел. мрежа и улично осветлување** | | **450.000,00** |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за нисконапонска електрична мрежа и улично осветлување на локации** | | **Планирано** |
| | | ул.402 од ул.Славко Јанвески покрај Поликлиника на МВР до ул.Славе Георгиевски Шнајдер | L=130,00м' | 2026 |
| | | Сквер Јадран:<br>ул.Никола Кљусев<br>ул.Н.Н.Борче | L=190,00м'<br>L=70,00м' | 2026 |
| | | ул.Ацо Караманов од бр.12 кај ТС нагоре по кривината од двете страни | L=500,00м' | 2026 |
| | **482930** | **Реконструкција на електрична мрежа и улично осветлување** | | **2.000.000,00** |
| | | ул.Козара од ул.Васил Ѓоргов до ул.Шарски Одреди | L=105,00м' | 2026 |
| | | ул.Бел Камен од ул.Васил Ѓоргов до ул.Водњанска | L=750,00м' | 2026 |
| | | ул.402 од ул.Славко Јанвески покрај Поликлиника на МВР до ул.Славе Георгиевски Шнајдер | L=130,00м' | 2026 |
| | | Сквер Јадран:<br>ул.Никола Кљусев<br>ул.Н.Н.Борче | L=190,00м'<br>L=70,00м' | 2026 |
| | | ул. Ј.Ј.Свештарот од ул.Славко Јанвески до главниот влез од Средно Раде Јовечевски Корчагин | L=80,00м' | 2026 |
| | | ул.Љубе Здравковски Орлов | L=100,00м' | 2026 |
| | | ул.Адам Мицкиевиќ | L=135,00м' | 2026 |
| | | ул.Ацо Караманов од бр.12 кај ТС нагоре по кривината од двете страни | L=500,00м' | 2026 |
| | | ул. 27 март | L=40.00м' | 2026 |
| | | ул. Тодор Александров-краци(од ул. 6 до ул. 12) | L=330.00 м' | 2026 |
| | - | Ел. Приклучок и дислокација на ел.мрежи на локации (по потреба) | | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба и реконструкција на електрична мрежа и улично осветлување на територија на Општина Центар-Скопје** | | **50.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба и реконструкција на електрична мрежа и улично осветлување | | 2026 |

## Ј40 - Јавна чистота

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | **Ј40** | **Јавна чистота** | **50.200.000,00** |
| | **423310** | **Униформи** | **400.000,00** |
| | | Набавка на униформи за работниците за одржување на хигиената | 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **423320** | **Обувки** | **200.000,00** |
| | | Набавка на обувки за работниците за одржување на хигиената | 2026 |
| | **423810** | **Ситен инвентар** | **600.000,00** |
| | | Рачен и градинарски алат за работниците за одржување на хигиената: алати, лопати, метли, канти за отпадоци, потрошен материјал, четкици за метларките и др. | 2026 |
| | **426990** | **Други оперативни расходи** | **1.000.000,00** |
| | | Депонирање на комунален отпад до депонија | 2026 |
| | **464990** | **Други трансфери** | **48.000.000,00** |
| | | Трансфери до ЈП ПОЦ | 2026 |

## Ј60 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот

| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **Ј60** | **Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот** | **25.000.000,00** |
| | **424320** | **Одржување на улици и на патишта** | **25.000.000,00** |
| | | **Одржување на улици и на патишта на територија на Општина Центар-Скопје** | **Планирано** |
| | | Реконструкција и санација на ударни дупки и реконструкција на јавни површини изработени од асфалт | 2026 |
| | | Чистење снег и мраз од коловозот во зимски услови на подрачјето на Општина Центар-Скопје | 2026 |

## Ј70 - Одржување и користење на паркови и на зеленило

| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **Ј70** | **Одржување и користење на паркови и на зеленило** | **4.600.000,00** |
| | **424390** | **Одржување на други градби** | **4.000.000,00** |
| | - | Одржување на парковите, јавните зелени површини и на системите за полевање на територија на Општина Центар-Скопје | 2026 |
| | - | Замена на исушените садници и на блоковското зеленило, по потреба | 2026 |
| | - | Изработка на стратегија за одржување и развој на целото зелнило | 2026 |
| | **425970** | **Консултантски услуги** | **600.000,00** |
| | | Консултантски услуги за стратегија за одржување на зеленило | 2026 |

## ЈМ0 - Паркови и зеленило (капитални расходи)

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | **ЈМ0** | **Паркови и зеленило** | **15.000.000,00** |
| | **482930** | **Реконструкција на други објекти** | **14.600.000,00** |
| | | **Реконструкција на зелените површини и на блоковското зеленило** | **Планирано** |
| | | ул. Орце Николов | 2026 |
| | | Парк на кружен тек, ул. Н.Н.Борче | 2026 |
| | | Парк „Вера Јоциќ", на потег од Влада на Република Северна Македонија до кеј на река Вардар | 2026 |
| | | Сквер Јадран, ул. Никола Вапцаров | 2026 |
| | | Зелени површини на потег од Зелен пазар до бул. Мито Хаџивасилев Јасмин, зад АвтоМакедонија | 2026 |
| | | ул. Ацо Караманов бр. 2, пред објектот на градинката „Кочо Рацин", Водно | 2026 |
| | | зад Билна аптека до ООУ „Димитар Миладинов" кон Јужен булевар | 2026 |
| | | Зелени површини во Дебар Маало, на потег од ул. Рузвелтова кон ул. Ѓорѓи Пулевски | 2026 |
| | | Парк на франкофонија (парк Опатија) | 2026 |
| | | помеѓу ул. Народен фронт и ул. Васил Ѓоргов околу Зебра во Капиштец | 2026 |
| | | Парк Капиштец | 2026 |
| | | Парк Холидеј ИН | 2026 |
| | | Парк Треска | 2026 |
| | | Парк на новинарите, спроти НИП Нова Македонија | 2026 |
| | | Урбан парк на ул. Железничка | 2026 |
| | | Жардињери на ул. Даме Груев | 2026 |
| | | Реконструкција на зелените површини во основните училишта и во детските градинки | 2026 |
| | | Реконструкција на зелените површини по потреба | 2026 |
| | **-** | **Изградба на паркови за миленици** | **Планирано** |
| | | Изградба на паркови за миленици | 2026 |
| | **482940** | **Надзор на изградба** | **400.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградбата и реконструкцијата на зелените површини и на блоковското зеленило | 2026 |

## Ј80 - Други комунални услуги

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | **Ј80** | **Други комунални услуги** | **500.000,00** |
| | **424230** | **Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територија на Општина Центар-Скопје** | **500.000,00** |
| | | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територија на Општина Центар-Скопје и во основните училишта и во детските градинки | 2026 |

## Ј90 - Субвенции за јавни комунални претпријатија

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | **Ј90** | **Одржување на простори за паркирање Субвенции за јавни претпријатија** | **10.000.000,00** |
| | **461130** | **Субвенции за јавни комунални претпријатија** | **10.000.000,00** |
| | | Субвенции за јавно комунално претпријатие ЈП ПОЦ -Скопје | 2026 |

## ЈД0 - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

| Ј | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | | Планирано |
|---|---|---|---|---|
| | **ЈД0** | **Реконструкција на патишта и улици** | | **43.500.000,00** |
| | **482110** | **Подготвување проекти, вклучително дизајн на улици и патишта** | | **3.000.000,00** |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за водоводна мрежа** | | **Планирано** |
| | | спој на ул. Ацо Караманов со ул. Партение Зографски | L=100,00 м' | 2026 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=170,00 м' | 2026 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=400,00 м' | 2026 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул.Никола Карев | L=110,00 м' | 2026 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00 м' | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за водоводна мрежа | / | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за фекална мрежа** | | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2026 |
| | | крак на ул.Тодор Александров (Салвадор Аљенде) | L=150,00 м' | 2026 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=400,00 м' | 2026 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=220,00 м' | 2026 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | L=110,00 м' | 2026 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00м' | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 |
| | | ул. Борка Талевски | / | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за фекална мрежа по потреба | / | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Проекти и ревизија на проекти за атмосферска мрежа** | | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2026 |
| | | крак на ул. Тодор Александров (Салвадор Аљенде) | L=150,00 м' | 2026 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=500,00 м' | 2026 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=220,00 м' | 2026 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | L=110,00 м' | 2026 |
| | | ул. Периша Савелиќ дел 2 - од ул. Тодор Александров | L=200,00 м' | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 2 - крак на ул. Мирослав Крлежа | L=112,00 м' | 2026 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00 м' | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 |
| | | ул. Борка Талевски | / | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за атмосферска мрежа по потреба | / | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за коловоз** | | **Планирано** |
| | | ул. Димитар Беровски - од ул. Партение Зографски до ул. Црниче | P=1.500 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | P=4.300 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | P=1.250 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | P=980 $m^2$ | 2026 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | P=600 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Периша Савелиќ дел 2 - од ул. Тодор Александров | P=1.200 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Новопланирана 2 - крак на ул. Мирослав Крлежа | P=720 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Црниче 1 | P=1.500 $m^2$ | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 |
| | | ул. Борка Талевски | / | 2026 |
| | | Ул.Банско (со О.Кисела Вода меѓуопштинска) | / | 2026 |
| | | Ул.Партение Зографски | / | 2026 |
| | | Ул.Атанас Каратошо | / | 2026 |
| | | Ул.Алберт Швајцер | / | 2026 |
| | | Ул.487 Дебар Маало | / | 2026 |
| | | Ул.Димитар Беровски | / | 2026 |
| | | Ул.Востраничка | / | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ул.Ленинова (од бул.Партизански Одреди до Градски Парк) | / | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за коловоз по потреба | / | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки, архитектонски бариери и огради и партерно уредување** | | **Планирано** |
| | | Проект за партерно уредување на Парк на франкофонијата (парк Опатија) | P=1.500 $m^2$ | 2026 |
| | | Проект за партерно уредување помеѓу ул. Народен фронт и ул. Васил Ѓоргов околу Зебра во Капиштец | P=1.000 $m^2$ | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 3 P=1.500 $m^2$ и блок 6 P=1.000 $m^2$ | P=2.500 $m^2$ | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 2 P=1.760 $m^2$ и блок 7 P=1.150 $m^2$ | P=2.910 $m^2$ | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 1 P=1.600$m^2$ и блок 8 P=1.150 $m^2$ | P=2.750 $m^2$ | 2026 |
| | | Пешачка патека помеѓу ул. Славејко Арсов и ул. Салвадор Аљенде | P=210 $m^2$ | 2026 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 4 | / | 2026 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 3 | / | 2026 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 2 | / | 2026 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 1 (зелено пазарче) | / | 2026 |
| | | Реконструкција (санација) на пешачка улица - скали (ул. Загрепска 7 и ул. Караорман) | / | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на ул.Мајаковски-детско игралиште | / | 2026 |
| | | Преодни јавни површини - зони за социјална интеракција на територија на Општина Центар | / | 2026 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки, архитектонски бариери и огради и партерно уредување по потреба | / | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Проекти и ревизија на проекти за сообраќајни планови, сообраќајни проекти, проекти за режим на сообраќај и проекти за обележување** | | **Планирано** |
| | | Сообраќајни проекти за траен режим на сообраќај за паркинзи на јавни површини | / | 2026 |
| | | Изработка на проекти за смирување на сообраќај на одредени улици и локалитети | / | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи** | | **Планирано** |
| | | Проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи за лица со попреченост | | 2026 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за зони за миленици** | | **Планирано** |
| | | Проекти и ревизија на проекти за зони за миленици | | 2026 |
| | | **Геодетски елаборати** | | **Планирано** |
| | | Геодетски елаборати, по потреба | | 2026 |
| | | **Хидротехнички услови** | | **Планирано** |
| | | Хидротехнички услови, по потреба | | 2026 |
| | | **Елаборат за геомеханички истражувања на површината** | | **Планирано** |
| | | Елаборати за геомеханички истражувања на површината, по потреба | | 2026 |
| | | **Проектна документација за дислокација на инфраструктурни системи** | | **Планирано** |
| | | Проектна документација за дислокација на инфраструктурни системи, по потреба | | 2026 |
| | | **Проектна документација за изработка на елаборати за заштита на животна средина** | | **Планирано** |
| | | Проектна документација за изработка на елаборати за заштита на животна средина за изградба и реконструкција на сервисни улици | | 2026 |
| | **482130** | **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА** | | **40.000.000,00** |
| | | **Реконструкција на водоводна мрежа** | | **Планирано** |
| | | ул. Вардарска | L=400,00 м' | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |
| | | Реконструкција на водоводна мрежа на локации по потреба | / | 2026 |
| | | **Реконструкција на фекална мрежа** | | **Планирано** |
| | | ул. Вардарска | L=400,00 м' | 2026 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2026 |
| | | крак на ул. Тодор Александров | L=85,00 м' | 2026 |
| | | ул. Донбас и дел од ул. Андон Дуков и ул. Алберт Анштајн | L=150,00 м' | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 |
| | | Реконструкција на фекална мрежа на локации по потреба | | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Реконструкција на атмосферска мрежа** | | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2026 |
| | | крак на ул. Тодор Александров | L=85,00 м' | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 |
| | | ул.171- Крњево | / | 2026 |
| | | Реконструкција на атмосферска мрежа на локации по потреба | / | 2026 |
| | | **Санација на инфраструктурни системи (водоводна, хидрантска, атмосферска и фекална канализација) на локации, по потреба** | | **Планирано** |
| | | Санација на одводен канал за атмосферска канализација на ул. Страшо Пинџур бр.7 | | 2026 |
| | | Поставување-изградба на атмосферска канализација или изградба на одводен канал од ул.Загребска 7 до ул.Караорман | | 2026 |
| | | Санација на инфраструктурни системи по потреба | | 2026 |
| | | **Реконструкција на коловоз** | | **Планирано** |
| | | ул. Вардарска | P=4.300 $m^2$ | 2026 |
| | | крак на ул. 11 Октомври (Пристапна улица кај Билна аптека) | P=1.600 $m^2$ | 2026 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | P=600 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Браќа Кошулчеви | P=200 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Киро Гавриловски | P=1.600 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Димитар Беровски | P=1.500 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Периша Савелиќ - дел 2 | P=1.200 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Елисие Поповски (од ул. Водњанска до ул. Антон Панов) | P=528 $m^2$ | 2026 |
| | | Обиклолница околу Градски стадион (од х. Парк до Работнички) | P=350 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Христо Смирненски | P=160 $m^2$ | 2026 |
| | | крак од ул. Караорман | P=450 $m^2$ | 2026 |
| | | ул. Црвена Вода - од бул. Партизански одреди до ул. Рузвелтова | P=2.500 $m^2$ | 2026 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2026 |
| | | ул.171 - Крњево | / | 2026 |
| | | ул.Ленинова (од бул.Партизански Одреди до Градски Парк) | / | 2026 |
| | | Реконструкција- санација на паркинг кај Мр.Џек | / | 2026 |
| | | Реконструкција на коловоз на локации по потреба | / | 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери и потпорни ѕидови** | | **Планирано** |
| | | Реконструкција на тротоари на ул. Орце Николов - од Бул. ВМРО до ул. Максим Горки | P=2.000 $m^2$ | 2026 |
| | | Санација на коловоз и колско пешачки патеки на ул. Скопска, ул. 27 Март, ул. Н.Н.Борче и ул. 8. Ударна бригада | P= 6.000 $m^2$ | 2026 |
| | | Реконструкција на тротоари во Дебар Маало на улиците:<br>ул. Коле Неделковски P=104 $m^2$<br>ул. Антоние Грубишиќ P=340 $m^2$<br>ул. Наум Наумовски Борче P=436 $m^2$<br>ул. Дебарца P=220 $m^2$ | P=1.100 $m^2$ | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 3 P=1.500 $m^2$ и блок 6 P=1.000 $m^2$ | P=2.500 $m^2$ | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 2 P=1.760 $m^2$ и блок 7 P=1.150 $m^2$ | P=2.910 $m^2$ | 2026 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 1 P=1.600 $m^2$ и блок 8 P=1.150 $m^2$ | P=2.750 $m^2$ | 2026 |
| | | Реконструкција (санација) на пешачка улица - скали<br>(ул. Загрепска 7 и ул. Караорман) | / | 2026 |
| | | Санација и уредување на пролаз во објект позади собрание-градски ѕид ул.Даме Груев бр.3 влез 5 | / | 2026 |
| | | Реконструкција на тротоари по потреба по локации | | 2026 |
| | | Преодни јавни површини - зони за социјална интеракција на територија на Општина Центар, на различни локации | / | 2026 |
| | | Пристапни рампи за лица со попреченост | / | 2026 |
| | | **Санација и реконструкција на тротоари, патеки, јавни површини и површини изработени од завршен слој од префабрикувани елементи на локации, по потреба** | | **Планирано** |
| | | Санација на потпорен ѕид на ул.Периша Савелиќ | | 2026 |
| | | Ослободување на дрвја (од асфалт, бехатон итн.) | | 2026 |
| | | Санација на тротоари по потреба | | |
| | | **Сообраќајна опрема** | | **Планирано** |
| | | Сообраќајна опрема:<br>катадиоптри, вештачки издадености, пешачка ограда и др. | | 2026 |
| | | **Сообраќајна сигнализација** | | **Планирано** |
| | | Хоризонтална сообраќајна сигнализација на територија на Општина Центар | | 2026 |
| | | Вертикална сообраќајна сигнализација на територија на Општина Центар | | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура** | | **500.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура | | 2026 |

## ЛА0 - Спорт и рекреација (капитални расходи)

| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **ЛА0** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (капитални трошоци)** | **11.700.000,00** |
| | **482910** | **Подготвување проекти, вклучително дизајн на спортски и на детски игралишта** | **1.200.000,00** |
| | | | |
| | **482930** | **Реконструкција на спортски и на детски игралишта** | **10.000.000,00** |
| | | Реконструкција на спортски и на детски игралишта по потреба | 2026 |
| | | Реконструкција на спортска сала работнички | 2026 |
| | **482940** | **Надзор на изградба** | **500.000,00** |
| | | Стручен надзор над реконструкција на спортски и на детски игралишта | 2026 |

## ГДО - Проекти за енергетска ефикасност

| **Г** | | **Проекти за енергетска ефикасност** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **ГД0** | **Проекти за енергетска ефикасност** | **9.500.000,00** |
| | **464990** | **Субвенции за замена на покриви и поправка на лифтови и за реконструкција на фасади на колективни станбени згради и Трансфер-субвенции на претпријатие за електрична енергија Центар** | **6.000.000,00** |
| | | **Пријавување на заинтересирани заедници на сопственици на станови од подрачјето на Општина Центар за финасиска поддршка за поправка и санација на постојни кровни конструкции, постојни лифтови на станбени згради и за реконструкција на фасади на колективни станбени згради** | **Планирано** |
| | | Субвенционирање за замена на покриви на станбени згради<br>Субвенционирање за поправка на лифтови на станбени згради<br>Субвенционирање за реконструкција на фасади на колективни станбени згради<br>и трансфер - субвенции на претпријатие за електрична енергија Центар | 2026 |

**ТРОШОЦИТЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ИЗНЕСУВААТ:**

I. J00 - Одржување на урбана опрема
5.000.000,00 денари

II. JH0 - Урбана опрема (капитални расходи)
5.250.000,00 денари

III. J30 - Јавно осветлување
32.000.000,00 денари

IV. JA0 - Изградба и реконструкција на Јавно осветлување
2.500.000,00 денари

V. J40 - Јавна чистота
50.200.000,00 денари

VI. J60 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот
25.000.000,00 денари

VII. J70 - Одржување и користење на паркови и зеленило
4.600.000,00 денари

VIII. JM0 - Паркови и зеленило (капитални расходи)
15.000.000,00 денари

IX. J80 - Други комунални услуги
500.000,00 денари

X. J90 - Одржување на простори за паркирање - субвенции за јавни комунални претпријатија
10.000.000,00 денари

XI. ЈД0 - Изградба и реконструкција на локални улици и патишта
43.500.000,00 денари

XII. ЛА0 - Спорт и рекреација (капитални расходи)
11.700.000,00 денари

XIII. ГД0 - Проекти за енергетска ефикасност
9.500.000,00 денари

**ВКУПНО: (I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI,XII) - вкупно буџет = 214.475.000,00 ден.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Потпрограма Ј00 Одржување на урбана опрема предвидува:**

- Одржување и санација на оштетени клупи за седење

Соочени со проблемот на физичко, како и со оштетувања од временските услови, неопходно е поставените клупи константно да се одржуваат, односно да се интервенира и да се изврши санација на даските на клупите, како и на носивната конструкција (ако е потребно).

- Санација и замена на оштетени корпи за смет

Освен тоа што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Центар-Скопје е недоволен, постојните не се користат соодветно затоа што се оштетени и/или се надвор од функција. Санација (таму каде што е можно, замена на елементи за прицврстување) и замена на сад (таму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи во согласност со потребата.

- Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи

Се работи за реконструкција на оградите за заштита на зеленилото, металните столпчиња, оградите во основните училишта и во детските градинки, како и други браварски работи и нивно тековно одржување.

**Потпрограма ЈН0 Урбана опрема предвидува:**

Планирани содржини што се од естетско-урбан карактер, како плоштади, шеталишта, платоа, паркови и друго, потребен е определен обем на нова урбана опрема, односно:

- Набавка и поставување на нови клупи за седење,
- Набавка и поставување на нови корпи за смет,
- Изградба и поставување на нови чешми за пиење вода,
- Изградба и поставување на нови огради,
- Изградба и поставување на нови заштитни столпчиња,
- Изградба и поставување на нови летниковци,
- Изградба и поставување на нови настрешници и др.

Планирано е да се изврши и Попис на урбаната опрема на територија на Општина Центар.

**Потпрограма Ј30 Јавно осветлување предвидува средства за :**

Потрошена електрична енергија - се предвидуваат средства што ќе бидат потрошени за плаќање на сметки за електрична енергија исто така се предвидуваат средства за континуирано (тековно) одржување и поправки на јавното осветлување.

**Потпрограма Ј40 Јавна чистота**

Со цел одржување на јавната чистота на високо ниво, Општина Центар-Скопје секоја година континуирано го продолжува проектот „Чиста и зелена Општина Центар".

Во текот на 2025 година планирани се трошоци за:

Заштитна опрема, облека и обувки,Набавка на алати и метли, телескопски пили, пили за сечење дрвја, тримери, косилки и дувалки,Трансфери до ЈП ПОЦ,Депонирање на комунален отпад до депонија.

**Потпрограма Ј6О Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот предвидува Одржување на улици и патишта и тоа:**
Санација на ударни дупки на коловозот и чистење снег и мраз од коловозот во зимски услови на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**Потпрограма Ј70 Одржување и користење на паркови и на зеленило**
Потпрограмата опфаќа одржување на паркови и на јавни зелени површини со системи за полевање, што се изградени во текот на минатите години, со цел да се овозможи нивна одржливост и да се намали уништувањето во текот на следните години.
По завршување на договорот за изградба и периодот на одржување од изведувачот, парковите и јавните зелени површини спаѓаат во надлежност на Општината. За одржување е потребно редовно косење, кроење на дрвја и грмушки, замена на садници, прихрана со ѓубриво, заштита на садници, како и одржување на изградените системи за полевање, замена на оштетени делови, сервисирање, пролетно пуштање во работа и исклучување во есен.

**Потпрограма ЈМО Паркови и зеленило**
Во текот на 2026 година планирани се активности за хортикултурно уредување на различни јавни површини, како и поставување на автоматски системи за полевање на јавните површини и садниците, со цел да се овозможи трајност и квалитетно одржување на површините во текот на следните години.

**Потпрограмата Ј80** предвидува дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територија на Општина Центар-Скопје и во основните училишта и детските градинки.

**Потпрограмата Ј90** предвидува Субвенции за јавни комунални претпријатија на територија на Општина Центар-Скопје за ЈП Паркинзи на Општина Центар Скопје.

**Потпрограмата ЈД0** предвидува:
- Подготовка и изработка на проекти за изградба на комунална инфраструктура, јавно осветлување, коловоз, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, паркиралишта и др.
- Изградба и Реконструкција на сервисни и станбени улици на територија на Општина Центар-Скопје.

Во делот на:

482 110 - Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на улици и патишта
Во овој дел е предвидено изработка на проекти, вклучувајќи дизајн на улици и патишта - изработка на проекти од комунална инфраструктура на територија на

Општина Центар-Скопје, во овој дел предвидени се изработка на проекти и ревизија на истите за: водоводна, фекална, атмосферска, коловоз, тротоари, пешачки и велосипедски патеки и партерно уредување, сообраќајни планови, сообраќајни проекти (зони на смирен сообраќај во локалитет Буњаковец и локалитет Тасино чешмиче, проекти за режим на сообраќај и проекти за

обележување ,проекти за преодни јавни површини – зони за интеркација на територија на Општина Центар Скопје.

482 130 – Реконструкција на улици и патишта

Во делот на реконструкција на улици и патишта предвидено е реконструкција на: водоводна, фекална, атмосферска, коловоз, тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери, предвидено е и партерно уредување на плочници , хортикултурно уредување, хоризонтална и вертикална сигнализација, преодни јавни површини – зони за интеркација во Општина Центар.

482 940 – Надзор над изградба и реконструкција

Предвидени се средства за стручен надзор над набројаните активности.

**Потпрограмата ЛА0 - Спорт и рекреација (капитални трошоци)** предвидува проекти за спортски и детски игралишта и изградба и реконструкција на детски и на спортски игралишта, прикажани во табеларниот приказ.

**Потпрограмата ГД0** предвидени се средства за субвенционирање за замена на кровови на станбени згради, субвенционирање за поправка на лифтови на станбени згради , сунбвенционирање за реконструкција на фасади на колективни станбени згради (Финансиите се обезбедуваат од 30% од Буџетот на Општина Центар-Скопје и 70% од Заедница на сопственици на станари), и трансфери-субвенција на претријатие за електрична енергија Центар.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол кои се финансираат од оваа програма.

-Сектор за уредување на градежно земјиште,комунални работи и заштита на животната средина

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/18 Совет на Општина Центар-Скопје
24.12.2025 година Претседавач
С к о п ј е Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/21
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

## I. Вовед

Одделението за комунални работи и заштита на животната средина, во рамките на Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина, ја подготвува и ја спроведува Програмата за заштита на животната средина и природата.
Определба на Општина Центар е подобра животна средина за сите граѓани, како и подобри услови за живот во сите урбани заедници, согласно принципите на одржливост.
**Програмата Р** - заштита на животната средина и природата опфаќа спроведување проекти и активности за подигнување на јавната свест за потребата од здрава и чиста животна средина, како и практични мерки и активности, во соработка со здруженија на граѓани, институции и фондации.

## II. Цели на Програмата

Со Програмата за заштита на животната средина Општината овозможува спроведување на еколошката политика согласно европските стандарди и се залага за:

- Почитување на законите и на регулативите што се однесуваат на заштитата на животната средина, заштедата на природните ресурси, намалувањето на отпадот, подобрувањето на квалитетот на воздухот, заштедата на водата за пиење и заштитата на биодиверзитетот.
- Пристап до информации за заштита на животната средина, како и граѓанско учество на девојчињата и момчињата, жените и мажите во процесот на одлучување за прашања од областа заштита на животната средина.
- Размена на информации со различни засегнати страни и вклучување во проекти и активности за заштита на животната средина.
- Едукација на младите за теми од областа заштита на животната средина и одржлив развој.
- Во спроведувањето на горенаведените цели, програмата ќе ги почитува принципите на родовата еднаквост.

## III. Програмски активности

### Консултантски услуги за изработка на документи

#### Изработка на ЛЕАП 3

Стратешко планскиот документ: Локален Акционен план за заштита на животната средина за Општина Центар (ЛЕАП) се изработува за период од 6 години, согласно Законот за животна средина.
Целта е да се согледаат состојбите во сите медиуми на животната средина (вода, воздух, почва, отпад, бучава) и да се направи акционен план за подобрување на аспектите со животната средина. При анализата, ќе бидат земени во предвид реализираните проекти и постигнатите резултати со претходниот документ,ЛЕАП 2 за период од 2019-2025 како и можностите за подобрување на сите аспекти во животната средина. Процесот се одвива согласно Методологијата за изработка на ЛЕАП, со вклучување на различни заинтересирани страни: граѓани, претставници на институции, медиуми и др.
По изработката на финалниот документ ќе следи дизајнирање и принтање на ЛЕАП 3 во печатена и електронска верзија и јавна промоција на завршен настан.

### Програма за енергетска ефикасност

Во согласност со Законот за енергетска ефикасност и со Стратегијата за енергетска ефикасност на Република Северна Македонија и акциониот план за енергетска ефикасност, советот на единиците на локалната самоуправа на предлог на градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика донесува програма за енергетска ефикасност што се однесува на период од три години.
Програмата содржи приказ и оцена на состојбите и на потребите за енергија, индикативни цели за заштеда на енергија на локално ниво, мерки за подобрување и унапредување на енергетската ефикасност и целите што треба да се постигнат со тие мерки, изворите на финансирање на вложувањата што се потребни за спроведување на мерките, активностите и роковите за спроведување на мерките, носителите на активностите и други потребни податоци.

### Примена на Архуската конвенција-Овозможување пристап до информации за животна средина и учество во процес на одлучување за прашања од областа животна средина

Општината спроведува примена на Архуската конвенција на локално ниво, преку овозможување пристап до информации за животната средина, состојбите со загадувањето, мерките за заштита и планирани проекти за ремедијација на земјиште. За сите прашања од областа заштита на животната средина, Општината има обврска да овозможи учество на граѓаните во процесот на одлучување, преку реализирање на барањата од граѓаните, дискусии околу нивните предлози и иницијативи и вклучување во годишната програма за работа.

Планирани се активности во урбаните заедници: средби со граѓаните, анкетирање на јавното мислење и форуми за дискусија.

**Образование и едукација за животната средина и одржливиот развој**
Во рамките на проектите со здруженија на граѓани за заштита на животната средина планирани се серија едукативни работилници за различни теми: управување со отпадот, заштита на воздухот и водата, почвата и биодиверзитетот, како и воведување здрави навики во исхраната и секојдневниот живот, наменети за основните училишта и градинките, како и со урбаните заедници.
Одделението учествува во активности за одбележување на еколошките празници: Ден на пролетта во март, 22 април - Ден на планетата Земја, 5 јуни - Светски ден на животната средина, како и активности на екоодбори.
Родов паритет на обучувачи/обучувачки, родов паритет на учесници/учеснички

**Стимулирање на здрави навики**

**Цел Центар на точак!**
Согласно предвидениот буџет, во текот на 2026 година е планирано продолжување на проектот што успешно се спроведе во текот на минатите десет години, со кој беа исплатени субвенции за купен нов велосипед. Проектот „Цел Центар на точак" има цел субвенција на жителите на Општината за купен нов велосипед од 30% од сумата за платен велосипед, но најмногу до 3.000,00 денари.
Отворена е координативна канцеларија за проектот и подготвена е База на податоци за евидентирање на барањата од граѓаните за субвенција. Во рамките на проектот, во текот на 2025 година планирани се серија активности:
- медиумски настани за промоција на проектот и активностите,
- печатење промотивен материјал и
- одржување настани и манифестации за стимулирање на велосипедизмот како здрава навика за превоз.

Родов паритет на мерката Минимум 30% од субвенциите од велосипедите за помалку застапениот пол
**Е-велосипед**
Со цел да се подобрат условите за користење алтернативни превозни средства и се поголемата популарност на користење електрични велосипеди. Цел на проектот е субвенционирање за купени нови е-велосипеди во вредност од 30% од износот за платени е-велосипеди но најмногу до 3.000,00 денари. Родов паритет на мерката Минимум 30 % од субвенциите од е-велосипедите за помалку застапениот пол.
**Дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди**
Со цел да се стимулираат граѓаните на Општина Центар-Скопје што повеќе да користат велосипеди како превозни средства, планирано е да се спроведе субвенционирање на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди во вредност од 50% од износот, но најмногу до 1.000,00 денари.

## Соработка со институции и организации

Редовна соработка со Секторот за комунални работи и Секторот за животна средина на Град Скопје, како и со ЗЕЛС и со Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување заеднички проекти и теренски активности.
Проекти и активности со Град Скопје и со други општини од градот за спроведување мерки за намалување на загадувањето на воздухот, отпадот и бучавата.
Планирана е соработка со здруженија на граѓани за реализирање партнерски проекти, меѓународни организации и фондации.

| **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА** | | | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| **Р** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА** | | **9.600.000,00** |
| **Р10** | | **Заштита на животната средина и природата-оперативни раходи** | **9.600.000,00** |
| | **426990** | **Други оперативни расходи** | **7.000.000,00** |
| | | **Расходи за преземање мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина** | |
| | | Проект за селекција на отпад, храна, кампања и практична селекција на хартија, пластика, електричен и електронски отпад и др. | 2026 |
| | | Организирање настани и манифестации по повод одбележувањето на еколошките празници со основните училишта (Ден на пролетта, Ден на планетата Земја, Светски ден на екологијата, Европска недела на мобилност) | 2026 |
| | | Спроведување анкета за собирање информации за типовите горива што се користат за загревање на објектите за домување и нивна потрошувачка | 2026 |
| | | Програма за енергетска ефикасност на Општина Центар за период 2025-2027 година | 2026 |
| | | Изработка на ЛЕАП | 2026 |
| | | Расчистување диви депонии, депонии од шут и чистење канали | 2026 |
| | **464990** | **Други трансфери** | **2.400.000,00** |
| | | Субвенционирање велосипеди - проект „Цел Центар на точак“ и субвенции за е-велосипеди - (вклучување жени и ранливи категории граѓани што ќе имаат приоритет да добијат субвенции при објавување јавен повик со претходно подготвени критериуми),<br>Субвенционирање поправка на дополнителна опрема за велосипеди и е-велосипеди во рамките на проект „Цел Центар на точак “ (вклучително жени и ранливи категории граѓани што ќе имаат приоритет да добијат субвенции при објавување јавен повик со претходно подготвени критериуми) | 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување и собирање на бездомни кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку се најдат на јавни површини на подрачјето на Град Скопје | 2026 |
| | **425970** | **Консултантски услуги** | **200.000,00** |
| | | Енергетска контрола на сите општински објекти | 2026 |

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавување во "Службен гласник" на Општина Центар-Скопје.

Бр. 08-6365/20
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за реконструкција и санација на основни училишта и детски градинки на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за реконструкција и санација на основни училишта и детски градинки на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/23
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

## ПРОГРАМА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

**Со оваа Програма се уредуваат:**

I. Изворите за финансирање на Програмата
II. Трошоци за реконструкција и санација на Основни Училишта и Детски Градинки
III. Преодните и завршните одредби

## I. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за реконструкција и санација на Основни Училишта и Детски Градинки за 2026 година се финансира: од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година.

## II. ТРОШОЦИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

-

- **Потпрограма Образование/Основни Училишта (капитални расходи)**

| N | | ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | Планирано |
|---|---|---|---|
| | NA0 | **ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **20.500.000,00** |
| | **481230** | **Реконструкција на основни училишта** | **20.000.000,00** |
| | | Санација на интервентни зафати за градежни работи и инфраструктурна мрежа, по потреба, во сите основни училишта и објекти на Општина Центар на територија на Општина Центар | 2026 |
| | | Испитување на громобранските инсталации во сите основни училишта на територија на Општина Центар | 2026 |
| | | **ООУ „Коле Неделковски“** | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на предниот и на задниот двор | 2026 |
| | | Санација на оградите во дворот | 2026 |
| | | Санација на дел од кровот | 2026 |
| | | Реконструкција на фискултурната сала | 2026 |
| | | Санација на партерот и училишниот двор | 2026 |
| | | Санација и реновирање на подрумските простории | 2026 |
| | | Реконструкција на фасадата на училиштето | 2026 |
| | | **ООУ „Ј.Х.Песталоци“** | |
| | | Замена на фасадната столарија | 2026 |
| | | Реконструкција на тоалетите во анкесот | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2026 |
| | | Санација на заштитните огради во дворот | 2026 |
| | | **ООУ „Кочо Рацин“** | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2026 |
| | | Санирање на оградата | 2026 |
| | | Реконструкција на игралиштето | 2026 |
| | | Молерофарбарски работи | 2026 |
| | | Изградба на потпорен ѕид од задната страна на училиштето | 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Замена на осветлувањето во фискултурната сала | 2026 |
| | | Реновирање на училишната кујна | 2026 |
| | | **ООУ „11 Октомври“** | |
| | | Замена на столарија - врати | 2026 |
| | | Реконструкција на дел од фекалната канализација во дел од училишниот двор | 2026 |
| | | Санација на дел од објектот | 2026 |
| | | Реконструкција на дел од фекалната мреже | 2026 |
| | | Адаптаија на дел од холот во училишна библиотека | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување | 2026 |
| | | Замена на вентилите во топлотната подстаница | 2026 |
| | | Сервисирање на системот за кошеви во салата | 2026 |
| | | Испитување и поправка на громобранската инсталација | |
| | | **ООУ „Св. Кирил и Методиј“** | |
| | | Санација и реконструкција на дел од објектот | 2026 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот | 2026 |
| | | Реконструкција на атмосферската мрежа во дворот | 2026 |
| | | Замена на вратата од службниот влез | 2026 |
| | | Замена и монтажа на циркулациона пумпа | 2026 |
| | | Вградување и подесување на нови затворачки и регулациони вентили | 2026 |
| | | Монтажа на регулатор на притисок за стабилност на системот | 2026 |
| | | **ООУ „Димитар Миладинов“** | |
| | | Санација на дел од фасадата | 2026 |
| | | Набавка и монтажа на лифт за лица со посебни потреби | 2026 |
| | | Санација на хидрантите и на водоводната мрежа (замена на вентили) | 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Санација на трпезаријата и кабинетот по ликовно | 2026 |
| | | Уредување на задниот дел на дворот и на паркинг-просторот | 2026 |
| | | Санација на тоалети | 2026 |
| | | **ООУ „Гоце Делчев“** | |
| | - | Поставување сончеви колектори | 2026 |
| | - | Санација на Платформата над фискултурната сала | 2026 |
| | - | Изработка на настрешница над платформата | 2026 |
| | - | Набавка и монтажа на прочистувачи за воздух | 2026 |
| | - | Асфалтирање на дел од дворот | 2026 |
| | - | Молерофарбарски и градежно занатски работи во 22 училници | 2026 |
| | | | 2026 |
| | - | Изведба на пристапни рампи за лица со попреченост | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба** | **500.000,00** |
| | | Стручен надзор над реконструкцијата и санацијата на основните училишта | 2026 |

- **Потпрограма Детски Градинки (капитални расходи)**

| **V** | | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **VA0** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **3.100.000,00** |
| | **481230** | **Реконструкција на ЈУДГ** | **3.000.000,00** |
| | | Реконструкција и санација на објектите во ЈУДГ по потреба | 2026 |
| | **482940** | **Надзор над изградба** | **100.000,00** |
| | | Стручен надзор над реконструкција на објектите на ЈУДГ | 2026 |

ТРОШОЦИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИ ГРАДИНКИ И РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ИЗНЕСУВААТ:

I. N - ОБРАЗОВАНИЕ- ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
20.500.000,00 денари

II. V - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ
3.100.000,00 денари

**ВКУПНО (I, II)**
Вкупно Основен Буџет = 23.600.000,00 денари

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Подпрограма NA0 Образование Основни Училишта (капитални расходи) предвидува:**

- **<u>Реконструкција на основни општински училишта и тоа:</u>**
  Замена на столарија, партерно и хортикултурно уредување на дворови, реконструкција на покриви, реконструкција на тоалети,санција на заштитни огради,реконструкција на фекална мрежа, реконструкција на атмосферска канализација, санација на подови, санација на фасада, санација на водоводна мрежа, поставување хидранти, реконструкција на детски игралишта, интервенти зафати по итна потреба и поставување на сончеви колектори во основните училишта , изведба на слободни училишни коридори за ООУ и изведба на пристапни рампи за лица со попреченост во ООУ .

- **<u>Надзор над изграда:</u>**
  Стручен надзор над изведба на предвидените работи.

**Подпрограма VA0 Потпрограма Детски Градинки (капитални расходи):**

- **<u>Реконструкција на детските градинки и тоа:</u>**
  Реконструкција на објект Пинокио – ЈУДГ Р.Ј.Корчагин, партерно уредување во објект Бели Мугри и Н.Н Борче – ЈУДГ Кочо Рацин, интервентни градежно-занатски зафати по итна потреба, поставуивање на сончеви колектори во детските градинки, реконструкција на детски игралишта, санација и припрема за сензорни соби во матичните објекти, и испитување на громобрански инсталации во сите детски градинки, изведба на пристапни рампи за лица со попреченост во ЈУДГ на територија на Општина Центар.

- **<u>Надзор над изграда:</u>**
  Стручен надзор над изведба на предвидените работи.

Предвидените работи се предвидени согласно доставените барање (потреби) од Основните Училишта, Детски Градинки и од советите на родителите од Општина Центар, , се во цел подобрување на работата на основните училишта и детските градинки и овозможување на подобри услови за учениците, децата и вработените во нив.

**III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол кои се финансираат од оваа програма.

-Сектор за уредување на градежно земјиште,комунални работи и заштита на животната средина

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/22
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/25
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 8 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗДРАВСТВЕНА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

**СОДРЖИНА**

1. ВОВЕД ... 97
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА ... 97
3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ ... 97
3.1 Општо – целни групи ... 97
3.2 Крајни корисници ... 98
4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА ... 98
4.1 Основни цели/приоритети ... 98
4.2 Специфични цели/приоритети ... 100
4.3 Одговорни сектори и одделенија ... 100
4.4 Поврзаност со други области и сектори ... 100
5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА ... 100
5.1 Проекти ... 100
ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ... 123

# 1. ВОВЕД

**Законски рамки според кои се подготвува самата програма:**

- Закон за локалната самоуправа, член 22 став 1 точка 7 од („Службен весник на РМ“ бр. 5/02),
- Закон за социјална заштита, член 11 од („Службен весник на РМ“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 180/14, 150/15, 192/15, 33/15, 72/15, 104/15, 173/15, 30/16) и од
- Статутот на Општина Центар-Скопје, член 26

**Стратешки документи:**

- Национална Програма за развој на социјална заштита

Основни начела и принципи во системот на социјална заштита

Основни начела врз кои се заснова социјалната заштита се:

1. Социјална праведност и солидарност;
2. Давање посебна заштита на немоќни и неспособни за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

Во функција на имплементацијата на законите од областа на социјалната и детската заштита што важат во Република Северна Македонија, Општина Центар-Скопје подготви Програма за соодветно и успешно обезбедување социјална заштита за своите граѓани со развивање и реализирање на најразновидни форми и облици на социјални активности според потребите на граѓаните што живеат во нашата Општина.

Со Програмата за социјална и заштита на деца се продлабочува и се унапредува системот на социјална заштита за обезбедување и задоволување на потребите на граѓаните на локално ниво.

# 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Предлог-проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на градинките, со претставниците од Советот на Општина Центар-Скопје и со Одделението за социјална и здравствена заштита и заштита на деца. Исто така користена е алатката за истражување/анкетирање која ја спроведе Центарот на заедницата на Општина Центар-Скопје. Резултатите и препораките од ова истражување се имплементирани во оваа програма.

# 3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

## 3.1 Општо – целни групи

Општина Центар-Скопје, преку своите програмски активности е должна да оствари здравствена, социјална и заштита на деца на следниве категории на граѓани: лица со инвалидност, деца/млади без родители и родителска грижа, деца/млади со попречености, деца/млади со воспитно-социјални проблеми, деца/млади од еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица што злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции и алкохол, лица жртви на било каква форма на насилство и трговија со луѓе,

старите лица без семејна грижа, невработени лица, лица од различни етнички заедници, самохрани родители и деца од еднородителски семејства; и сето тоа преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување, како и подигнување на свеста на населението за потребите од обезбедување здравствена, социјална и заштита на деца.

### 3.2 Крајни корисници

- Стари лица
- Новородени деца во тековната година
- Лица жртви на насилство
- Лица во социјален ризик
- Невработени лица
- Лица од различни етнички заедници
- Самохрани родители и и деца од еднородителски семејства
- Лица со посебни потреби
- Деца опфатени во предучилишните установи (детски градинки)
- Кадри вработени во предучилишните установи (детски градинки)

## 4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

### 4.1 Основни цели/приоритети

**Основни начела и принципи во системот на социјална заштита**

**Основни начела** врз кои се заснова социјалната заштита се:

4. Социјална праведност и солидарност;
5. Давање посебна заштита на немоќни и неспособни за работа;
6. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

**Носители на социјална заштита** се Републиката, Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

Паралелено со процесот на децентрализација на надлежностите во социјалната заштита од централно ниво на локално ниво, се одвиваат и процесите на плурализација и деинституционализација во социјалната заштита. Овие процеси се тесно врзани меѓу себе и тие се еднакво значајни за подобрување на социјалните услуги за граѓаните. Зајакнувањето на мрежата на услугите што ги даваат здруженијата на граѓани, правни и физички лица е услов за успешно и пособдветно спроведување на децентрализацијата. Во развојот и во унапредувањето на мрежата на социјални услуги во процесот на деинституционализација и реализирање на програмите за социјална заштита неопходно е Општината:

- Да развива и да ја јакне соработката меѓу владините и невладините институции што вршат работи во област на социјалната заштита;
- Да донесува развојни програми од областа на социјалната заштита;
- Да развива сервисни услуги и форми на вонинституционална заштита, центри за дневно и повремено прифаќање на мали групни домови, развивање на мрежа за згрижувачки семејства и многу други активности.

Поради тоа, Општина Центар-Скопје има обврска да ја развива и да ја унапредува социјалната заштита, при што на своите граѓани ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во можност самостојно да ја остварат својата социјална сигурност.

Во остварувањето на надлежностите Општина Центар-Скопје е одговорна за:
- Донесување развојни програми за социјална заштита;
- Основање јавни установи за социјална заштита;
- Развивање на вонинституционални форми за социјална заштита;
- Развивање на социјални програми во соработка со другите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и со невладините организации.

**Вредности и принципи врз кои се темели Програмата** на Општина Центар-Скопје за здравствена, социјална и заштита на деца се:
- *Најдобри интереси на корисниците и корисничките* - давање услуги што во најголема мера се усогласени со потребите на корисниците при што се почитуваат човековите права и достоинство;
- *Достапност на услугите на корисниците и корисничките* - обезбедување услови и развивање услуги за да може граѓаните приоритетно да ги задоволуваат своите потреби во средината во која живеат, на локално ниво;
- *Партиципација, одговорност и самостојност на корисниците и корисничките* - обезбедување учество на корисниците во донесувањето одлуки за начинот на задоволување на потребите и продуктивен живот во заедницата;
- *Континуитет на заштита и можност за избор на услуги и даватели на услуги* - развивање разновидни услуги во рамките на јавниот, невладиниот и приватниот сектор.

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес што е од особено значење за граѓаните на Република Македонија бидејќи со неа се дефинира системот на политички мерки и активности со кои треба да се спречат и да се надминат основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот.

Токму затоа социјалната заштита во Општина Центар-Скопје се темели на навремена, праведна, ефективна и транспарентна испорака на општинските социјални услуги што придонесува за социјална еднаквост меѓу граѓаните на Општината.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и ефективен систем на социјална, здравствена заштита, кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците што живеат на територијата на Општина Центар-Скопје. Исто така, оваа Програма цели кон реализација на активности за заштита на децата, правото на секое дете да се вклучи во институционален облик на воспитно-образовната работа, притоа задоволувајќи ги нивните развојни потреби, потребите на семејството и општеството во целина.

Реализирањето на Програмата ќе се спроведе со низа активности од различни области во рамките на социјалната, здравствената и детската заштита, определени во Програмата.

### 4.2 Специфични цели/приоритети

- Унапредување на работата со корисниците и корисничките во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање иво донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;
- Развој на социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на територијата на Општина Центар-Скопје;
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување на нови видови социјални услуги во согласност со потребите на граѓаните (жени и мажи), како и унапредување на начините за обезбедување и нивно доставување;
- Продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита;
- Овозможување сите деца (девојчиња и момчиња) од предучилишна возраст да посетуваат јавна установа во најблиската околина;
- Здобивање со основни знаења, вештини и навики, развивање свест за општествена одговорност кај децата (девојчиња и момчиња) и активно вклучување во општествениот живот, развивање смисла за прифаќање, доживување и вреднување на естетските вредности, градење правилен однос кон животната средина;
- Продлабочување на активностите за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред сѐ, создавање стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали;
- Развивање концепт заснован врз добри и јасно прецизирани принципи за детско воспитание и образование, пред сѐ, раководејќи се според принципите на Програмата за рано учење и развој;
- Подготовка на детето за продолжување на образованието во основното училиште преку разни културни, еколошки, креативни и други манифестации;
- Почитување и вреднување на трудот на стручните тимови што работат на унапредување на квалитетот, како на згрижувачката, така и на воспитно-образовната работа со децата.

### 4.3 Одговорни сектори и одделенија

- Сектор за јавни дејности
- Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца

### 4.4 Поврзаност со други области и сектори

- Сектор за финансиски прашања
- Сектор за поддршка на Градоначалник, Одделение за односи со јавност
- Одделение за образование, млади и спорт
- Одделение за култура

## 5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

### 5.1 Проекти

1. **ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ - СРЕДСТВА ПРЕДВИДЕНИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА**

Во рамките на своите активности, Општина Центар-Скопје, секоја година во континуитет, успешно продолжува со реализација на остварување на правото за користење на парична помош за новороденче. Паричната помош изнесува 10.000 денари и еднократно ќе се доделува во текот на 2026 година, на родителите на секое новородено дете кои се со постојана адреса на живеење или престојување во Општина Центар-Скопје.
Барањето за користење на оваа помош и потребната документација се поднесуваат во архивата на Општина Центар-Скопје, најдоцна до наполнети 6 (шест) месеци на новороденчето, а истото го има во електронски формат на веб страницата на општината.
Право на доделување на парична помош се остварува за секое новороденче, како и во случај на повеќе новородени деца одеднаш.

Со ова продолжува позитивниот тренд, секое семејство кое ќе добие принова, а ги исполнуваат критериумите да се жители на Општина Центар-Скопје, да добие парична помош за новороденче. Општина Центар-Скопје со оваа активност, покажува дека се грижи за најмладите жители и дава првична поддршка на родителите. На овој начин не само што се помагаат семејствата со принова, туку Општината добива и евиденција за новородените деца во Општина Центар-Скопје на годишно ниво, а со оглед на фактот дека оваа активност се реализираше и во претходните неколку години, може да се утврди и дали постои тренд на пораст или на намалување на бројот на новородени деца во локалната самоуправа. Исто така, увидот во бројот на новородени деца на годишно ниво е од голема придобивка и за детските градинки на територијата на Општината, бидејќи на тој начин и тие може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.

**Целни групи:**

- Родителите и нивните новородени деца, укажувајќи на важноста како идни граѓани што ќе придонесуваат за развој на општеството.

**Време на реализација:** континуирано во текот на 2026 година.

**Одговорен за реализација:** Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје.

**Очекувани резултати:**

- Парична помош за младите семејства кои имаат нов член или членови во семејството.
- Евиденција на новородени деца во Општина Центар-Скопје на годишно ниво.
- Детските градинки што се на територијата на Општина Центар-Скопје ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.

**Буџет: 3.000.000,00 денари**

## 2. СЕРВИС ЗА СТАРИ ЛИЦА

Имајќи ја предвид статистиката што покажува дека во Општина Центар-Скопје околу 20% од населението се граѓани на возраст над 60 години, разбирлива е потребата на Општината да реализира активности што конкретно се насочени кон овие граѓани.
Согласно со активностите предвидени во **Националната стратегијата за стари лица** да се обезбеди континуирана грижа за стари лица во следниве сегменти:
-Дневно опслужување на основните потреби на овие граѓани
-Обезбедување примарна медицинска помош и медицински совети

**Функционирање на Сервисот за стари лица:**

Според податоците добиени од изработката на социјалната карта на територијата на Општина Центар-Скопје, во 2014 година 15,3% од вкупното население биле лица на возраст над 60 години и 631 лице на возраст над 65 години. Во Општината имаше вкупно 15.269 (2015) корисници на пензиско осигурување, просечната пензија на територијата на Општина Центар-Скопје изнесуваше 12.463,00 денари, но сега таа изнесува повеќе од 26.157,00 денари. Многубројните теренски истражувања покажаа дека има огромна потреба, а во согласност со тоа и побарувачка за негуватели за стари лица во домашни услови од семејствата во Општина Центар-Скопје. Главни предизвици со кои секојдневно се соочуваат старите лица се: неможност да ги извршат секојдневните активности поради старост, неподвижност и болест, влошена здравствена состојба и немање асистенција при посета на лекар, немање помош и поддршка при снабдувањето на основните прехранбени производи, немање средства за ангажирање негувател во домашни услови и сл..

Општина Центар-Скопје, имајќи ги предвид овие информации и ситуацијата во која се наоѓаат старите лица, нуди помош и поддршка на најзагрозените лица во вид парична субвенција за ангажирање негувател за старото лице преку специјализиран провајдер на услуги и се планира со оваа активност да се продолжи како добра практика и во текот на 2026 година.
Планирано е со проектот „Сервис за стари лица" месечно да се опфатат максимум 100 лица / корисници (станува збор за променлива бројка заради специфичноста на категоријата корисници) што би ги добивале следниве услуги:

• помош во извршувањето на секојдневните активности (купување, подготовка на храна, одржување на просторот, лична хигиена, кај изнемоштените стари лица ќе се врши и утринска и делумна тоалета),
• обезбедување основна помош во мобилност, лесни масажи, физички вежби, раздвижување,
• задачи од медицински аспект (носење на здравствени прегледи, контрола на крвниот притисок, набавка на лекови и водење грижа за навремено земање на терапијата),
• психосоцијална поддршка (помош во исполнувањето на социјални, културни, забавни и други потреби, одржување социјални контакти и соодветни активности во локалната заедница).

Со проектот се планира ангажирање на следниов персонал: 15 обучени негуватели и еден физиотерапевт. Во тимот ќе биде вклучен и социјален работник што ќе води евиденција за досиејата на сите корисници и ќе биде задолжен за подготвување индивидуален план за работа на негувателите.

Работното време на негувателите ќе биде организирано од понеделник до сабота само прва смена и најдоцна до 16 часот. Секој корисник ќе се посетува трипати во неделата по три часа.

Во рамките на проектот е вклучен и физиотерапевт што остварува посети кај корисниците (во согласност со нивните потреби и состојбата во која се наоѓаат) двапати во неделата по еден час во договор со корисникот. Физиотерапевт ќе добијат само оние корисници што имаат потреба од тоа според лекарски наод и со потврда од социјалниот

работник дека на терен има реална потреба за тоа. Корисниците што сакаат физиотерапевт не може истовремено да имаат и негувател, се добива една услуга или физиотерапевт или негувател. Тоа може да се избере според приоритетните потреби.

**Целни групи:**
-Невработените лица што се здобиле со сертификат за негувател во домашни услови и
-Старите лица што се опфатени со проектот и нивните семејства како крајни корисници.

**Очекувани резултати:**
-Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење.

**Реализатор:**
-Сектор за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата и
-Здруженија на граѓани и НВО.

**Време на реализација:** Континуирано во текот на цела година.

**Буџет: 5.900.000,00 денари**

### 3. ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Остварувањето на ова право на финансиска помош е регулирано со Правилникот за постапката за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Центар-Скопје, со кој се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење финансиски средства што се наменети за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Центар-Скопје, кои се предвидени во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, кои се нашле во акутен социјален ризик и тоа:

- Лица со здравствен проблем (кои доставиле доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето);
- Еднородителски семејства во социјален ризик (поради неплатена алиментација, долготрајност на бракоразводната постапка, недостиг од родител заради смрт или издржување затворска казна).

За утврдување на постапката и остварување на правото на финансиска помош и поддршка надлежна е Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца при Советот на Општината.
Право на користење на овие финансиски средства имаат физички лица што се жители на Општина Центар-Скопје, припаѓаат на социјално загрозените групи, а ги исполнуваат следниве критериуми:

- за здравствен проблем лицето треба да достави доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето;
- за помош при лекување заедно со барањето се доставува уредна документација што не е постара од шест (6) месеци;

- за помош на еднородителски семејства во социјален ризик треба да се достави (во зависност од ситуацијата): извод од Матична книга на родените, извод од Матична книга на умрените - за родител, доказ од Министерството за внатрешни работи дека родителот е исчезнат и/или доказ од Министерството за правда дека лицето издржува затворска казна подолго од шест (6) месеци.

И услови:

- подносителот на барањето да има адреса на живеење во Општина Центар-Скопје;
- подносителот на барањето може да го оствари правото на финансиска помош и поддршка само еднаш во текот на календарската година.

Распределбата на финансиските средства се одвива на квартално ниво, почитувајќи го принципот на солидарност, во зависност од расположливите средства во Буџетот за кварталниот период. Притоа, максималниот износ кој може да го одобри Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца (која е надлежна за разгледување на овие пристигнати барања), по одобрено барање нема да биде повисок од 30.000,00 денари.

За барањата за финансиска помош во износ што е повисок од 30.000,00 денари Градоначалникот, по барање на надлежната Комисија, предлог-одлуката ќе ја проследи на одлучување до Советот на Општина Центар-Скопје.

**Целни групи:**

-Корисници на социјална парична помош кои се со постојано живеалиште на територија на Општина Центар-Скопје

-Жители на Општината со влошен социјален статус

-Жители на Општината кои имаат влошена или загрозувачка здравствена состојба

**Период на реализација:** Тековно, низ целата календарска година

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца

**Буџет: 4.000.000,00 денари**

## 4. ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ ВО ЈАВНИТЕ ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ – ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Станува збор за проект што се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Ромскиот едукативен фонд, а се однесува на инклузија на деца Роми на возраст од 4 години и 8 месеци до 5 години и 7 месеци, кои се жители на Општина Центар-Скопје, а претходно не биле опфатени со предучилишниот образовен процес.

Целта на проектот е подобрување и поддршка на интеграцијата и намалување на запоставеноста на децата Роми со зголемување на нивниот број во јавните општински установи една година пред поаѓање во основно училиште.

Имајќи ја предвид важноста на процесот на интеграција на децата во образовниот систем и неговото влијание врз нивниот личен и социјален развој, Општина Центар-Скопје ќе се вклучи во проектот преку покривање на трошоците за партиципација за престој на дечињата во детската градинка.

Предвидено е овој проект да се спроведува во детската градинка „Раде Јовчевски Корчагин" во Општина Центар-Скопје и во 2026 година со него ќе бидат опфатени до 20 деца од ромска националност што се жители на Општината.

**Целни групи:**
- Максимум 20 деца од ромска националност што се жители на Општината

**Очекувани резултати:**
- Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар-Скопје

**Период на реализација:** во континуитет

**Буџет: 300.000,00 денари**

## 5. НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВОСПИТУВАЧКИ, НЕГУВАТЕЛКИ, СТРУЧЕН (СО)РАБОТНИК И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

Главната улога во поставувањето на темелите на воспитување и образување на секој поединец во првите шест години од животот, покрај родителите, ја има професионалниот кадар што работи во предучилишното образование, со особен акцент на воспитувачките и на негувателките, како и стручни служби (социјален работник, психолог, педагог, музички педагог, дефектолог, логопед, професор по физичко вопситување) од детските градинки.
Нивната основна работа со децата е продлабочување на сите активности за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред сè, создавање стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали.
Од тие причини Општина Центар-Скопје сака да ги мотивира сите учесници во згрижувањето, негата и воспитувањето на децата од предучилишна возраст, односно негувателките, воспитувачките и стручните (со)работници и лица од помошно-техничка служба од сите градинки на Општина Центар-Скопје. Предвидената награда се состои во паричен износ.
Сметаме дека на тој начин ќе ги поттикнеме стимулот и мотивацијата кај негувателките, воспитувачките и на сите оние што директно или индиректно придонесуваат во работата

со деца.
Постапката за избор на најдобар воспитувач, негувател и стручен (со)работник на ниво на секоја од трите градинки и ќе се одвива со следнава динамика:
- Воспоставување на Комисијата за избор на најдобар воспитувач, негувател, стручен соработник и помошно-техничка служба на ниво на Општина Центар-Скопје.
- Секоја детска градинка доставува предлози од по тројца кандидати за секоја категорија и тоа: воспитувач, негувател и стручни соработници и помошно-технички лица. Предлогот предвидува професионална биографија за кандидатот, потврда за учество на обуки, семинари и други активности за стручно усовршување, потврда за учество во проекти и организација на проекти и манифестации.

- Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози и врз основа на претходно дефинираните Критериуми за избор на трите категории одлучува за финалниот избор.
- Од пристигнатите кандидати, наградени ќе бидат три воспитувачки, три негувателки, еден стручен соработник и три лица од помошно-техничка служба на ниво на Општина Центар-Скопје.

Доколку условите дозволуваат, доделувањето на сертификати за најдобрите се реализира на завршна манифестација со пригодна програма организирана од страна на градинката домаќин.

**Целни групи:**

- Воспитен кадар од детските градинки во Општина Центар-Скопје

**Очекувани резултати:**

- Мотивирани негувателки, воспитувачки, стручни (со)работници и помошно-технички персонал за нивна ангажираност и посветеност во работата со деца, како и поголема креативност и желба за вклучување на различни проекти и дополнителни активности

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар-Скопје

**Период на реализација:** Февруари – Јуни 2026

**Буџет: 550.000,00 денари**

## 6. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЗДРАВА ХРАНА-16 ОКТОМВРИ

Светскиот ден на храната е меѓународен ден за здрава храна што на 16 октомври се одбележува секаде низ светот, при што се реализираат различни активности со кои се развива свеста за значењето на храната, како природен извор на енергија и здравје.
Ако се земе во предвид придобивката од консумирањето на здравата храна и од формирањето на здрави навики уште од најмала возраст, целта на овој настан е информирање и стекнување на знаења и формирање на соодветно однесување во однос на здравите и правилните навики во исхраната, особено кај децата и кај младите, а со тоа

индиректно и кај пошироката популација.
Со разновидни креативни активности и работилници за предучилишна возраст, цела седмица во октомври ќе се одбележи Светскиот ден на здравата храна, а на самиот ден ќе се презентираат реализираните креативните активности преку завршни настани во градинките на Општина Центар-Скопје што секако ќе биде објавено на веб страната на општината.

**Целни групи:** Децата (девојчиња и момчиња) од трите детски градинки во Општина Центар-Скопје.

**Очекувани резултати:**

- Децата (девојчиња и момчиња) од предучилишна возраст учат и се информираат што е она што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здрави навки во исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето. Особено да се воочи придобивката од консумирање на здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на децата е координатор на проектот.
- Трите детски градинки во Општина Центар-Скопје во кои ќе се одржуваат интерактивно-едукативните работилница со пригодна програма, а активно учество ќе земат децата. Работилниците ќе бидат во соработка со нутриционисти и предавачи за здрава.

**Период на реализација:** октомври 2026 година.

**Буџет**: **60.000,00 денари**

## 7. ПАРТИЦИПАЦИЈА НА СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА

Обезбедувањето здрава и чиста средина за децата подразбира одржување хигиена на оптимално ниво. Современите услови на живеење бараат користење на голем број средства за одржување на хигиената кај децата, просториите за дневен престој, чајните кујни, тоалетите и сл. Секојдневните состојби со најразлични видови на вируси и бактерии уште повеќе ја наметнуваат потребата од повеќекратно секојдневно чистење и дезинфицирање како на работните површни така и на лична и превентивна заштита на децата и вработените. И во иднина останува понудата на производи за лична и колективна заштита како што се: течен сапун, влажни марамчиња, тоалетна хартија, разни видови на дезинфекциони средства и средства за чистење и др. Со планираните средства Општина Центар-Скопје ќе распише јавна набавка за средства за хигиена и по потпишување на договор со економскиот оператор, за истото ќе ги извести градинките. Тие со писмен налог ќе може да вршат нарачки од операторот, а фактурите ќе ги плаќа општината.

**Целни групи:** деца од детските градинки од Општина Центар-Скопје

**Очекувани резултати:**

- Обезбедување хигиена на оптимално ниво во детските градинки

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар-Скопје

**Период на реализација:** континуирано
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

**Буџет**: **1.200.000,00 денари**

## 8. ТЕАТАР ПО МЕРКА НА ДЕЦАТА

Креативноста не треба да биде потценета. Креативноста кај децата е многу важна, бидејќи помага да се учат когнитивните вештини и научно размислување. Креативниот израз обезбедува многу можности за изразување на емоциите и работење преку овие емоции за постигнување олеснување и нивно разбирање.

Во раното детство креативноста е често социјален акт. Пеење, играње, куклен театар, сите заедно го учат детето како да обрне внимание на другите како и да развива разбирање на социјалните правила за давање и земање и соработка. Работењето со креативни материјали нивно обликување, сечење, лепење, боење со четка го поттикнува развојот на моторните функции како и координацијата на очите и рацете.

Креативните активности, играњето игри, глумата и театарските перформанси им помагаат на децата да развијат концентрација и когнитивно учење. Нивната имагинација е искористена во целост и ги охрабрува да развиваат нови идеи и размислуваат без ограничувања, бидејќи креативноста вклучува истражување и решавање на проблеми.

Во оваа ситуација, станува збор за проект кој ќе се реализира по повод Светскиот ден на театарот - 27 март и истиот треба да се реализира во текот на месец март 2026 година. Театарските претстави ќе бида подготвени од самите дечиња под менторство на нивните воспитувачки и негувателки, а истите ќе бидат посетени од претставници на Општина Центар-Скопје и од другите градинки на територија на Општина Центар-Скопје.

**Целни групи:** Деца од детските градинки на територија на Општина Центар-Скопје.
**Време на реализација:** февруари - март 2026 година
**Одговорен за реализација:** Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, Сектор за јавни дејности во координација со детските градинки на територија на Општина Центар-Скопје.
**Очекувани резултати:**

- Подготвени 3 театарски претстави од страна на детските градинки на територија на Општината
- Поттикнати уметнички, креативни потенцијали и способности за глума кај дечињата од детските градинки во Општина Центар-Скопје

**Вкупен Буџет: 50.000,00 денари**

## 9. НАБАВКА НА СМАРТ ТАБЛИ

Напредокот на технологијата и интерактивните комуникации забрзано го движат развојот на економијата, образованието и комуникациите во светот. За таа цел, од својот Буџет, Општина Центар-Скопје, како и минатата година и оваа ќе издвои средства за набавка на смарт табли за детските градинки со цел подобрување и олеснување на работата како на воспитниот кадар кој работи во градинките, така и на самите деца. Смарт таблите ќе бидат еден вид на дополнителни алатки, преку кои децата ќе ја развиваат својата иновативност, способноста за решавање на задачи, индивидуалниот, но и колективен пристап за учење, распознавање на дадените задачи кои подоцна ќе им служат како добра основа за полесно и побрзо совладување на одредени содржини.

**Очекувани резултати:**

- подобрување на процесот на учење и користење на информатички алатки
- поголема ефективност во исполнувањето на целите на содржините во процесот на учење

**Реализатор:** Општина Центар-Скопје

**Вкупно средства: 300.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

### 10. ПЛАЌАЊЕ СМЕТКИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Иако се очекува средствата од блок-дотациите што се трансферираат од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија за плаќање на комуналните трошоци на детските градинки да бидат задоволени во голема мера, сепак Општина Центар-Скопје ќе врши доисплата на сметките за електрична енергија особено онаму каде што не достигаат финансиски средства. За таа цел на детските градинки ќе им бидат префрлени средства со кои тие ќе може да ги намируваат трошоците за горе споменатите потреби.

**Реализатор:** Општина Центар-Скопје

**Буџет: 2.000.000,00 денари**

### 11. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА АНГАЖИРАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН ВОСПИТЕН КАДАР (ВОСПИТУВАЧКИ, НЕГУВАТЕЛКИ И ХИГИЕНИЧАРКИ)

Земајќи ги предвид проблемите со кои се соочуваат градинките за престој на веќе запишани деца и упис на нови, согласно нормативот за присуство на деца во групите кој е пропишан од надлежните институции, утврдено е дека капацитетите на наведените установи се веќе максимално искористени.
Од тие причини, а во координација со детските градинки, Општината ќе обезбеди финансиска поддршка за ангажирање на дополнителен персонал кој е навистина неопходен. Потребата произлегува од недостигот на веќе споменатиот кадар за потребите на градинките, а за каков вид на персонал станува збор, ќе одлучуваат градинките во рамки на предвидените финансиски средства од страна на Општина Центар-Скопје. Бројот

на ангажирани лица на ниво на градинка изнесува три лица.
Потребниот износ за нивниот ангажман ќе биде префрлан од Општината на сметка на детските градинки и ангажманот и понатамошната исплата ќе се одвива според постапките на градинката, а согласно надлежните законски процедури.
**Очекувани резултати:**

- Овозможени подобрени услови за престој и грижа на децата згрижени во детските градинки во Општина Центар-Скопје
- Зголемен број на вработени лица во секоја од градинките согласно потребите на истите
- Подобрени хигиенски услови во објектите на детските градинки во Општина Центар-Скопје

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на деца
- Трите детски градинки во Општина Центар-Скопје

**Период на реализација:** во текот на целата година за која се однесува Програмата.

**Буџет: 3.000.000,00 денари**

## 12. ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕСТОЈ ЗА ДЕЦА ЧИИ СЕМЕЈСТВА СЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

Партиципацијата, како право за заштита на децата, претставува ослободување на дел од цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца. Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на дете од предучилишна возраст се обезбедува за самохран родител кој е корисник на гарантирана минимална помош согласно Законот за социјална заштита за дете згрижено во јавна установа за деца-детска градинка. Од страна на јавната установа за деца - детска градинка најдоцна до 5-ти во месецот до основачот-општината се доставува извештај за оствареното право на партиципација согласно Правилникот за остварување на правото на партиципација за трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца. Со оглед на фактот дека во Општина Центар-Скопје веќе има деца кои ги исполнуваат горе наведените критериуми, основачот, Општина Центар-Скопје треба да ги обезбеди потребните средства.

**Целни групи:**
- Децата од детските градинки (девојчиња и момчиња) во Општина Центар-Скопје кои се во социјален ризик.

**Очекувани резултати:**
- Помош на родителите со лоша материјална состојба за непречено вклучување на нивното дете во процесот на згрижување и социјализација со останатите деца

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата;
- Трите детски градинки во Општина Центар-Скопје

**Период на реализација**: Континуирано цела година.

**Буџет**: **100.000,00 денари**

## 13. БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Попреченоста значително влијае врз секојдневните активности, затоа Општина Центар-Скопје сака да ги направи социјалните сервиси подостапни. Целта на овој проект е лицата со попреченост доколку користат здравствена услуга да добијат бесплатен превоз

до потребната здравствена установа. Корисникот со живеалиште во Општина Центар-Скопје со телесна попреченост или поради болест е во лежечка состојба (неподвижен), а има потреба од превоз, својот термин би го закажал однапред на телефонскиот број на Црвен крст за превоз до здравствената установа. Со остварување на еден телефонски повик може да се закаже превоз за еден корисник, до една конкретна дестинација, заинтересираните лица може да се јават секој ден (од понеделник до петок), од 06:00 до 00:00 часот, на телефонскиот број на Црвен крст, транспортот се врши во работни денови од понеделник до петок од 08:00 до 16:00 часот, а термин за превоз се закажува минимум 24 часа однапред, по принципот на „прв дојден прв услужен".

**Целни групи:**

- Лица со телесна попреченост над 18 години, кои користат ортопедско помагало (инвалидски колички, дубаци или одалки), а живеат на територија на Општина Центар-Скопје и
- Лица над 18 години, кои не користат ортопедско помагало, но поради болест се во лежечка состојба (неподвижни), а живеат на територија на Општина Центар-Скопје.

**Очекувани резултати:**

- Преку овој проект на лицата со телесна попреченост и на лицата кои поради болест се во лежечка состојба (неподвижни), ќе им се овозможи полесен пристап до здравствена установа.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата;
- Црвен крст на Град Скопје.

**Период на реализација**: Континуирано во текот на цела година.

**Буџет**: **500.000,00 денари**

**14.„ИТНО КОПЧЕ"**

Имајќи го предвид фактот дека популацијата во нашата држава ја следи тренд на стареење на популацијата, а од друга страна присутна е ограниченост на институционалните капацитети, поради што се поголем број повозрасни граѓани се одлучуваат да останат да функционираат во сопствените домови, се јавува потребата од воведување на социјални услуги кои обезбедуваат квалитетно живеење и функционирање во домот, особено кога станува збор повозрасни граѓани над 65 години.
Оттука, Општина Центар-Скопје покрај серијата на услуги кои ги нуди за обезбедување на нега на повозрасните лица во домашни услови, во соработка со Црвен крст на град Скопје го реализира проектот „Итно копче", кој овозможува на корисниците на услугите да остварат помош при итни ситуации за кои не се во можност самостојно да функционираат.
Проектот „Итно копче", предвидува сет на услуги наменети за жителите на Општина Центар-Скопје (повозрасни граѓани), кои се континуирано достапни 24/7 во текот на целата година. Овој проект опфаќаа, корисниците на услуги да можат оваа услуга да ја

користат во своите домови, преку притискање на копчето (аларм уредот) на уредот за комуникација, секогаш кога ќе се најдат во состојба за која е потребна итност во постапувањето, односно давање прва помош и поддршка. Притоа, во зависност од ситуацијата, одговорни лица од Црвениот крст ќе бидат испратени да пружат помош или доколку е потребно ќе биде повикана итна медицинска помош.
Постапката се спроведува на следниот начин: Со активирање на аларм уредот од страна на корисникот, одговорното лице во Контакт Центарот на Црвениот Крст се јавува на телефон за да оствари комуникација со корисникот и да утврди каков вид на помош е потребна во моментот.
Аларм уредот „Итно копче" претставува приврзок за носење во форма на нараквица или ланче, на кое има јасно копче кое корисникот може да го притисне во било кое време во текот на денонокието. Со притискање на тоа копче при потреба од помош, корисникот испраќа звучен сигнал до Контакт центарот на Црвениот крст, кој добива информација за потребата од користење на услуга (за сите корисници кои ќе бидат опфатени со проектот), потребните податоци се внесени во софтвер кој е воспоставен од страна на Црвениот крст. Притискањето на копчето го поврзува корисникот директно со одговорното лице од Контакт Центарот кое е обучено да ја препознае потребата од помош и да ги организира понатамошните постапки.
**Целна група:** жителки и жители на Општина Центар-Скопје од повозрасна категорија (односно над 65 години), со приоритет на лица кои живеат сами или со брачен другар кој е со нарушена здравствена состојба, кои претходно изразиле интерес за нејзино користење и се избрани како корисници на истата, по принципот „прв дојден, прв услужен" и имаат потпишано договор за користење на услугата.
**Време на реализација:** континуирано во текот на 2026 година.

**Очекувани резултати:**

- Креиран сет на услуги за помош и поддршка на лица (жени и мажи), повозрасни жители на Општината

**Одговорен за реализација:**
- Сектор за јавни дејности-Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца;
- Црвен крст на град Скопје.

**Потребен буџет: 500.000,00 денари**

## 15. ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ ЗА ПОСЕТИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ/НАСТАНИ НА ДЕЦАТА ОД ГРАДИНКИТЕ

Едукацијата уште од мали нозе е суштинска за развојот на децата и никој не е многу мал за да научи за големи работи. Децата растат учејќи, она што за нас е учење, за нив е само запознавање на светот и на сето она што е важно за нив. И затоа процесот на учење или запознавање има поголем ефект кога е непосредно претставен, па затоа Општина Центар-Скопје смета дека ваквиот тип посети се од исклучително значење не само за образовниот процес на децата, туку и за создавање вредност и упатување на децата кон аспекти од општеството значајни за нивниот понатамошен развој. За таа цел, Општината планира да им обезбеди превоз на децата од големите групи заедно со нивните воспитувачки до одредена фабрика, компанија, настан или концертно случување.

**Целни групи:** Децата од трите детски градинки (девојчиња и момчиња) во Општина Центар-Скопје.

**Очекувани резултати:**
- Децата од предучилишна возраст (девојчиња и момчиња) учат и се информираат како еден производ е направен и што се е потребно за истиот да се произведе. На тој начин треба да се почитува неговата вредност.

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на децата е координатор на проектот.
- За децата од трите детски градинки (девојчиња и момчиња) во Општина Центар-Скопје ќе се организира превоз до општествено одговорни компании и културни настани

**Период на реализација:** континуирано во текот на 2026 година.

**Буџет**: **60.000,00 денари**

**16. ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст О.О.Центар, со цел децата да се здобијат со знаења во врска со здравствената заштита.
Главна цел на овој проект е децата уште од најрана возраст да стекнат навики за важноста на личната хигиена, како да се заштитат од бактерии и вируси, како да се заштитат за време на пандемија и др.. Целта е запознавање со здравствената заштита уште од најрана возраст, како и подигање на свеста на семејствата и заедницата за важноста на здравтсвената заштита.

**Целни групи:**
- Децата од возрасните групи од детските градинки во Општина Центар-Скопје.

**Очекувани резултати:**
- Преку овој настан децата ќе научат што значи хигиена, како да се заштитат од бактерии и вируси и др.. Тоа придонесува за зголемена информираност кај децата и стекнување на знаења за здравите и правилните навики.

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата;
- Црвен крст О.О.Центар.

**Период на реализација**: Март - Јуни 2026 година.

**Буџет**: **0,00 денари**

## 17. РАНА СЕНЗИБИЛИЗАЦИЈА И РАНО УЧЕЊЕ НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК КАЈ ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ -„Ајде да ја запознаеме Франција"

Францускиот јазик е јазик на културата, модерното време и е на трето место по застапеност на интернет, по англискиот и германскиот јазик. Во рамките на одбележувањето на деновите на Франкофонија во нашата држава, секоја година на тој настан се вклучува и Општина Центар-Скопје во соработка со трите детски градинки и ООУ „Димитар Миладинов".
Општина Центар го поддржува значењето на францускиот јазик, култура и вредности, преку одржување на голем број на интерактивни работилници и забавни активности за децата од предучилишна возраст. Проектот „Ајде да ја запознаеме Франција" за рана сензибилизација и рано учење на францускиот јазик кај децата од предучилишна возраст е поддржан од Францускиот институт во Скопје и Амбасадата на Република Франција во нашата земја.
При посетите во Францускиот институт од Скопје, вработените од институтот ќе им овозможат рана сензибилизација и приближување на францускиот јазик и култура адаптирани за детската возраст. Францускиот институтот е опремен со богата медијатека и мултимедијална опрема и овозможува приближување на библиотеката уште од најрана возраст и искачување на едно скалило погоре во смисла на осовременување на квалитетот во воспитувањето и образованието. Децата со позајмување на дел од книгите од институтот ќе се запознаат со познатите детски ликови од француските сликовници и книги од современото француско книго издаваштво, а исто така и ќе играат друштвени игри и ќе гледаат анимирани франуски филмови со познатите детски јунаци. Воспитно-стручниот и педагошкиот кадар ќе организираат работилници: цртање, моделирање, творење и прикажување на цртани филмови во занималните и дворовите на градинката, а на работилниците би се приклучиле и родителите.

**Целни групи:** Децата од детските градинки во Општина Центар – Скопје.

**Очекувани резултати:**

Пораката е уште од најрана возраст да се овозможи запознавање и зголемена информираност со францускиот јазик, култура, творештво, стил и префинетост. Претставува бенефит да се биде во допир со овој јазик, а тоа ќе придонесе да се почитуваат различните културни вредности на другите земји и да се развие љубопитноста и интересот кај децата за изучување на странските јазици.

**Реализатор:**
Сектор за јавни дејности – Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на децата и трите детски градинки од Општина Центар во соработка со Францускиот институт во Скопје.

**Период на реализација:** Проектот ќе биде реализиран во текот на 2026 година, со особено значење на одбележување на Меѓународниот ден на франкофонија -20 март.

**Буџет: 50.000,00 денари.**

## 18. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

Целта на овој проект е да се подобри безбедноста на децата кои престојуваат во детските градинки на територија на Општина Центар - Скопје, што впрочем претставува и еден од врвните приоритети на Општина Центар. Со цел надминување на проблемот со безбедноста во детските градинки, Општина Центар од свои извори на финансирање ќе го реализира обезбедувањето на објектите на детските градинки.
Обезбедувањето ќе се одвива преку обезбедување на ноќни патроли во објектите на детските градинки, со акцент на оние кај кои во пракса досега се покажало дека има состојби со штетување на реквизити и слично.

**Целни групи:** Деца кои престојуват и се згрижени во трите детски градинки во Општина Центар.

**Очекувани резултати:**
- Подобрување на безбедноста на децата
- Подобрување на климата за работа

**Време на реализација** – континуирано во текот на годината
**Реализатор**: Општина Центар
**Буџет: 3.000.000,00 денари**

## 19. СЛЕДЕЊЕ НА САНИТАРНО-ХИГИЕНСКАТА СОСТОЈБА ВО КУЈНИТЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Проектот за санитарно-хигиенската состојба успешно се реализира во основните училишта во Општина Центар и финансиски е покриен од Општината. Од тие причини, Општина Центар сака да ја зголеми контролата и сигурноста и кај најмалата популација, па затоа од оваа година контрола ќе се спроведува и во кујните на детските градинки. Во сите матични објекти на градинките во Општина Центар има кујни со трпезарии каде што

се приготвува топол оброк и истата се дистрибуира по сите објекти на градинките. Примероци ќе се земаат не само од местата каде се приготвува храна туку и од објектите и транспортот каде се дистрибуира до децата.
Цел на овој проект е да се зголеми контролата врз храната, врз условите во кои се приготвува и врз персоналот што ја подготвува и ја служи. Контрола врши специјализирана медицинска установа, а по извршените увиди и земените брисеви таа е обврзана да ја информира Општината за состојбата во кујните во детските градинки, како и да даде упатства за отстранување на евентуалните забелешки и пропусти.
**Целни групи:** деца во детските градинки
**Очекувани резултати:**
- подобрување на квалитетот на храната
- подобрување на условите за приготвување и за служење храна

**Реализатор:** Општина Центар

**Вкупно средства: 200.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

## 20. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УНИФОРМИ ЗА СИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Тргнувајќи од потребата да се намалат трошоците околу набавка на облека на целиот воспитно-едукативен кадар, Општина Центар на секој вработен во детските градинки ќе му обезбеди униформа. Истата ќе се состои од поло маица со краток и долг ракав со логото на Општината. На тој начин ќе биде поедноставно, како за родителите така и за децата полесно да ги препознаваат одговорните во градинките. Униформата ќе се состои од две памучни парчиња од кои една маица со јака со краток и една со долг ракав две маици со долги ракав.
Секоја наредна година, Општина Центар ќе ги обновува униформите затоа што истите со секојдневно користење се оштетуваат, а истите се составен дел од работниот ангажман на вработените во градинките.

**Целни групи:** вработени во градинките

**Очекувани резултати:**
- олеснување на буџетот на семејствата
- еднаков третман и чувство на припадност во образовните институции

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 300.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

## 21. ВОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ И СЕРВИСИ ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Во однос на воведување на социјални услуги или сервиси за следната година предвидовме 3.000.000 денари за воведување на три нови социјални и здравствени услуги, кои ќе ги реализираме со овластени даватели на услуги, по примерот на услугата за Нега на стари лица во домашни услуги.
Конкретно оваа година со програмата ќе бидат опфатени услуги за превенција од зависности, услуги за справување со насилство, поддршка на жртвите и поддршка при реинтеграција, како и обезбедување на континуирани индивидуализирани услуги со примена на асистивна технологија за децата со сите видови на попречености.
Дополнително ќе дадеме поддршка на градинките со субвенционирање на логопедски услуги за дечињата од најголемите групи.

**Услуга 1:**
1. Континуирани индивидуализирани услуги преку обезбеден пристап до компјутер и интернет со примена на асистивна технологија за децата со сите видови на попречености.
2. Континуирани индивидуализирани услуги за ран стимулативен развој преку АТ
**Целна Група:**
Целна група се млади, деца со аутизам, децата и лицата со попреченост, нивните семејства и останати професионалци вклучени во работата со децата и лицата со физичка, интелектуална и сензорна попреченост, кои имаат потреба од адаптација на компјутер.
**Услуга 2:**
1.Психосоцијален третман и поддршка на жртви на родово засновано и семејно насилство, вклучително деца жртви
2.Советување и поддршка за момчиња и мажи

**Целна Група:**
-Жртви на родово засновано и семејно насилство, вклучително и деца жртви и други членови на семејства засегнати од насилство
**Услуга 3:**
1.Превенција, советување и третман на млади во ризик од злоупотреба на дроги и нивните семејства;
2. Психо-социјална поддршка, психотерапевстка и психијатриска поддршка, активности за личен развој и интеграција во заедницата.
**Целна група:**
-Млади во ризик од злоупотреба на дроги и родители и други членови од семејството
-Корисници на дроги, во процес на интеграција и ресоцијализација
**Услуга 4:**
1. Центар за ментално здравје кај деца;
2. Психо-социјална поддршка, психотерапевстка и дефетелошка поддршка, активности за личен развој и интеграција во заедницата.
**Целна група:**
-Деца со сите попречености и членови од семејството
**Услуга 5:**
1. Зелена социјална работа кај младите;
2.Воведување на еколошка "зелена" перспектива во социјалната и младинската работа, градење на иклузивна зелена средина.
**Целна група:**
-Млади, деца со сите попречености и членови од семејството;

**Реализатор:**
Сектор за јавни дејности – Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на децата во соработка со здруженија на граѓани-даватели на услуги

**Период на реализација:** од февруари 2026 година.

**Буџет: 3.000.000,00 денари**

## 22. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Општина Центар ќе го финансира превозот (3 автобуси) и појадокот за пензионерите од општината.
**Целна група:** Пензионери жители на Општина Центар-Скопје
**Реализатор:** Општина Центар во соработка со Здружение на пензионери на Општина Центар **Период на реализација:** континуирано 2026 год.
**Буџет: 200.000,00 денари**

## 23. „НОСТАЛГИЈА ЗА КОРЗО-СЕЌАВАЊА ЗА ЕДНО УБАВО ВРЕМЕ"

Дводневна манифестација каде пензионерите ќе се потсетуваат на времињата од својата младост кога шетале на познатото скопско корзо кое се наоѓало во Центарот на градот во близина на Ристиќева палата. На овој настан ќе се одржи и игранка по повод 25 Мај – Денот на младоста. За потребите на игранката, Општината би обезбедила простор и диџеи.

**Целна група:** Пензионери жители на Општина Центар-Скопје
**Реализатор:** Општина Центар во соработка со Здружение на пензионери на Општина Центар **Период на реализација:** април-мај 2026 год.
**Буџет: 60.000,00 денари**

## 24. ЗАСТАПЕНОСТ НА СВОЕВРЕМЕНИОТ НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ДОМАЌИНСТВО ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО СОРАБОТКА СО ПЕНЗИОНЕРИТЕ

**- „Учиме да месиме, кроиме, шиеме, плетеме, сликаме и дизајнираме“**

Општина Центар во соработка со Активот на жени при Здружението на пензионери на Општина Центар ќе организира едукативно-креативни работилници, кои ќе бидат наменети за учениците од сите седми одделенија од основните училишта од Општина Центар. Во училиштата некогаш постоеше наставниот предмет „Домаќинство“, а повозрасните генерации се сеќаваат дека часовите биле многу интересни и корисни. Учениците ќе можат да доживеат практични искуства и знаења на повозрасните кои некогаш вистински го имале овој час, токму преку овие работилници. Учениците ќе научат и ќе совладаат многубројни

практични вештини: од шиење со игла, везење, кроење, шиење, уредување на домот, сликање и дизајнирање, па се до кулинарски вештини, месење и готвење кои се корисни и во современото секојдневие.
Активот на жени пензионерки во соработка со Општина Центар преку овој проект сакаат да ги подготват и олеснат на учениците изучувањето на наставното градиво од изборниот предмет – Вештини на живеење, каде што се промовираат и применуваат позитивните вредности од општественото живеење. Ќе биде организирана посета на седиштето на Здружението на пензионери на Општина Центар, а работилниците ќе се одржат во училиштата и одвоениот дел на ресторанот „Дебар Маало“ за потребите на изучување на практичниот дел. За завршниот дел се планира заедничка модна ревија и изложба со коктел.

**Реализатор:** Сектор за јавни дејности-Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца на Општина Центар во соработка со Здружение на пензионери на Општина Центар.
**Време на реализација:** Тековно во 2026
**Буџет: до 70.000,00 денари**

## 25. Пензионерски спортски игри 2026

Спортското натпреварување во трето доба претставува современ однос кон стареењето и во таа насока Општина Центар во соработка со Здружението на пензионери на Општина Центар ќе ги организира првите Пензионерски спортски игри.
Домаќини на оваа спортска манифестација се членовите на здружението и ќе се натпреваруваат во спортските дисциплини, кои ќе бидат соодветни и адаптирани за нивна возраст: мал фудбал, кошарка, трчање, стрелаштво, скок во далечина, фрлање ѓуле, куглање, пикадо, пинг понг, шах, табла и карти. Пензионерите преку првите спортски игри ќе го изменат ликот и улогата на традиционалните здруженија за пензионери и во чест на Денот на трудот – 1 мај, преку спорт и дружење ќе ги прикажат своите вештини и мобилност.

Освен пензионерите од сите ограноци во Општина Центар, учество ќе земат и гости од збратимени пензионерски здруженија и членови од други региони и општини. По завршувањето на натпреварите на најуспешните спортисти ќе им бидат доделени медаљи и пехари.

**Целна група**: Пензионери, жители на Општина Центар.

**Очекувани резултати:** Креирање на подобри услови за активно стареење на пензионерите од Општина Центар со цел да се намали пасивноста, што вообичаено асоцира на конвенционалниот поглед на пензионерски живот. Преку спортските игри со редовна физичка активност и желба за активен живот ќе се подобри виталноста и воедно квалитетот на живеење во пензионерските денови, наместо долгото гледање телевизија што е лошо по нивното здравје.

**Реализатор:** Сектор за јавни дејности-Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца на Општина Центар во соработка со Здружение на пензионери на Општина Центар
**Период на реализација:** април-мај 2026
**Буџет: 50. 000,00 денари**

**26.Подари насмевка, сакај го своето семејство!**

Преку овој проект кај децата од предучилишна возраст се подигнува свесноста за значењето на семејството уште од најрана возраст. Семејството е битен сегмент и главен столб на секој поединец, заштитничко место каде децата растат, се развиваат, спознаваат, учат и ги негуваат здравите психо-физички навики. Девојчињата и момчињата од градинките од Општина Центар, заедно со своите родители и воспитувачи ќе бидат учесници на едукативни работилници. Стручни едукатори кои ќе имаат советодавна улога ќе ги одржуваат работилниците. За правилен раст и развој кај децата и за позитивно родителство потребна е цврста соработка помеѓу воспитувачите и семејствата. Интерактивниот однос на триаголникот од кариката дете, родител, учител резултира до свесното родителство кое води кон среќно семејство и без кое не може да функционира општеството.

**Целни групи:** Во проектот ќе бидат опфатени деца (девојчиња и момчиња) од предучилишна возраст, родители, стручно-воспитниот и згрижувачки кадар од градинките.

**Очекувани резултати:** Учеството на ваквите активности на децата со поддршка од родителите и стручно-воспитниот и згрижувачки кадар, им овозможува развој на емоционална интелигенција и развивање на рана сензибилизација кон другите членови на семејството. Воедно им го поттикнува чувството на заедништво, сигурност, почитување прифаќање, доверба и самодоверба, позитивни чувства, а придобивките кај родителите е што ги спознаваат вештините на позитивно убедување.

**Време на реализација:** Во текот на 2026 година.

**Реализатор:** Сектор за јавни дејности-Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца на Општина Центар и детските градинки од Општина Центар во соработка со стручни едукатори.
**Буџет: 50. 000,00 денари**

### 27.Унапредување на оралното здравје кај деца од предучилишна и училишна возраст, граѓани од социјално загрозени семејства и корисници на пензија, жители на Општина Центар-Скопје

Примарна цел на овој проект е подигнување на свеста, превенција на оралните заболувања и одржување на здрава орална хигиена кај децата од предучилишна и училишна возраст, граѓани од социјално загрозени семејства и корисници на пензија жители на Општина Центар-Скопје. Сите клинички процедури ќе бидат изведени во рамките на практичната настава со студентите на Стоматолошки факултет, а под надзор на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар на Факултетот.
Учесниците во проектот преку санирање на оралните заболувања, освен бенефитите врз здравјето, ќе се здобијат и со поголема самодоверба што ќе влијае и врз социјалниот општествен аспект.

**Целни групи:**

- Деца од предучилишна и училишна возраст жители на територија на Општина Центар-Скопје,
- Граѓани од социјално загрозени семејства (кои имаат потврда од МТСП) жители на територија на Општина Центар-Скопје и
- Корисници на пензија жители на територија на Општина Центар-Скопје.

**Очекувани резултати:**

- Полесен пристап на децата од предучилишна и училишна возраст, граѓани од социјално загрозени семејства и корисници на пензија до поголем обем на стоматолошки здравствени услуги, кои ќе бидат сеопфатни, квалитетни, превентивни и куративни услуги;
- Зголемување на свесноста за потребата за грижа за оралното здравје и превенцијата на оралните заболувања кај индиректните корисници и др..

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата;
- Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Стоматолошки Факултет – Скопје.

**Период на реализација**: Континуирано во текот на цела година.

**Буџет**: **0,00 денари.**

### 28. Трансфер при пензионирање и исплата на опремнина за вработените во градинките

Обезбедување социјална и финансиска сигурност за вработените во јавните детски градинки при остварување на правото на пензија, како и достоинствен и правичен завршеток на нивниот работен однос. Мерката има за цел да го препознае и вреднува долгогодишниот придонес на вработените во системот за згрижување и воспитување на деца.

**Целни групи:**
- Вработени во јавните детски градинки на територија на Општина Центар кои остваруваат право на старосна пензија;
- Воспитувачи, негуватели, стручни соработници и административно-технички кадар во градинките;
- Лица со долгогодишен работен стаж во установите за детска заштита.

**Очекувани резултати:**
- Навремена и транспарентна исплата на опремнина при пензионирање;
- Подобрување на социјалната сигурност и финансиската стабилност на вработените кои заминуваат во пензија;
- Зголемено чувство на вреднување и почит кај вработените во градинките;
- Унапредување на работните односи и институционалната грижа за човечките ресурси;
- Позитивен пример за одговорно и социјално чувствително управување во јавниот сектор.

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата;

**Период на реализација**: Континуирано во текот на цела година.

**Буџет: 1.200.000,00 денари.**

## 29. Поддршка за повозрасните граѓани – пензионери во социјален ризик

Подобрување на социјалната сигурност и квалитетот на живот на повозрасните граѓани – пензионери во социјален ризик на територијата на општината. Обезбедување навремена и континуирана поддршка за најранливите категории пензионери.Намалување на социјалната изолираност и поттикнување активно и достоинствено стареење.

**Целни групи**
- Пензионери со ниски приходи и зголемен социјален ризик.
- Пензионери кои живеат сами или без семејна поддршка.
- Пензионери корисници на социјална заштита.
- Повозрасни лица со хронични заболувања или намалена подвижност.
- Лица постари од 65 години кои припаѓаат на ранливи категории.

**Очекувани резултати**

- Подобрена социјална и материјална сигурност на пензионерите опфатени со програмата.
- Обезбедена директна помош преку општински мерки и активности.
- Намалена социјална изолација и зголемена вклученост на повозрасните лица во заедницата.
- Зголемена информираност за правата и услугите што ги нуди општината.
- Зајакната улога на општината во системот на локална социјална заштита.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата;

**Период на реализација**: Континуирано во текот на цела година

**Буџет: 7.000.000,00 денари.**

| РЕД. БР. | АКТИВНОСТ | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ- СРЕДСТВА ПРЕДВИДЕНИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА | континуирано | 3.000.000,00 |
| 2 | СЕРВИС ЗА СТАРИ ЛИЦА | континуирано | 5.900.000,00 |
| 3 | ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | континуирано | 4.000.000,00 |
| 4 | ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ ВО ЈАВНИТЕ ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ – ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | континуирано | 300.000,00 |
| 5 | НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВОСПИТУВАЧКИ, НЕГУВАТЕЛКИ И СТРУЧНИ (СО)РАБОТНИЦИ ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | март – јуни 2026 | 550.000,00 |
| 6 | ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА ЗДРАВА ХРАНА | септември – октомври 2026 | 60.000,00 |
| 7 | ПАРТИЦИПАЦИЈА НА СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА | континуирано | 1.200.000,00 |
| 8 | ТЕАТАР ПО МЕРКА НА ДЕЦАТА | февруари-март 2026 | 50.000,00 |
| 9 | НАБАВКА НА СМАРТ ТАБЛИ | мај-јули 2026 | 300.000,00 |
| 10 | ПЛАЌАЊЕ СМЕТКИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ПАРНО ГРЕЕЊЕ ВО ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | континуирано | 2.000.000,00 |
| 11 | ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА АНГАЖИРАЊЕ КАДАР СОГЛАСНО ПОТРЕБИТЕ НА ГРАДИНКИТЕ | континуирано | 3.000.000,00 |
| 12 | ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕСТОЈ ЗА ДЕЦА ЧИИ СЕМЕЈСТВА СЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК | континуирано | 100.000,00 |
| 13 | БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ | континуирно | 500.000,00 |
| 14 | ИТНО КОПЧЕ | континуирано | 500.000,00 |
| 15 | ТРАНСПОРТНИ ТРОШОЦИ ЗА ....... | март-мај 2026 | 60.000,00 |
| 16 | ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | март – јуни 2026 | 0,00 |
| 17 | РАНА СЕНЗИБИЛИЗАЦИЈА И РАНО УЧЕЊЕ НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК КАЈ ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ | тековно од февруари 2026 | 50.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ | тековно од февруари 2026 | 3.000.000,00 |
| 19 | СЛЕДЕЊЕ НА САНИТАРНО-ХИГИЕНСКАТА СОСТОЈБА ВО КУЈНИТЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ | тековно од февруари 2026 | 200.000,00 |
| 20 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УНИФОРМИ ЗА СИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ | Февруари 2026 | 300.000,00 |
| 21 | ВОВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ И СЕРВИСИ ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР | Февруари 2026 | 3.000.000,00 |
| 22 | РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР | континуирано | 200.000,00 |
| 23 | „НОСТАЛГИЈА ЗА КОРЗО-СЕЌАВАЊА ЗА ЕДНО УБАВО ВРЕМЕ" | април-мај 2026 | 60.000,00 |
| 24 | ЗАСТАПЕНОСТ НА СВОЕВРЕМЕНИОТ НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ ДОМАЌИНСТВО ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО СОРАБОТКА СО ПЕНЗИОНЕРИТЕ | континуирано | 70.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25 | ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ ИГРИ 2026 | април-мај 2026 | 50.000,00 |
| 26 | ПОДАРИ НАСМЕВКА, САКАЈ ГО СВОЕТО СЕМЕЈСТВО! | континуирано | 50.000,00 |
| 27 | Унапредување на оралното здравје кај деца од предучилишна и училишна возраст, граѓани од социјално загрозени семејства и корисници на пензија, жители на Општина Центар-Скопје | Континуирано во текот на цела година | 0,00 денари |
| 28 | Трансфер при пензионирање на вработените во градинките | Континуирано во текот на цела година | 1.200.000,00 |
| 29 | Поддршка за повозрасните граѓани – пензионери во социјален ризик | Континуирано во текот на цела година | 7.000.000,00 |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **36.700.000,00** |

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. *Инклузија на граѓани од ранливи категории*
2. *Инклузија на сите деца во предучилишниот образовен процес*
3. *Унапреден систем за социјална и здравствена заштита на локално ниво*
4. *Социјални услуги достапни за граѓаните од ранливи категории на локално ниво*
5. *Еднакви можности за сите социјални категории*
6. *Безбедна средина за учење и дружење*

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **36.700.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година.

Определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2026 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-6365/24
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/27
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Со донесувањето на системските закони што се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност што се однесува на задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.Програмата се подготвува и спроведува во согласност со принципите на еднакви можности и родова еднаквост, со цел обезбедување еднаков пристап, учество и корист од културните содржини за жените и мажите, девојчињата и момчињата, како и за различни возрасни и социјални групи на жители на Општина Центар-Скопје.

## 1. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за култура е подготвена во координација со претставниците од Советот на Општина Центар-Скопје, Одделението за култура, граѓаните и граѓанските организации, со што се овозможи граѓаните да бидат вклучени во процесот на одлучување и преку свои предлози и идеи за проекти и активности таа да претставува отсликување на потребите на граѓаните. Во процесот на подготовка на Програмата се земени предвид и родово чувствителни аспекти, со цел идентификување на различните културни потреби и интереси на жените и мажите, како основа за поинклузивно планирање на културните активности.

## 2. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

### 2.1 Општо-целни групи

Програмата на Одделението за култура ги таргетира граѓаните на Општина Центар-Скопје, жените и мажите, девојчињата и момчињата**,** вклучително и најмладите. Преку активностите и проектите предвидени во Програмата се опфаќаат и граѓанските организации што придонесуваат во развојот на инклузивниот процес за

вклученост во процесот на одлучување. Оваа Програма предвидува и директна соработка со граѓанските организации што укажува на фактот дека тие ни се главна таргет-група.

### 2.2 Крајни корисници

- Сите генерации жители во Општината.

## 3. ЦЕЛ / ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

### 3.1 Основни цели/приоритети

Основни цели на Програмата на Општина Центар-Скопје од областа на културата:

- Приближување на културата до сите граѓани.

  Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Центар-Скопје, жените и мажите рамноправно да учествуваат во културата и во културните случувања како творци и како корисници.

- Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите.

Земајќи ја предвид перспективата на културниот развој, особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештвото и задоволувањето на културните потреби на младите. Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата од нови изразни средства, експериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија, како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културните содржини и вредности за младата популација.
При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово и одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на Програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол кои се финансираат од оваа Програма.

### 3.2 Специфични цели/приоритети

- Подигнување на културата на повисоко ниво
- Промовирање на европските вредности
- Стимулирање на креативното творештво и изразување на младите
- Развивање на натпреварувачкиот дух кај младите од обласа на културата
- Интерактивно искуство кај сите возрасни категории
- Анимација и зголемување на интересот за музичка уметност (популарна, класична, џез-музика, рок музика и народна музика)
- Поддршка на визуелната уметност

- Соработка со уметници-креативци од Општина Центар-Скопје
- Организирање дебати од областа на книжевноста
- Унапредување на соработката со национални институции од областа на културата
- Развивање и негување на културни афинитети кај пензионерите
- Поттикнување еднакво учество на мажите и жените, момчињата и девојчињата во културните манифестации и активности

### 3.3 Одговорни сектори и одделенија

- Сектор за јавни дејности
- Одделение за култура

### 3.4 Поврзаност со други области и сектори

- Одделение за образование, спорт и млади
- Одделение за детска и социјална заштита
- Сектор за поддршка на градоначалникот
- Град Скопје

## 4. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

**Проекти во Програмата за култура за 2026 година**

### 4.1 Прослава на животот на Горан Стефановски

По повод роденденот на Горан Стефановски водечки македонски драматург, сценарист, есеист, предавач и јавен интелектуалец, Општина Центар секоја година на 27 април организира пригоден настан за да го прослави животот на еден од најпознатите дебармаалци.

**Време на реализација: април 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 300.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4.2 Ден на Општината - 3 Ноември

Општина Центар важи за една од најтранспарентните општини во државата. Во рамките на одбележувањето на денот ќе се организираат соодветни културни активности во самиот двор на Општината, а нејзините врати ќе бидат отворени за сите граѓани.

**Време на реализација: ноември 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 140.000,00 денари**

### 4.3 Најдоброто од Центар

Овој проект е наменет за претставување на младите таленти од Општина Центар што се ученици во основните општински училишта, а кои наедно се добитници на стипендија за култура. Настанот предвидува доделување решенијата за стипендии на талентираните ученици, како и нивен музичко-сценски перформанс.

**Време на реализација: ноември 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 60.000,00 денари (озвучување)**

### 4.4 Светски ден на поезијата

За Денот на поезијата - 21 март ќе реализираме проект посветен на пишаниот збор и ќе го посветиме на најпознатите творби од македонските писатели преточени во музика. Во рамките на проектот ќе се изработат музички аранжмани на безвременските дела од македонското литературно творештво, а целиот спој на музика и поезија ќе биде презентиран во просториите на КСП Центар-Јадро.

**Време на реализација: март 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 400.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4.5 Светски ден на уметноста – Центарски улици 4

Уличната перформативна уметност често и силно е присутна на улиците во поголемите светски и културни центри со многубројни музички, акробатски, танцувачки и друг вид изведувачи. По повод Светскиот ден на уметноста оваа година ќе бидат ангажирани улични артисти што преку својот перформанс ќе раскажат уште една центарска приказна.

**Време на реализација: април 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 1.000.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4.6 Центарска симфонија

Под отворено небо, на платото кај Градски ѕид, предвидено е да се одржи концерт на филмска музика во изведба на професионални музичари (филхармониски оркестар). Целта на овој проект е културно воздигнување на целата популација и доближување на класичната музика кај помладата генерација.

**Време на реализација: јуни 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 2.000.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4.7 Обезбедување простор и покривање на режиските трошоци за општинските читалници

Во согласност со Правилникот за обезбедување простор и покривање на режиски трошоци за општинските читалници и Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година, Општината обезбедува простор за своите читалници „Славко Јаневски" и „Ацо Шопов" и ги покрива трошоците за комуналии и кирија. Намената на читалниците, покрај едукативната дејност со големиот фонд книги со

кои располагаат, е да се користат и како место за средби и дружења. Исто така, предвидено е плански да се организираат и одредени активности според потребите на секторите во Општината.

**Време на реализација: во текот на целата година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 200.000,00 денари**

### 4.8 Мурали и графити

Со цел да се збогати визуелниот изглед на објектите во Општината, планирано е на соодветни локации да се изработат мурали и графити. Тие ќе им бидат наменети на познати и еминентни личности од сите сфери на животот што оставиле трага во својата професија или пак ќе бидат посветени на значајни настани од областа на културата. Во рамките на проектот ќе се спроведат теренски активности за утврдување на потенцијални локации за негова реализација, а преку Јавен повик, ќе се избере идејно решение за изгледот на новиот мини мурал/графит.

**Време на реализација: втора половина од 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 1.000.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4.9 Нож и виљушка на европска чинија

По повод одбележувањето на 15 мај - Меѓународниот ден на семејството, Општина Центар преку Јавен повик во соработка со соодветни институции, здруженија и правни субјекти ќе го организира настанот „Нож и виљушка на европска чинија" со цел во него да се вклучат и претставници на земјите од соседството и од Европската Унија, од конзуларните претставништва и амбасадите. Во овој проект е планирано да бидат претставени карактеристични производи од прехранбената дејност преку традиционалната македонска и европска храна. Ова ќе претставува можност за сестрано претставување на различните култури, а гастрономските креативности ќе придонесат за запознавање со поинаков начин и стил на живеење. Настанот ќе биде збогатен со сценско-музички точки на културно-уметнички друштва и млади музичари. Исто така, во рамките на проектот ќе бидат организирани и креативни работилници за децата во кои ќе бидат вклучени и највозрасните жители на Општината како едукатори.

**Време на реализација: мај 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура во соработка со здруженија и правни субјекти од областа на културата**
**Вкупно средства: 500.000 денари преку Јавен повик**

### 4.10 Нешто што ќе остане

„Нешто што ќе остане" е проект што ќе биде традиционален и негова цел е афирмирање на македонската музика и поддршка на македонските изведувачи. Во светот што се менува, музичката нота на македонското поднебје го отсликува битот на битисувањето. Општина Центар настојува да даде свој придонес во афирмирањето на македонската музика преку организирање музички хепенинг на кој ќе се претставaт наши уметници и жителите на градот ќе добијат забава и

доживување. Ова е нешто што ќе остане од тие пред нас, нешто што ќе остане за нас и нешто што ќе остане за оние што доаѓаат по нас.
**Време на реализација: септември 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 3.000.000 денари преку Јавен повик**

### 4.11 Вечер под ѕвездите

Општина Центар ќе организира предновогодишно дружење за сите возрасни категории. Во проектот е предвидено да се организираат настани со кои ќе се обележи завршувањето на годината со надеж дека следната ќе биде поблагодатна за сите. Барем една вечер Општина Центар ќе им овозможи на граѓаните сите грижи да ги остават зад себе.
**Време на реализација: декември 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 1.500.000 денари преку Јавен повик**

### 4.12 Детски фестивал „Детелинка"

Љубовта кон музиката и нејзините интерпретации се вештини кои можат да се поттикнат, поддржат и развиваат, особено во раниот период на детскиот живот. Креативноста на кадарот на предучилишните установи може да биде непресушен извор на идеи и креации, но само доколку соодветно се поттикне, мотивира и промовира. Почнувајќи од оваа година, Општина Центар во соработка со градинките на нашата територија ќе реализира детски фестивал на кој ќе бидат изведени детски песни компонирани од стручните служби на овие установи. Идејата на првиот центарски детски предучилишен музички фестивал „Детелинка" е да се промовира креативноста и творештво на воспитниот и стручен кадар, преку јавна промоција на автентичниеснички содадени од страна на вработените во Установата, и тоа преку музичко-сценскиот настап на децата. Овој фестивал ќе понуди и можност за откривање на нови афинитети и таленти и тоа преку оргaнизирање на настан кој во иднина би ги поврзал и вмрежил градинките и институциите кои делуваат во развој на креативноста и музиката.
**Време на реализација: прва половина од 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 700.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4.13 Звукот на иднината (We Will Rock You)

Станува збор за проект наменет на младите македонски музички таленти кои се едуцираат и бараат можност да ѝ се претстават на публиката во Центар, но и пошироко. Во времетраење од 2 часа ќе бидат изведени 25 композиции – кавер изведби на легендарни рок бендови и артисти. Проектот има за цел да ја популаризира рок музиката во урбаната средина, како и да даде поддршка на младите и неафирмирани музичари.
**Време на реализација: мај 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 1.400.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4. 14 7/8 Центарски Такт

Значењето на културното наследство и традиција не е само врска со нашето минато, туку е чувар на идентитетот на еден народ. Во светлината на современите предизвици и промени, ова културно наследство, конкретно македонскиот фолклор е нешто што го одбележува и го дефинира народот и културата на Македонија, чувајќи ги живи и витални низ времето. Општина Центар ќе организира настан посветен на македонската народна песна и фолклорна традиција. Имено, предвидено е да биде поставена изложба на македонски народни носии, да се одржи дефиле на културно-уметничките друштва што функционираат на територијата на Општина Центар, а вечерта да биде заокружена со ретроспектива на најпознатите фестивалски песни од народен карактер.

**Време на реализација: јули 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 1.000.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4.15 Негување на старите традиции за Бадник, Маџир Маало и други маала

Секоја година, почнувајќи од 1993 година, успешно опстанува скопската традиција за заедничка прослава на Бадник. Исто така, жителите на Маџир Маало и вљубениците во традицијата живеат за познатите Маџирмаалски средби. Овие два настана ја прават Општина Центар-Скопје место познато по негувањето на добрососедството, пријателството и традицијата. Општина Центар финансиски ќе поддржи и други маалски средби од ваков вид.

**Време на реализација: прва половина од 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 200.000,00 денари** (директно финансирање)

### 4.16 Доделување стипендии на талентирани ученици од областа на културното творештво

За учениците од основните училишта во Општината што постигнале врвни резултати на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари предвидуваме стипендии според претходно утврдени критериуми и услови. Овие стипендии имаат цел да го стимулираат талентот за културно творештво кај младите.

**Време на реализација: тековната учебна година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 1.000.000,00 денари**

### 4.17 Европска престолнина на културата - Скопје 2028

Во рамките на потпишаниот Меморандум за соработка со Град Скопје, Општина Центар, во согласност со своите надлежности за времетраењето на проектот „Европска престолнина на културата - Скопје 2028", ќе организира културни

настани и манифестации што ќе бидат составен дел од овој проект. Во зависност од програмските активности, на сите печатени материјали и електронски објави, на видно поле ќе се поставаат логото на ЕПК, логото на Град Скопје и логото на Општина Центар-Скопје.

**Време на реализација: во текот на целата 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура; Град Скопје**
**Вкупно средства: за реализација на овој проект не се предвидени финансиски средства**

### 4.18 Тематски организирани прошетки со граѓаните за поблиско запознавање со културните обележја на Општина Центар

Проектот има за цел запознавање со уметничките, архитектонските, историските и други вредности на културното опкружување во кое секојдневно се движат и живеат граѓаните на Центар и Скопје. Ќе бидат опфатени византиската архитектура, брутализмот, спомениците посветени на жените во македонската историја, модерната и современата уметност и други помалку видливи и познати обележја и факти за Скопје. Реализацијата ќе се одвива во зависност од интересот во три пролетни месеци (април, мај и јуни) и три есенски месеци (септември, октомври и ноември) со ангажирање на стручен водич, историчар на уметноста и кустос во областа на едукацијата. Во Буџетот што дополнително ќе се издвои, предвидени се хонорари за секоја поединечна прошетка на стручниот водич и печатење на пропагандни брошури.
**Време на реализација: три пролетни месеци (април, мај и јуни) и три есенски месеци (септември, октомври и ноември)**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 300.000,00 денари преку Јавен повик**

### 4.19 Едукативна поддршка за основното образование и градинките „Од букви до соништа"

Проектот има за цел да обезбеди комплети лектири, дидактички и едукативни материјали за децата од основното образование и градинките во Општина Центар. Со оваа иницијатива се поттикнува љубовта кон читањето, се поддржува креативното учење и се создава богата средина за развој на детската имагинација и критичко размислување. Проектот е насочен кон градење традиција на поддршка на младите генерации, обезбедувајќи им алатки за знаење, радост и инспирација уште од најрана возраст. Покрај збогатување на фондот на училишните библиотеки, обезбедувањето на овие материјали ќе овозможи: подобрување на пристапот до квалитетна литература и лектири, поттикнување на креативноста преку дидактички игри и активности, развивање на основни когнитивни и социјални вештини кај децата и јакнење на образовниот процес и создавање трајни навики за учење и читање.
**Време на реализација: тековната учебна година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 600.000,00 денари (јавна набавка)**

## 5. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ И ПРОЕКТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА

### 5.1 Поддршка на културни настани и проекти

Општината планира да им излезе во пресрет на граѓански здруженија и физички лица од областа на културата и уметноста преку обезбедување простор за театарски претстави за деца и за возрасни, концерти и други форми на изразување.

### 5.2 Соработка со уметници и организирање работилници

Реализација на соработка со различни уметници и здруженија, со цел негување на фолклорот, занаетчиството и слични културни вредности.

## 6. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАСТАНИ И НА ЛИЧНОСТИ

Во рамки на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2026 година, а со цел Општината да даде свој придонес во афирмирањето на македонската култура и историја, се објавува Јавен повик за реализација на проектот „Одбележување на настани и личности“. Во рамките на овој проект, предвидено е да се организира настан за одбележување на истакнати личности од Општина Центар кои твореле и делувале во сите сфери на животот и кои оставиле трага во својата професија, како и одбележување на јубилејни годишнини од значајни настани од македонската култура и историја.

**Време на реализација: во текот на целата 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 100.000,00 денари преку Јавен повик**

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

- Промоција на културната сцена на територијата на Општина Центар
- Стимулирање млади уметници
- Поддршка на граѓански организации што работат во областа на културата
- Развивање на креативните и на творечките вештини кај учениците од основните општински училишта и кај децата од градинките во Општина Центар
- Промовирање на алтернативната сцена
- Промоција на историските знаменитости во Општина Центар
- Поттикнување дебати од областа на културата
- Промоција на скверови и културни установи во Општина Центар во насока на институционална поддршка на уметниците
- Поттикнување на млади писатели, театарски и филмски уметници, музичари
- Стимулирање на интерактивно искуство преку разни манифестации

При планирањето и реализацијата на сите проекти ќе се води сметка за родово балансирано учество на автори, изведувачи и корисници, како и за промоција на културни содржини што придонесуваат за еднаквост и инклузивност.

# 8. ФИНАНСИРАЊЕ

## 8.1 НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година.
Определени финансиски средства може да бидат обезбедени од спонзорства и од донации.
За одредени активости што не се содржани во Програмата, а за кои Советот на Општина Центар-Скопје, на предлог на Градоначалникот, ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје. Прегледот на финансиски средства за реализација на Програмата е составен дел на оваа Програма.
Распределбата на средствата ќе се врши во согласност со принципите на правичност, недискриминација и родова еднаквост, со цел постигнување родово одговорно буџетирање во областа на културата.

## 8.2 ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА - Конкурс за поддршка на проекти од сите области на културата

Во согласност со добрата практика на Општина Центар-Скопје ќе се распише Конкурс за финансиска поддршка на граѓанските здруженија, правните субјекти и физичките лица што извршуваат дејности од сите области на културата. Средствата што се обезбедени од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година имаат цел да го помогнат функционирањето на здруженијата со седиште на територијата на Општината, а наедно да го поттикнат и културниот напредок на младите и неафирмирани уметници. По завршувањето на проектите, секој реализатор е должен до Одделението за култура да достави Извештај за реализација на одобрените средства.

**Време на реализација: прва половина од 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура**
**Вкупно средства: 7.000.000,00 денари**

## 8.3 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МЕШОВИТА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА „КУЛТУРНО СОЦИЈАЛЕН ПРОСТОР ЦЕНТАР-ЈАДРО“

Оваа установа е основана од Општина Центар-Скопје со Одлука за основање на мешовита установа од областа на културата („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 15/16) и претставува единствен пример на цивилно-јавно партнерство од оваа област во Република Северна Македонија. Со предвидените средства Општина Центар ќе ги покрие режиските трошоци на КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО, а во соработка со корисниците на оваа установа ќе реализира содржини од различни дисциплини и интердисциплинарни области наменети за пошироката заедница.

**Време на реализација: во текот на целата 2026 година**
**Реализатор: Одделение за култура; КСП ЦЕНТАР-ЈАДРО**
**Вкупно средства: 3.000.000,00 денари**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **КУЛТУРА** | **Планирани средства 25.400.000,00** |
| | | | | |
| | | | | **Разни трансфери** |
| | | | **Други трансфери**<br>**-Културни настани и манифестации:** | |
| | **425920**<br>**426990** | | **Печатарски услуги**<br>**Оперативни расходи** | 200.000,00<br>3.100.000,00 |
| | **425110**<br><br>**464990** | | **Изнајмување на простор за читалници**<br>**-Негување на стари традиции за Бадник и Маџир маало**<br>**-Фин.поддршка на установа Центар-Јадро**<br>**- Програмски активности**<br>**-Конкурс за поддршка на проекти од сите области на културата** | 200.000,00<br><br>200.000,00<br><br>3.000.000,00<br>10.700.000,00<br>7.000.000,00 |
| | **464120** | | **Стипендии за подршка на млади таленти** | 1.000.000,00 |

## 9. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол кои се финансираат од оваа програма.

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/26
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за образование**
**на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/29
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 15 став 1 точка 6 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 140
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКАТА НА ПРОГРАМАТА........ 140
3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ ........ 140
3.1 Општо – целни групи ........ 140
3.2 Крајни корисници........ 140
4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА........ 140
4.1 Основни цели/приоритети........ 140
4.2 Специфични цели/приоритети ........ 141
4.3 Одговорни сектори и одделенија........ 141
4.4 Поврзаност со други области и сектори........ 141
5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ........ 141
5.1 Проекти ........ 141
6. Кофинансирање на тековни трошоци........12
7. Финансиска поддршка на проекти и активности........13
8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА........155
9. ФИНАНСИРАЊЕ........18

# 1. ВОВЕД

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување знаења, вештини и способности за совладување на потребите (образовна компонента) и стекнување животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него (воспитна компонента).

Современиот пристап укажува дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање и процес што треба константно да се надградува. Поголемото инвестирање и подигнувањето на нивото на инвестирање се битен фактор во развојот на образованието.

# 2.НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКАТА НА ПРОГРАМАТА

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на основните училишта, со советниците од Општина Центар-Скопје и со Одделението за образование.

Во методологијата се користени наративните и финансиските извештаите од основните училишта.

# 3.ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

## 3.1 Општо-целни групи

Програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2026 година ги таргетира ученичките/учениците, наставниците/наставничките, стручните и техничките служби од општинските основни училишта.

Исто така, со оваа Програма значително се опфатени и ученичките/учениците што доаѓаат од семејства во социјален ризик, со цел нивното образование да се реализира непречено. Во вонучилишните активности се опфатени сите ученици.

## 3.2 Крајни корисници

Ученички/ученици, наставнички/наставници, стручни и технички служби од општинските основни училишта.

# 4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

## 4.1 Основни цели/приоритети

Еден од клучните предизвици на образовната политика и на образовниот систем во основните училишта на територијата на Општина Центар-Скопје во наредниот период ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес на младите во рамките на законските можности. Програмата ќе помогне во поттикнувањето и во негувањето на детската љубопитност, сознајните активности и креативноста, развивањето на мотивите и на условите за афирмирање на личноста на ученичката/ученикот. Исто така, целиме кон воспоставување европски принципи за образовен процес што треба дополнително да го стимулира развојот на децата, рамномерен пристап кон решавање на утврдените потреби во сите училишта, незаборавајќи на потребите на ниедно училиште, ниеден ученик.

## 4.2 Специфични цели/приоритети

4.2.1 Обезбедување квалитетна настава за ученичките/учениците во ООУ
4.2.2 Обезбедување чиста и здрава средина за работа
4.2.3 Обезбедување поквалитетни услови за инклузивно образование
4.2.4 Обезбедување здрав физички развој на ученичките/учениците
4.2.5 Мотивација и наградување на најдобрите
4.2.6 Обезбедување квалитетни воннаставни активности и неформално бразование
4.2.7 Вклучување на родителите во процесот на образование
4.2.8 Развивање демократски капацитети кај ученичките/учениците
4.2.9 Поддршка на ученичките/учениците од семејства во социјален ризик
4.2.10 Надминување на социјалните разлики меѓу ученичките/учениците
4.2.11 Квалитетно исполнување на времето на ученичките/ учениците и надвор од училишните часови
4.2.12 Зголемување на безбедноста на ученичките/учениците за време на нивниот престој во училиштата
4.2.13 Збогатување на културно-забавниот живот на ученичките/учениците и наставничките/наставниците

### 4.3 Одговорни сектори и одделенија

1. Сектор за јавни дејности
2. Одделение за образование

### 4.4 Поврзаност со други области и сектори

Одделение за спорт и млади
Одделение за детска и социјална заштита
Одделение за култура

## 5 ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

## 5.1 Проекти

1. **Доделување стипендии на ученички/ученици од семејства во социјален ризик од општинските основни училишта**
   Специфична цел 4.2.9

На подрачјето на Општина Центар има осум основни училишта со повеќе од 4.900 ученички/ученици. Меѓу нив има ученички/ученици од социјално загрозени семејства што се истакнуваат по одредени предмети или области. Општина Центар смета дека социјалниот статус на овие талентирани деца не треба да претставува пречка за нивниот натамошен напредок.

Општина Центар предвидува финансиски средства што на овие ученички/ученици ќе им се доделуваат како стипендии, а нив ќе ги предлага училишна комисија според претходно утврдени критериуми за доделување стипендии. За секое основно училиште ќе се доделува по една стипендија, во согласност со критериумите.

**Целни групи:** ученички/ученици од социјално ранливи категории од општинските основни училишта

**Очекувани резултати:**
- учество на разни натпревари
- создавање вистински вредности и навики кај ученичките/учениците
- стимулирање на потенцијалот кај талентирани деца од семејства во социјален ризик

**Време на реализација**: континуирано во текот на учебната година (октомври-мај) 2025/2026 година
**Реализатор**: Одделението за образование - Општина Центар
**Вкупно средства: 330.000,00 денари**

2. **Доделување стипендии на талентирани ученички/ученици од општинските основни училишта во областа на науката, техниката и посебните вештини**
   Специфична цел 4.2.5

На подрачјето на Општина Центар има осум основни училишта со повеќе од 4.900 ученици. Голем број од нив се истакнуваат по одредени предмети во областа на науката и техниката. Тие, освен континуиран одличен успех (5.00), постигнуваат врвни резултати на општинските, регионалните, државните натпревари, како и на меѓународни натпревари и олимпијади (прво, второ и трето место).

За овие ученички/ученици Општина Центар предвидува финансиски средства што ќе им се доделуваат како стипендии. Комисијата формирана од Градоначалникот ги утврдува критериумите за доделување стипендии, условите и начинот на пријавување на кандидатите, што ги исполнуваат критериумите.

**Целни групи:** талентирани ученички/ученици од општинските основни училишта
**Очекувани резултати:**
- учество на разни натпревари од повеќе области на науката, техниката и посебните вештини и претставување на училиштата од Општина Центар
- создавање вистински вредности и навики кај ученичките/учениците
- развивање, стимулирање и следење на талентот

**Време на реализација:** континуирано во текот на учебната година (октомври-мај) 2025/2026 година
**Реализатор:** Одделение за образование - Општина Центар
**Вкупно средства: 1.700.000,00 денари**

3. **Првенци на генерација - Награди за полуматуранти**
   Специфична цел 4.2.5

Имајќи предвид дека основното образование е темел на натамошното школување и интелектуален развој, Општина Центар предвидува награди за најдобрите од генерацијата, по еден/една ученичка/ученик од секое училиште. Оваа награда е предвидена со цел да се стимулираат младите за натамошен развој, како и постигнување успех на професионален план. Најдобрите ученички/ученици полуматуранти што училиштето ги избрало за првенци на генерација, по претходно утврдени критериуми на училиштето, Градоначалникот на свечен прием ги наградува за да ги мотивира.

**Целни групи:** ученички/ученици - првенци на генерација што го завршуваат основното образование во општинските основни училишта.

**Очекувани резултати:**

- стимулирање на натпреварувачкиот дух меѓу ученичките/учениците
- мотив за учество на разни натпревари
- создавање вистински вредности кај ученичките/учениците
- стимулирање за натамошен развој во образовниот процес

**Време на реализација:** мај 2026 година
**Реализатор**: Одделение за образование - Општина Центар
**Вкупно средства: 180.000,00 денари**

4. **Доделување награди на најдобрите наставнички/наставници и стручни соработници**

Специфична цел 4.2.5

Воспитанието и образованието како педагошки процеси меѓусебно се условени и дијалектички поврзани. Условите во кои се реализира образованието ја определуваат и неговата цел, што значи: изградба и развивање врз база и по пат на пренесување и усвојување на научени знаења, интелектуални, работни, технички, производни, хигиенски, културни и други вештини и навики. Без квалитетен наставен кадар, нема квалитетно образование. Учителот е огледало, модел на позитивно однесување пред ученичките/учениците, тој е нивен пријател, другар и придружник низ детството и младоста. Од тие причини Општина Центар-Скопје сака да ги стимулира и да ги мотивира одделенските и предметните наставнички/наставници, како и стручни соработници за уште поголема посветеност во работата со учениците и за таа цел да ги награди најдобрите одделенски и предметни наставници и стручни соработници. Оваа година Општината ќе награди осум (8) одделенски и осум (8) предметни наставници и стручни соработници. Наставничкиот совет од секое училиште до Општината доставува Записник со предложени вкупно четири (4) кандидати, по двајца (2) кандидати од одделенска и двајца (2) кандидати од предметна настава, а стручни соработници како кандидат влегува во одделенска или во предметна настава врз основа на претходно утврдени критериуми од Општината. Училиштето ја доставува целокупната документација до Архивата на општината. Комисијата ги разгледува и доставува Предлог и Решение до градоначалникот за избор на најдобри наставници од одделенска и предметна настава како и стручните соработници.

**Целни групи:** наставничкиот кадар и стручни соработници во основните општински училишта
**Очекувани резултати:**

- стимулирање на натпреварувачкиот дух меѓу наставничките/наставниците и стручни соработници
- мотив за учество на разни натпревари
- мотивација за поголем ангажман и посветеност на работата

**Време на реализација:** мај 2026 година
**Реализатор**: Одделение за образование - Општина Центар
**Вкупно средства: 550.000,00 денари**

5. **Следење на санитарно-хигиенската состојба во училишните кујни**

Специфична цел 4.2.2

Проектот за санитарно-хигиенската состојба успешно се реализира во основните училишта во Општина Центар и финансиски е покриен од Општината. Во сите осум училишта во Општина Центар има кујни со трпезарии каде што се приготвува топол оброк и се служи храна за ученичките/учениците од прво до петто одделение, како и ужини за поголемите ученички/ученици.

Цел на овој проект е да се зголеми контролата врз храната, врз условите во кои се приготвува и врз персоналот што ја подготвува и ја служи. Контрола врши специјализирана медицинска установа, а по извршените увиди и земените брисеви таа е обврзана да ја информира Општината за состојбата во училишните кујни, како и да даде упатства за отстранување на евентуалните забелешки и пропусти.

**Целни групи:** ученички/ученици во основните училишта
**Очекувани резултати:**

- подобрување на квалитетот на храната
- подобрување на условите за приготвување и за служење храна

**Реализатор:** Општина Центар
**Вкупно средства: 200.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

## 6. Дејствувај за подобро оролно здравје

Оралното здравје или "Здравата уста" е од суштинско значење за да го задржи правилното функционирање на организмот и севкупното здравје и квалитет на животот.Оралното здравје претставува здравје на оралните ткива и ткивата кои се поврзани со нив и овозможува индивидуата да ги извршува сите функции без никакви знаци на болест, непријатности или пречки. Со стоматолошката заштита се спречува настанување на оралните заболувања или прогресија на веќе постоечките заболувања на оралните ткива.

Денот на оралното здравје се одбележува на 20 март, датумот 20 е избран затоа што децата имаат 20 млечни заби, а повозрасните треба да имаат 20 природни заби на крајот од својот живот.Целта на одбележувањето е подигање на свеста, како и поттикнување на семејството и заедницата да преземат мерки за намалување на штетните последици кои ги предизвикуваат оралните болести. На овој настан децата ќе научат како правилно се четкаат забите, како се одржува оралната хигиена и колку е важно оралното здравје.

Особено е важна грижата за оралното здравје во најраната возраст, кога се усвојуваат навиките. Оралните болести претставуваат проблем за децата и влијаат врз квалитетот на нивниот живот и целокупното здравје.

Оралното здравје е многу повеќе од убава насмевка.

**Целни групи:** децата од прво одделение во основните училишта на Општина Центар-Скопје.

**Очекувани резултати:**

- преку овој настан децата ќе научат колку е важно одржувањето на хигиената на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност кај децата и стекнување на знаења за здравите и правилните навики.

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности – Одделение за образование, млади и спорт;
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Стоматолошки Факултет – Скопје.

**Период на реализација: февруари – мај 2026 година.**
**Буџет: 0,00 денари**

7. **Обезбедување на училишните објекти**
   Специфична цел 4.2.12

Целта на овој проект е да се подобри безбедноста на учениците за време на наставата, што претставува и еден од врвните приоритети на Општина Центар. Поради тоа, Општина Центар ќе го реализира обезбедувањето на училишните објекти од свои средства. Со тоа родителите ќе бидат ослободени од дополнителни трошоци за финансирање на обезбедувањето во училиштето.

**Начин на обезбедување на училишните објекти**
- Ангажирање лице за обезбедување на објектот од страна на училиштата. Планираните средства ке бидат префрлени на нивните сметки.

**Целни групи:** учениците и основните училишта
**Очекувани резултати:**
- подобрување на безбедноста на ученичките/учениците
- подобрување на условите за работа
- заштита на училишниот имот

**Време на реализација:** континуирано во текот на учебната година
**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 5.000.000,00 денари**

8. **Поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на училиштата и општината, како и дополнителна нивна едукација**

   Специфична цел 4.2.5

Во основните училишта во Општина Центар има ученички/ученици и наставници со високи достигнувања во различни области. Покрај високите достигнувања на општинско, регионално и на државно ниво, тие учествуваат и на меѓународни натпревари и понекогаш постигнуваат многу високи резултати. Овие резултати се значајни и претставуваат промоција како за ученичките/учениците, наставниците и училиштата, така и за Општина Центар.

Општина Центар и досега наоѓаше начини да им помогне на овие ученички/ученици и да даде финансиска поддршка за нивно учество на меѓународни натпревари, како поттик за натамошна работа.

Средствата што ќе се доделуваат ќе може да се користат за превоз, котизација или за сместување на учесниците (ученички/ученици и наставници-ментори), како и за активности поврзани со промоција на училиштата и општината, и за дополнителна нивна едукација.

Износот што ќе се додели по ученичка/ученик, наставникот/наставничката не е дефиниран и ќе зависи од местото каде што се одржува натпреварот (оддалеченост), висината на котизацијата, други обезбедени средства и сл.

**Целни групи:** ученички/ученици и наставници со високи постигнувања во различни области

**Очекувани резултати:**

- обезбедена финансиска поддршка за учество на натпревари на различно ниво
- поттик за натамошна работа и вложување на учениците

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 500.000,00 денари**

## 9. Награди за училишта

Специфични цели 4.2.2, 4.2.4, 4.2.5, 4.2.11

Со цел да ја подигнеме свеста на ученичките/учениците, родителите и наставничките/наставниците за важноста на животната средина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, ќе реализираме натпревар меѓу нашите осум основни училишта за најдобро уредена училница или кабинет со рециклирани материјали. Идејата е да ја мотивираме креативноста кај ученичките/учениците, родителите и наставничките/наставниците во создавањето корисен и пријатен амбиент за престој и активности од рециклиран материјал, а во исто време да ја потенцираме важноста на рециклирањето и да му дадеме втора шанса на веќе искористениот материјал.

Општината ќе објави конкурс за најдобро уредено училиште со рециклирани материјали во февруари тековната година, а оценувањето ќе биде во мај. Оценувањето ќе го врши комисија составена од вработени во Општината и советници од Советот на Општина Центар, експерти во областа на животната средина. Добитници ќе бидат три училишта и ќе бидат наградени со парична награда во висина од 50.000 денари за прво место, 30.000 денари за второ и 20.000 денари за трето место.

**Целни групи:**

- основни училишта во Општина Центар
- ученички/ученици, родители и наставен кадар од Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- поттикната мотивираност и креативност кај ученичките/учениците, родителите и наставниот кадар за создавање здрава и корисна средина за нивен престој

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 120.000,00 денари**

## 10. Финансиска поддршка на општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за ангажирање дополнителен технички персонал – хигиеничари

Општината, во координација со училиштата, редовно се грижеше за одржување на хигиената во училишните објекти. Имајќи ја предвид проблемите со кои се соочуваат училиштата, во согласност со протоколот пропишан од надлежните институции за

одржување хигиена, Општината ќе обезбеди финансиска поддршка за ангажирање дополнителен технички кадар во основните училишта. Потребниот износ за нивен ангажман Општината ќе го префрли на сметка на училиштата. Ангажманот и понатамошната исплата ќе се одвива според постапките на училиштата, согласно надлежните законски процедури.

**Очекувани резултати:**

- подобрени хигиенски услови во училиштата
- зголемен број на вработени лица во секое училиште согласно потребите

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 3.000.000,00 денари**

**11. Купување информатичка опрема**

Од својот буџет Општината ќе издвои средства за набавка на лаптопи, персонални компјутери, проектори, смарт табли и друга информатичка опрема за потребите на основните училиштата затоа што им недостигаат сопствени средства, со цел да се постигне поефикасно функционирање на наставата според новата концепција за основно образование.

**Очекувани резултати:**

- подобрување на образовниот процес во училиштата
- поголема ефективност во исполнувањето на целите на содржините од наставниот процес

**Реализатор:** Општина Центар

**Вкупно средства: 3.000.000,00 денари**

**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

**12. Одржување на училишните објекти**

Поради недостиг на сопствени средства, училиштата не се во состојба сами целосно да го финансираат одржувањето на училишните објекти. Поради тоа, Општината ќе им излезе во пресрет и по потреба ќе им доделува парични средства за интервенции во училишните објекти. Средствата ќе бидат распределени според потребите на општинските основни училишта.

**Очекувани резултати:**

- подобрување на условите во образованието во училиштата
- навремено санирање на недостатоците во училишните објекти

**Реализатор:** Општина Центар

**Вкупно средства: 500.000,00 денари**

**13. Денови на Општина Центар**

Планирани активности по повод роденденот на Општина Центар - 3 Ноември во кои ќе учествуваат учениците од сите осум општински основни училишта:

Конкурс за најдобра ликовна творба-три ученици ќе бидат наградени со парична награда ваучери во висина од 5.000 денари за прво место, 3.000 денари за второ и 2.000 денари за трето место.

Конкурс за најдобра литературна творба-три ученици ќе бидат наградени со парична награда ваучери во висина од 5.000 денари за прво место, 3.000 денари за второ и 2.000 денари за трето место.
Доделување стипендии од областа на науката, спортот и културата

Општина Центар, односно Одделението за образование, за сите наведени активности формира комисии што ќе ги изберат најдобрите во овие категории, а Општина Центар ќе ги награди со ваучери во висина од 5.000 денари за прво место, 3.000 денари за второ и 2.000 денари за трето место.

**Време на реализација:** ноември
**Реализатор:** Општина Центар
**Вкупно средства: 100.000,00 денари**

**14.Купување училишни ранци за сите првачиња**

Со овој проект се предвидува купување училишни ранци за првачињата во сите општински основни училишта во Општина Центар-Скопје. Учениците ќе ги добијат ранците на првиот училиштен ден.

**Време на реализација: септември**
**Реализатор: Општина Центар**
**Вкупно средства: 500.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

**15. „Театарот, уметност на емоции“**

Театарот е најстара форма на уметничко изразување. Преку неа човекот спознава, рационализира, развива вештини за активно слушање, комуницира, прифаќа, се социјализира. Како посебна вид уметност, која во себе ги вклучува и музиката, танцот, гестот, мимиката, говорот, звукот и визуелното обликување, театарот е повеќе од само обично место за забава и релаксација.

Театарот претставува определен начин на живеење, размислување и општење.

Изучувањето на театарот и драмата од најрана возраст подразбира подобар процес на социјализација, развивање на психолошките карактеристики на детето. Театарот може да биде и е помошно средство за секој млад човек во процесот на неговото професионално определување во животот.

Имајќи го предвид фактот дека денес кога заедно со сите деца на овој свет живееме во ера на претерана технолошка развиеност, во која сè помалку е присутна реалната меѓучовечка комуникација, наспроти виртуелната, театарското образование ќе му понуди

на младиот човек можност да се наврати и да го спознае совршенството на реалната комуникација.

Преку овој проект Општина Центар-Скопје предвидува низа методолошки дисциплини што имаат цел токму тоа: да се врати општењето, вистинската, реалната комуникација меѓу младите, да се поттикнат денешните млади луѓе да мечтаат, сонуваат, фантазираат и да патуваат.

Станува збор за проект што ќе се реализира во текот на јануари-март 2026 година и се однесува на избор на најдобра театарска претстава подготвена од учениците под менторство на нивните наставници по македонски јазик од осумте училишта на територија на Општина Центар. Најдобрата театарска претстава ќе биде избрана од Комисијата формирана од Градоначалникот, а ќе има можност да учествува на манифестацијата што ќе се одржи по повод Светскиот ден на театарот на 27 март 2026 година. Добитници ќе бидат три училишта и ќе бидат наградени со парична награда во висина од 30.000 денари за прво место, 20.000 денари за второ и 10.000 денари за трето место.

**Време на реализација:** јануари - март 2026 година

**Очекувани резултати:**

-Подготвени осум театарски претстави од основните училишта на територија на Општината

-Поттикнати уметнички, креативни потенцијали и способности за актерство кај учениците од училиштата во Општина Центар

**Целни групи:** ученици од основните училишта

**Реализатор**: Општина Центар и основните училишта на територија на Општина Центар-Скопје

**Вкупно средства: 60.000,00 денари**

## 16. Купување на униформи за сите ученици од општински основни училишта

Тргнувајќи од желбата да се намалат разликите меѓу учениците, од оваа година, општина Центар на секој ученик од прво до деветто одделение ќе му обезбеди комплет униформа. Во услови кога социјалните разлики се многу изразени, огромните разлики во финансиската моќ на родителите знаат да биде извор на поделби, па дури и булинг, Општина Центар излегува со мерка која треба да овозможи намалување на нееднаквостите во училиштето, и обезбедување на атмосфера во која учениците ќе можат целосно да се фокусираат на своето образование, без разлика на својот економски статус. Униформата ќе се состои од пет памучни парчиња од кои две маици со јака, две маици со долги ракави со јака и дуксер со патент. Секоја наредна учебна година, Општина Центар на новите ученици ќе им овозможува бесплатни униформи, затоа што учениците заслужуваат еднаков третман и чувство на припадност во образовните институции.

**Целни групи:** ученици од општинските основни училишта

**Очекувани резултати:**

- олеснување на буџетот на семејствата
- еднаков третман и чувство на припадност во образовните институции

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 15.000.000,00 денари**

**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

## 17. Финансиска поддршка на општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за ангажирање асистенти во воспитно образовниот процес за дневен престој

Општината, во координација со училиштата ќе обезбеди финансиска поддршка за ангажирање асистенти во воспитно образовниот процес за дневен престој во основни

училишта. Потребниот износ за нивен ангажман Општината ќе го префрли на сметка на училиштата. Ангажманот и понатамошната исплата ќе се одвива според постапките на училиштата, согласно надлежните законски процедури.

**Очекувани резултати:**

- зголемен број на вработени лица во секое училиште согласно потребите

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 2.000.000,00 денари**

**18. „За сите деца"**

Секоја година Општина Центар организира Хуманитарни настани за потребите за ученици на која им е потребна финансиска помош за лекување во државава и во странство. Од оваа година Општината планира овие настани да прераснат во традиција, со одржување на повеќе хуманитарни акции за потребите на учениците од општинските основни училишта за прибирање финансиска помош при лекување.

**Целни групи:** ученици од општинските основни училишта

**Очекувани резултати:**

- олеснување на буџетот на семејствата

**Време на реализација:** континуирано

**Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 0.00**

**19. Музика лаб**

„Музика Лаб"- овој проект дава акцент на шесто, седмо, осмо и деветто одделение во основните училиштата на територија во Општина Центар. Истата возраст се смета дека е погодна за музичко-интелектуално созревање, како и богатење на знаењето за оваа уметност, преку употреба на софтвери и напредни апликации како и интерактивни настапи, за изучување на популарната музика кај нас и во светот. Станува збор за проект што ќе се реализира во текот на учебната 2025/2026 година и се однесува на популарната македонска и странска поп и рок музика. Предвидено е да се пријават ученици од осумте основни училишта на територија на Општина Центар. Проектниот настан ќе се одржи на 8-ми октомври во „Паркот на Франкофонија" во духот на поп и рок музиката, со што ќе се одбележи почетокот на оваа учебна година како и старт на проектот при што следат три сесии етапно во сите училишта во Општина Центар. Во понатамошните програмски образовни активности учениците во текот на годината ќе музицираат, снимаат, презентираат и ќе го прошират своето знаење. Преку проектот „Музика Лаб" за сите основни училишта во Општина Центар-Скопје предвидува ученичките/учениците, да се стекнат со напредно знаење за „фукнционалноста на музичкиот занает", со цел подоцна истите да можат своето омилено хоби да го претворат во успех. Општина Центар со овој проект-настан на основците им дава можност-бина за настап и видео рекламен материјал, со кој училиштата, родителите, наставниците и Општина Центар ги меморира во времето и генерацијата како своја гордост, а истите подоцна го имаат правото на материјалот за своја промоција во процесот самосознавање и самокритичност на сопствениот талент. Овој напреден проект е дел од училишните манифестации за 2026 година. Средствата од овој проект ќе се употребат за принтање на благодарници, купување на дел од музичка опрема: ХДМИ, Аудио Кабли за приклучок, перкусии-дајре, шејкер, буба-микрофони, пулт за ноти, статив за микрофон, меморски

картички, усб меморија, како и за (печатење благодарници и постери и техничка опрема).



**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 50.000,00 денари**

20. **Фестивал на симит и погача во срцето на Скопје**

Со овој проект се одбележува денот на ослободувањето на Град Скопје во кој што ќе бидат вклучени пензионерите од Здружението на пензионери на Општина Центар, членови и почитувачи на Сојузот на борци од општинската организација на Центар како и културни работници и ученици од основните училишта на општината. Во склоп на проектот се предвидува реализирање на фестивалот со хуманитарен продажен базар во просторот кај муралот на Горан Стефановски до основното училиште „Коле Неделковски“. Граѓаните ќе можат да ја дегустираат скопската симит и погача и други гастрономски традиционални специјалитети подготвена од вештите раце од Активот на жени пензионерки од Центар. На младите генерации ќе им покажат како се меси, плете и везе, а настанот ќе биде проследен со музика и многу дружење.
Ученици од основни училишта од општината со креативни изработки и ракотворби ќе им се придружат на пензионерите. Настанот ќе продолжи во кафеаната Дебар Маало каде ќе се одржи читање поезија и хорски изведби за градот Скопје од реномирани културни дејци и од ученици од Центар кои учествувале на литературен конкурс и ќе се доделуваат благодарници и плакети за особен придонес. Во здружението на пензионери на Општина Центар ќе има изложба и проекција на филмови за ослободувањето на Градот Скопје.

Овој проект е од хуматитарен карактер и собраните средства ке бидат употребени за лекување или за социјално загрозени семејства.

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 50.000,00 денари.**

21. **Проект „Ја сакам Македонија“**

Овој проект е предвиден за учениците од 4 до 9 одделение, за учениците од 4 до 8 одделение планирана е еднодневна екскурзија, додека за учениците од 9 одделение планирана е тродневната екскурзија на трошок на Општината, предвидено согласно Правилникот за начинот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вон училишни активности на учениците донесен од МОН. Целта на овој проект е децата од најмала возраст да се здобијат и да ги запознаат убавините на нашата татковина, да ја почувствуваат топлината на македонските градови и села, а со тоа да се зајакне чувството на припадност и љубов кон татковината. Средствата потребни за овој проект Општината ќе го префрли на сметка на училиштата.

**Целни групи:** за сите учениците од 4 до 9 одделение од општинските основни училишта
**Очекувани резултати:**
- Децата да се запознаат со природните убавини на нашата татковина
- Децата да се здобијат со чуството на припадност кон татковината
- Родителите се ослободени од трошок за екскурзии

- **Реализатор**: Општина Центар

**Вкупно средства: 4.000.000,00 денари**

### 22. Проект „Бесплатен оброк за сите ученици"

Од септември 2026 година сите ученици во целодневна настава од основните општински училишта ќе добијат бесплатен оброк на трошок на општината, со тоа родителите ќе бидат ослободени од финансиски обврски околу храната на нивните деца. Средствата потребни за овој проект Општината ќе го префрли на сметка на училиштата.

**Целни групи:** сите ученици од целодневна настава од општинските основни училишта
**Очекувани резултати:**
- Родителите се ослободени од трошок за исхрана
- Децата ќе добијат разновидна и здрава исхрана

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 15.000.000,00 денари**

## 6 КОФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕКОВНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

### 1.Систематски прегледи на наставниците

Специфична цел 4.2.2

Во согласност со член 93 точка 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ" бр. 24/13), вработените во основните училишта мора да бидат систематски прегледани. Поради недостиг на финансиски средства во училиштата, Општина Центар ќе обезбеди здравствени прегледи за вработените во основните училишта. Целта на систематските прегледи за наставничките/наставниците е да се утврди евентуална појава на професионална болест, болест во врска со работата или други оштетувања на здравјето што претставуваат пречка во натамошното извршување на работата на наставниот кадар во основните училишта во Општина Центар. За таа цел од буџетот ќе бидат одвоени средства и ќе бидат префрлени на сметка на училиштата за спроведување јавна набавка за избор на медицинска установа што врши систематски прегледи.

**Целни групи:** вработени (наставен, стручен кадар и помошно-технички персонал) од општинските основни училишта
**Очекувани резултати:**
- обезбедени здравствени прегледи за вработените во основните училишта
- создавање здрави услови за работа во училиштата

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 500.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

### 2.Средства за хигиена

Специфична цел 4.2.2

Хигиената во училиштата, а со тоа и здравјето на учениците и на вработените во основните училишта е приоритет за Општина Центар. За таа цел Општината, во согласност со Програмата, спроведува јавна набавка на средства за хигиена.

Години station наназад Општина Центар редовно одвојува финансиски средства за набавка на средства за хигиена за училиштата и кои ќе се следат според потреби и просек на средства по ученик и по големина на објект.

**Целни групи:** ученички/ученици и вработени во општинските основни училишта

**Очекувани резултати:**

- подобрена хигиена во сите општински основни училишта

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 1.000.000,00 денари**
**Овој проект ќе се реализира по пат на јавна набавка**

**3. Плаќање сметки за централно греење**

Специфични цели 4.2.4 и 4.2.2

Со оглед на фактот дека не се доволни средствата од блок дотациите што се трансферираат од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија за плаќање на комуналните трошоци на училиштата, Општина Центар ќе врши доисплата на сметките за парно греење. За таа цел на училиштата ќе им бидат префрлени средства со кои ќе може да ги намируваат трошоците за греење.

**Целни групи:** основни училишта
**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 10.000.000,00 денари**

**4.Плаќање сметки за вода и ѓубретарина**

Специфични цели 4.2.4 и 4.2.2

Со оглед на фактот дека не се доволни средствата од блок дотациите што се трансферираат од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија за плаќање на сметките за вода и ѓубретарина, Општина Центар ќе врши доисплата за нив. За таа цел на училиштата ќе бидат префрлени средства со кои ќе може да ги намируваат трошоците настанати во текот на годината.

**Целни групи:** основни училишта
**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 600.000,00 денари**

**5. Плаќање сметки за електрична енергија**

Специфични цели 4.2.4 и 4.2.2

Со оглед на фактот дека не се доволни средствата од блок дотациите што се трансферираат од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија за плаќање на сметките за електрична енергија, Општина Центар ќе врши доисплата за нив. За таа цел на училиштата ќе им бидат префрлени средства со кои ќе може да ги намируваат трошоците настанати во текот на годината.

**Целни групи:** основни училишта
**Реализатор:** Општина Центар
**Вкупно средства: 2.000.000,00 денари**

**6. Трошоци за лични асистенти - „Образование за сите“**

Специфична цел 4.2.3

Проектот „Образование за сите“ се реализира со соработка меѓу Општина Центар и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Проектот што го реализира Општина Центар предвидува давање поддршка на децата со попреченост во образовниот процес. Имајќи предвид дека е сè поголем бројот на ученички/ученици со каков било вид попреченост (физичка, психофизичка и психичка), со проектот „Образование за сите“ е предвиден ангажман на 30 лица како лични асистентки/асистенти што ќе бидат со таргетираните ученички/ученици цела работна недела по 4 часа во текот на денот.

Личните асистентки/асистенти се обврзани да ги реализираат следниве активности:

- Помош при движење низ училишните простории (училници, кабинети, фискултурна сала, кујна, тоалет)
- Помош при користење дидактички материјал во текот на наставата
- Помош при извршување на училишните обврски на ученичката/ученикот
- Олеснување на комуникацијата со наставничките/наставниците и со соученичките/соучениците
- Помош во домашни услови со физичко присуство и настава од далечина

Крајни корисници на овој проект се 30 ученички/ученици со попреченост во основните училишта на територијата на Општина Центар, а за кои постои наод и мислење за видот и степенот на попреченост и чии родители дале согласност за вклучување на нивните деца во проектот.

**Целни групи:**

- ученички/ученици со попреченост од основните училишта,
  долгорочно невработени лица евидентирани во АВРМ

**Очекувани резултати:**

- овозможување услови за вработување на невработени лица
- подобрување на работните вештини на долгорочно невработени лица
- подобрена социјална инклузија на ученички/ученици со попреченост во училиштата
- подобрена комуникација помеѓу ученичките/учениците и подобрени услови во одделенијата каде што има ученички/ученици со ПОП

**Реализатор**: Општина Центар и АВРМ

**Вкупно средства: 5.500.000,00 денари**

### 7. Отпремнина при пензионирање на вработените во училиштата

Обезбедување социјална и финансиска сигурност за вработените во училиштата при остварување на правото на пензија, како и достоинствен и правичен завршеток на нивниот работен однос. Мерката има за цел да го препознае и вреднува долгогодишниот придонес на вработените во системот.

**Целни групи:**

- вработени во училиштата

**Очекувани резултати:**

- навремена и транспарентна исплата на отпремнина при пензионирање

- подобрување на социјалната сигурност и финансиската стабилност на вработените кои заминуваат во пензија
- зголемено чувство на вреднување и почит кај вработените во училиштата
- унапредување на работните односи и институционалната грижа за човечките ресурси
- позитивен пример за одговорно и социјално чувствително управување во јавниот сектор

**Реализатор**: Општина Центар
**Вкупно средства: 1.600.000,00 денари**

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. Мотивирани ученички/ученици и наставнички/наставници
2. Подобрен квалитет на наставата
3. Инклузија на сите ученици
4. Подобрени услови за работа
5. Здрави и добро воспитани и образувани ученички/ученици
6. Еднакви можности за сите социјални категории
7. Безбедна средина за учење и дружење

## 9. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **72.840.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар за 2026 година.

Определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од обласа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2026 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници на социјална помош по пол за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови.

| Ред бр. | Број на конто | Проект | Планирано |
|---|---|---|---|
| 1 | 464120 | Доделување стипендии на ученички/ученици во социјален ризик од општинските основни училишта | 330.000,00 денари |
| 2 | 464120 | Доделување стипендии на талентирани ученички/ученици од општинските основни училишта во областа на науката | 1.700.000,00 денари |
| 3 | 464990 | Првенци на генерација - Награди за полуматуранти | 180.000,00 денари |
| 4 | 464990 | Доделување награди на најдобрите наставнички/наставници | 550.000,00 денари |
| 5 | 425490 | Следење на санитарно-хигиенската состојба во училишните кујни | 200.000,00 денари |
| 6 | | Дејствувај за подобро орално здравје | 0 денари |
| 7 | 424220 | Обезбедување на училишните објекти | 5.000.000,00 денари |
| 8 | 464990 | Поддршка на ученици и наставници за учество на меѓународни натпревари, активности поврзани со промоција на училиштата и општината, како и дополнителна нивна едукација | 500.000,00 денари |
| 9 | 464990 | Награди за училиштата | 120.000,00 денари |
| 10 | | Финансиска поддршка на општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за ангажирање дополнителен технички персонал – хигиеничари | 3.000.000,00 денари |
| 11 | | Купување информатичка опрема | 3.000.000,00 денари |
| 12 | | Одржување на училишните објекти | 500.000,00 денари |
| 13 | | Ден на Општината Центар | 100.000,00 денари |
| 14 | | Купување на училишни ранци за сите првачиња | 500.000,00 денари |
| 15 | 464990 | „Театарот, уметност на емоции“ | 60.000,00 денари |
| 16 | | Купување на униформи за сите ученици од општински основни училишта | 15.000.000,00 денари |
| 17 | | Финансиска поддршка на општинските основни училишта на Општина Центар-Скопје за ангажирање дополнителни одделенски наставници за дневен престој | 2.000.000,00 денари |
| 18 | | „За сите деца“ | 0 денари |
| 19 | | Музика лаб | 50.000,00 денари |
| 20 | | Фестивал на симит и погача во срцето на Скопје | 50.000,00 денари |
| 21 | | Проект „Ја сакам Македонија“ | 4.000.000,00 денари |
| 22 | | Проект „Бесплатен оброк за сите ученици“ | 15.000.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23 | 425420 | Систематски прегледи на наставнички/наставниците | 300.000,00 денари |
| 24 | 423710 | Средства за хигиена во училиштата | 1.000.000,00 денари |
| 25 | 421210 | Плаќање сметки за централно греење | 10.000.000,00 денари |
| 26 | | Плаќање сметки за вода и ѓубретарина | 600.000,00 денари |
| 27 | | Плаќање сметки за електрична енергија | 2.000.000,00 денари |
| 28 | 425990 | Трошоци за лични асистенти - „Образование за сите“ | 5.500.000,00 денари |
| 29 | | Опремнина при пензионирање на вработените во училиштата | 1.600.000,00 денари |
| | | ВКУПНО: | **72.840.000,00** денари |

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол кои се финансираат од оваа програма.

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/28
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за спорт и рекреација**
**на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/31
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА НА ОПШТИНА**
**ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА**

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА
3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ
   3.1 Општо целни групи
   3.2 Крајни корисници
4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА
   4.1. Основни цели/приоритети
   4.2. Специфични цели/приоритети
   4.3. Одговорни сектори и одделенија
   4.4. Поврзаност со други области и сектори
5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА
   5.1. Училишни спортски игри (лиги) Центар 2026
   5.2. Атлетски крос - Центар 2026
   5.3.Доделување спортски стипендии на талентирани спортисти на подрачјето на Општина Центар-Скопје.
   5.4. Доделување финансиска поддршка на спортски клубови, спортисти-поединци,спортски институции, здруженија и други организации
   5.5. И ние децата сме учесници во сообраќајот
6. СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
   6.1. КК Работнички АД Скопје

## 1. ВОВЕД

Според Законот за локалната самоуправа и надлежностите на Општината, предвидено е:

- Обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт;

- Организирање, поттикнување и помагање спортски пригодни активности и манифестации од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во Општина Центар-Скопје;

- Со Програмата, врз основа на финансирањето на проектите во тековната година, ќе се утврдуваат активностите на спортските настани и манифестации од интерес на Општината и пошироко;

- За дел од зацртаните определби во Програмата, а по нејзиното усвојување ќе се распределуваат буџетски предвидените средства за финансирање по пат на барања за поддршка на проектите и програмите на спортските клубови, спортистите/спортистките поединци од нивните матични спортски клубови, спортските здруженија, спортските институции и други организации, а врз основа на тоа и успесите од областа на спортот за тековната училишна и спортска година.

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Проектите што се содржини во Програмата за спорт и рекреација се подготвени во координација со одделението за образование, млади и спорт, Советот на Општина Центар-Скопје и со вработени наставници/наставнички по физичко и здравствено образование во основните училишта во општината.

## 3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

### 3.1 Општо целни групи

Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар за 2026 година таргетира ученички/ученици, наставници/наставнички и спортски клубови од Општина Центар- Скопје.

### 3.2 Крајни корисници

Ученички/ученици, наставници/наставнички и спортски клубови од Општина Центар-Скопје.

## 4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

## 4.1 Основни цели/приоритети

Рекреативен спорт чија цел е да пропагира и да промовира разновидни спортско-рекреативни содржини наменети за ученици, деца, млади, како и за граѓани-жители на Општина Центар-Скопје;

- Масовен спорт со посебно внимание на активностите и вежбите од забавно-рекреативен карактер;
- Заеднички интерес како можност да го обедини, координира и да го реализира рекреативниот спорт со цел да го постави на повисоко спортско ниво;
- Младите да го користат слободното време за спортски активности прифаќајќи ги позитивните вредности што ги нуди спортот, притоа применувајќи и негувајќи ги како животни вредности во иднина;
- Масовно вклучување на младите, при што се промовираат, развиваат и поттикнуваат натпреварувачкиот дух и фер играта;
- Поголем дел од Програмата да се реализира од Општината, а во некои активности Општината да се промовира и да се стави во улога на поддржувач и покровител.

## 4.2 Специфични цели/приоритети

**4.2.1** Обезбедување на квалитетна настава за ученичките/учениците во ООУ

**4.2.2** Обезбедување на чиста и здрава средина за работа

**4.2.3**Обезбедување на поквалитетни услови за инклузивно образование

**4.2.4** Обезбедување здрав физички развој на ученичките/учениците

**4.2.5** Мотивација и наградување на најдобрите

**4.2.6** Обезбедување на квалитетни воннаставни активности и неформално образование

**4.2.7** Поттикнување на натпреварувачки дух и фер игра

**4.2.8** Развивање на демократски капацитети кај ученичките/учениците

**4.2.9** Надминување на социјални разлики меѓу ученичките/учениците

**4.2.10** Квалитетно исполнување на времето на ученичките/учениците и надвор од училишните часови

## 4.3. Одговорни сектори и одделенија

1. Сектор за јавни дејности
2. Одделение за образование, млади и спорт

### 4.4. Поврзаност со други области и сектори

1. Одделение за образование
2. Спортски клубови
3. Финансии

## 5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

## 5.1. УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ (ЛИГИ) ЦЕНТАР 2026

Спортските игри Центар 2026 традиционално се организираат и се реализираат под покровителство и во организација на Општина Центар-Скопје.

Се предвидува во 2026 година да учествуваат повеќе од 500 ученици/ученички од основните училишта во Општината. Натпреварите се играат во лига-систем, по Бергеров модел во повеќе дисциплини, и тоа: кошарка, фудбал, ракомет, одбојка, шах (швајцарски модел), крос и други спортски активности.

Во реализација на игрите се вклучени вработени од Одделението за образование, млади и спорт, ученици/ученички, наставници/наставнички, судии и делегати од спортските федерации, а присутни се обезбедување, медицинско лице и полиција во рамките на својата надлежност.

- Општина Центар-Скопје исто така во 2026 година предвидува котизација, превоз и стипендирање на спортските екипи од Лига Центар 2026 кои ќе се пласираат на државно ниво и освојат (прво, второ или трето место).

**Целни групи:**

- Ученичките/учениците од предметна настава (од VI до IX одделение) во сите спортски дисциплини, и ученичките/учениците од одделенска настава во шах од општинските основни училишта.

**Трошоци:**

**-** Свечено отворање и затворање на игрите, хонорари за судии и делегати (според официјалните ценовници на судиските федерации), наставници/наставнички ( за формирање, тренинг и учество на екипа во општинска училишна лига 8.000,00 денари, за освоено прво место по спортска дисциплина – 15.000,00 денари, за второ место – 12.000,00 денари и за трето место - 10.000,00 денари), парични надоместоци за: спортски коментатор, естрадни уметници, забавни групи. Ќе се обезбеди спортска опрема за ученици/ученички, натпреварувачи, наставници/наставнички, соодветни дресови по спортска дисциплина, тренерки, организациони технички трошоци, озвучување,

балони и конфети, медицинско лице или итна медицинска помош, освежување (флаширани води од 0.5 литри), кроасани, награди за освоено I, II и III место, пехари, медалји и диоломи.

**Очекувани резултати:**

- Зголемена физичка и ментална активност на ученичките/учениците во развој
- Намалување на болестите на 'рбетниот столб
- Подобрување на состојбата на ученичките/учениците што имаат почетна фаза на 'рбетни заболувања
- Создавање на здрави животни навики кај ученичките/учениците.
- Поттикнување на натпреварувачки дух и фер игра

**Време на реализација**: јануари-мај ноември -декември 2026 година

**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар

**Вкупно средства: 1.250.000.00 денари**

**Овој проект делумно ќе се реализира преку јавна набавка**

## 5.2. АТЛЕТСКИ КРОС - ЦЕНТАР 2026

Општина Центар-Скопје организира атлетски крос со учесници–ученици од основните училишта од VI до IX одделение. Учениците се натпреваруваат во поединечна конкуренција во повеќе категории и делници според возраста и половата припадност, а на најдобрите во натпреварите им се доделуваат соодветни награди (пехари и дипломи) за освоено I, II и III место. Со оваа активност ќе бидат опфатени 160 ученици од сите основни училишта на територија на Општина Центар.

Општина Центар-Скопје исто така во 2026 година предвидува стипендии за учениците кои на регионално ниво ќе освојат прво место. Но доколку овие ученици претходно биле прогласени за најдобри во некој спорт од Лига Центар тогаш само еднократно ќе бидат наградени.

**Целни групи:**

- Ученичките/учениците од предметна настава (од VI до IX одделение) во општинските основни училишта.

**Трошоци:**

**-** За оваа активност покрај пехари и доломи за победниците, ќе ни бидат потребни маички во осум различни бои со лого на Општината и име на училиштето, најмување постамент за прво, второ и трето место, големи чадори-

куполи, маси, столчиња, озвучување, медицински лица или медицинска помош, (флаширани води од 0.5 литри), кроасани, траки или спрејови за одбележување на трасата за трчање и озвучување.

**Очекувани резултати:**

- Зголемена физичка активност на ученичките/учениците во развој
- Намалување на болестите на ʼрбетниот столб
- Подобрување на состојбата на ученичките/учениците што имаат почетна фаза на ʼрбетни заболувања
- Создавање на здрави животни навики кај ученичките/учениците.
- Потикнување на натпреварувачки дух и фер игра

**Време на реализација**: во текот на 2026 година

**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар

**Вкупно средства: 150.000,00 денари**

**Овој проект делумно ќе се реализира преку јавна набавка**

## 5.3. ДОДЕЛУВАЊЕ СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ/СПОРТИСТКИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

Спортската стипендија ги опфаќа сите активни млади и талентирани спортисти од училиштата на територија на Општина Центар-Скопје, имајќи ги предвид и нивниот квалитет и успех со кој придонесуваат во промоцијата на Општината и Државата на домашен и меѓународен план. Доделувањето на стипендиите се спроведува по пат на оглас за аплицирање и според условите за доделување по Критериуми за спортски стипендии.

**Целни групи:**

- Ученичките/учениците од предметна настава (од VI до IX одделение) во сите спортски дисциплини од општинските основни училишта кои се натпреваруваат во Лига-Центар (најдобар играч, смечер, голман, стрелец и шахист).
- Ученичките/учениците од предметна настава (од VI до IX одделение) кои се натпреваруваат во спортската дисциплини крос, се пласираат на регионално ниво и освојат прво место. Но доколку овие ученици претходно
- биле прогласени за најдобри во некој спорт од Лига Центар тогаш само еднократно ќе бидат наградени.
- Спортските екипи од Лига Центар 2026 кои ќе се пласираат на државно ниво и освојат (прво, второ или трето место).

**Очекувани резултати:**

- Учество на разни натпревари од повеќе области на спортот и претставување на ООУ од Општина Центар
- Создавање вистински вредности и навики кај ученичките/учениците
- Развивање, стимулирање и следење на талентот
- Потикнување на натпреварувачки дух и фер игра

**Време на реализација**: јануари-мај, ноември -декември 2026 година

**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар

**Вкупно средства: 2.000.000,00 денар**

## 5.4. ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТИСТИ-ПОЕДИНЦИ, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Оваа финансиска поддршка ги опфаќа активностите на спортските клубови, спортистите (преку матичните спортски клубови што индивидуално учествуваат според агендите на меѓународните федерации, на спортски натпревари и турнири од балкански, европски или од светски ранг и постигнуваат врвни резултати), спортски институции, здруженија и други организации, како и организирање и спроведување проекти од спортот што со својата активност и квалитет придонесуваат за промоција на спортот, како на домашен, така и на меѓународен план, како и обезбедување спортска опрема, реквизити и спортски помагала за непречено и ефикасно спортување на спортските клубови и спортистите. Доделувањето на средствата се спроведува по пат на Јавен повик за аплицирање, според условите за доделување по критериуми согласно Правилникот.

**Целни групи:**

Спортски клубови, спортисти-поединци, спортски институции, здруженија и други организации од областа на спортот во Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Унапредување и афирмација на спортот во општината
- Афирмација, подобрување и зголемување на спортските успеси на домашен и на меѓународен план

**Време на реализација**: Еднократно, во текот на цела година 2026 година

**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација - Општина Центар

**Вкупно средства 5.500.000,00 денари**

**Овој проект ќе се реализира преку јавен повик**

## 5.5. И НИЕ ДЕЦАТА СМЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ

Основна цел на овој проект е да им ги зголеми капацитетите на децата како активни учесници во сообраќајот. Од една страна, ќе им се посочат позитивните страни од користење велосипед како превозно средство, а, од друга страна, правилата за безбедно учество во сообраќајот. Во исто време ќе се организира и натпревар во вештини за возење велосипед, со што ќе им се укаже дека вештината е многу покорисна и побезбедна од брзината. Овој проект ќе му претходи на проектот „Цел Центар на точак". Победниците на натпреварот од секое училиште ќе добијат симболични награди.

**Целни групи:**

- Ученичките/учениците, наставници и основни училишта.

**Очекувани резултати:**

- Поголема безбедност во сообраќајот
- Запознавање на учениците со сообраќајните правила
- Развој на натпреварувачкиот дух кај децата

**Време на реализација**: Во текот на цела 2026 година.

**Реализатор:** Одделение за спорт и рекреација-Општина Центар

**Вкупно средства: 100.000,00 денари**

## 6. СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

### 6.1. КК Работнички АД Скопје

**Активност/настан:** КК Работнички АД Скопје, учество во лига-системи
Организатор: КК Работнички АД Скопје.

**Време на реализација:** Во текот на цела 2026 година

**Учесници:** Сите категории на клубот

**Очекувани резултати:** Традиција, развој и унапредување на кошарката и промовирање на домашната и на меѓународната сцена

**Вкупно средства: 15.000.000,00 денари**

## ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **24.000.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година.

Според можностите во тековната година, определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации. За активностите што ги опфаќа Програмата според нивната актуелност, општествен интерес и квалитет, а може да се појават во текот на 2026 година,можно е да бидат предвидени и дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.
Активностите и реализацијата на оваа Програма ги следи Советот на Општина Центар-Скопје и неговите соодветни работни тела (комисии).
По реализацијата на проектите предвидени со оваа Програма, секој организатор и реализатор е должен до Советот на Општина Центар-Скопје да достави извештај за реализираниот проект.

| LOO | Спорт и рекреација | Вкупно расходи |
|---|---|---|
| 42. | Стоки и услуги | **24.000.000,00** |
| 425990;<br>426990 | Училишни спортски игри<br>Лига Центар 2026<br>Атлетски крос –Центар 2026 | **1.250.000,00**<br>**150.000,00** |
| 464120 | Спортски стипендии на талентирани спортисти од подрачјето на Општина Центар-Скопје | **2.000.000,00** |
| 463120 | Финансиска подршка на спортски клубови и спортисти | **5.500.000,00** |
| 426990 | И ние децата сме учесници во сообраќајот | **100.000,00** |
| 463120 | КК Работнички – учество во лига-системи | **15.000.000,00** |

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/30
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за локален економски развој**
**на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/33
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 15 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Предлог-програмата за локален економски развој за 2026 година содржи различни планирани проекти, чија реализација, преку соодветни активности, мерки и обуки, ќе придонесе за подигнување на нивото на локалниот економски развој и за подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните на територијата на Општина Центар-Скопје.

Планираните проекти и активности во рамките на Програмата се опфатени во следниве програмски приоритети и цели:

- Консултантски услуги и организирање обуки
- Активности за поддршка на локалниот развој
- Поддршка на граѓанскиот сектор
- Набавка на информатичка и видеоопрема
- Набавка на компјутерски софтвер и
- Поправка и одржување на хардвер и софтвер

## 1. Консултантски услуги и организирање обуки

Во Нацрт програмата за локален економски развој се планира користење консултантски услуги во вид на обуки, презентации и експертизи од надворешни консултанти/консултантки.

Со планираните апликативни обуки и други обуки опфатени се:

- Младите жители на општина Центар

- Претприемачите, младите претприемачи и жени претприемачи;

- Советници во советот на општината и општинска администрација.

Ќе се ангажираат експерти, обучувачи, предавачи, консултанти и организации за подготвување/изработка на проекти и проектни апликации за ЕУ фондови и други донори, менаџирање на проекти и проектен циклус за потребите на Општината, како и други консултантски услуги за потребите на општинската администрација и советниците и вработените во институциите во надлежност на општината. При ангажирање на експертите, обучувачите ќе се води грижа за родовиот паритет.

Ќе се воспостави соработка со Агенцијата за вработување и ќе се промовираат нивните мерки и активности за млади невработени лица, како и за долгорочно невработени лица.

Ќе се ангажираат консултанти – експерти за изработка на физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на граѓанско административна зграда во функција на жителите на Центар, со која ќе се обезбедат нови 300 паркинг места во Дебар маало, услови за работа на општинската администрација и Совет, како и простор за работа и промоција на граѓанскиот сектор и на младите претприемачи од Центар.

Ќе се ангажира лиценциран економски оператор за воведување на неопходните ИСО стандарди во работењето на општината, како и сертификација на општината за одредени стандарди.

**Цел:**
Зајакнување на свеста во поглед на потребата и на придобивките од континуирана обука и вештини, како и градење на капацитетите на претприемачите, младите, жените, како и на општинската администрација и Советот.

**Очекувани резултати:**
Подигнување на нивото на квалитетот на услугите за граѓаните.

**Средствата во висина од 2.100.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

**2. Практикантство**

Општина Центар ја прошири програмата за Локален економски развој со воведување на практикантство како модел на вклучување и подготовка на младите за нивниот понатамошен кариерен развој.Овој проект од 2025 година се покажа како многу корисен и успешен за практикантите и за општината, затоа е потребата од негово продолжување и вклучување на младите во работењето на администрацијата,

**Цел:**
Мотивирање на младите/студенти од завршна година/апсолвенти за вклучување на пазарот на труд и стекнување на практично искуство во општината и општинските институции (општинска администрација, училишта, градинки, ПОЦ) и отворање на можности за идно работно ангажирање на младите.

**Резултати:**
Реализирани минимум 8 практикантства во текот на 2026 година.

**За Практиканството во Општината е планиран вкупен буџет од 1.500.000,00 денари.**

**3. Активности за поддршка на граѓанскиот сектор**

**Приоритетот:**

Унапредување и развивање на активностите за поддршка на граѓанскиот сектор на локално ниво, во согласност со можностите и со прописите а во интерес на подигнување на квалитетот на живеење на граѓаните на општината.

**Цел:**
Мотивирање на бизнис и граѓанскиот сектор, и женските граѓански организации за поголема вклученост, како и идентификување на проектни идеи од субјекти на територијата на Општина Центар-Скопје и креирање на долгорочни стратешки приоритети.

Реализација на проекти во интерес на граѓаните на општината и создавање услови за делување на граѓанскиот сектор.

Членување во релевантни меѓународни асоцијации.

**Активности:**

- Користење техничка помош и советување при аплицирање со проекти за користење на можностите што ги нудат ЕУ-фондовите и другите странски донатори преку активности и подготовка на соодветни проекти за аплицирање.

- Организирање презентации од добри практики од реализирани проекти.

- Развој на партнерски проектни апликации на граѓаните, граѓанските организации и здруженија и Општината.

- Реализација на проекти за подобрување на квалитетот на живот на сите жители во општината, со посебен акцент на ранливите и маргинализирани групи, на децата и младите, како и на лицата во акутна потреба од поддршка

**Резултати:**
Остварени меѓународни соработки

Реализирани проекти од ГО во интерес на ОЦ.

**Наведените активности за поддршка на локалниот развој во Општината се планирани со буџет од Општина Центар од 4.000.000,00 денари и дополнителни 6.000.000,00 денари од УНДП .**

**4. Субвенции и трансфери**

Општината обезбеди средства да ги субвенционира младите жители на општината, кои во текот на 2026 година ќе навршиле или ќе навршат 18 години (сите родени во 2007 и 2008 година). Субвенционирањето се врши во насока на потребата од возачка дозвола како еден од највисоките приоритети при вработување. Субвенцијата ќе биде во износ од 10.000 денари по лице, а ќе можат да ја користат единствено за полагање во авто-школи регистрирани во општина Центар, Скопје. За начинот и критериумите за доделување на овие субвенции, Секторот е изготвен Правилник и ќе се објави јавен повик со важност за цела година.

Реализација на проект – Инвестиција во фотоволтаични системи на три детски градинки на територија на општина Центар во кофинансирање со СПР – овој проект е одобрен во програмата на Скопски плански регион за 2025 година и тоа за три објекти на детските градинки во износ од 3.000.000 денари како грант од СПР и 900.000 денари кофинансирање од општината. Овој износ не е планиран во табеларниот приказ за 2026 година затоа што немаме потврда од СПР за негова реализација во текот на оваа година.

Реализација на проект "Town to Town" одобрен од Совет на Европа, во соработка со АЛДА Македонија. Општината од овој проект добива 1.390.000 денари, кои не се вклучени во табеларниот приказ затоа што сеуште не е утврдено дали ќе се исплатат на сметка на општината или ќе се користат од партнерот АЛДА Македонија. Овие средства се наменети за меѓуопштинска соработка на неколку општини од Балкан.

Подигнување на бизнис свеста за поддршка на производството на македонски проеизводи преку субвенционирање на микро и мали претпријатија кои проеизведуваат и пласираат на пазарот домашни проеизводи.

Во случај на потреба општината обезбедува средства за кофинансирање на проект, кој би произлегол од некоја ГО, а во интерес на граѓаните на општината.

Општината оваа година обезбеди и субвенции за обезбедување на пристапност за лица со попреченост во јавни објекти и површини.

Поддршка на производителите на храна преку организација на стрит фуд викенд (street food weekend). Во текот на есента 2026 во паркот на франкофонија планираме да се одржи стрит фуд викенд, тродневен настан, на кој ќе се промовираат центарските угостители, а на гражаните ќе им се овозможи дегустација на различна храна.

Организација на новогодишен и божиќен базар (Christmas market) – за прв пат општината ќе организира 20 дневен базар, на кој микро и малите претприемачи ќе може да си обезбедат простор за промоција и продажба на своите производи, а во исто време на граѓаните ќе им се создаде европска предновогодишна атмосфера. Базарот ќе се лоцира на Сквер Јадран.

**Очекувани резултати:**

Со реализација на овие проекти ќе дадеме поддршка на сите граѓани. Во исто време ќе ја поддржиме бизнис заедницата во нејзиниот развој кон поголема одржливост.

**Средствата во висина од5.700.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

### 5. Набавка на информатичка и видеоопрема

По извршените темелни проверки на ИТ-опремата и на мрежата во текот на минатите години, а врз основа на доставените извештаи утврдена е потреба од набавка на:

- Нови десктоп и лаптоп компјутери, комјутерски делови, принтери, скенери, копир апарати и пасивна мрежна опрема
- Хардвер за реализација на проект Центарска картичка (бар код читачи)

**Средствата во висина од 1.500.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

## 6. Компјутерски софтвер

Набавка на софтверски решенија во согласност со потребите на секторите во општина Центар. Најголем дел од ова вложување во софтверски решенија оди на надградба на ГИС порталот (околу 90%) заради надградба на модулот зеленило, како и надградба на културно историскиот модул да се надгради во туристички модул и да се изработи мобилна апликација за истиот. Овие надградби се во согласност со потребите на граѓаните, институциите и бизнис секторот во општината.
Во оваа ставка се интегрирани и годишните лиценци за потребите на администрацијата.
Оваа година воведуваме и Центарска картичка со бенефиции само за жителите на општината. Изработката на софтверот е дел од оваа буџетска ставка.
**Средствата во висина од 8.750.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

## 7. Поправка и одржување на хардвер и софтвер

На годишно ниво мора да постои поддршка од надворешни компании на целосниот систем за ИТ (сервери, мрежи, компјутери, печатачи, копири и апликативни софтвери за повеќе сектори). Ова особено се однесува на одржувањето на софтверот за ГИС, во што се вклучени: обработка на новодонесени урбанистички планови, технички исправки и урбанистички проекти, одржување на архивата, системот на електронска виденција и сл.
**Средствата во висина од 3.310.000,00 денари се планирани во Буџетот на Општината.**

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА НАЦРТ ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 година

| | | | ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | ПЛАНИРАНО | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Надворешни извори на финансирање и донации |
| | | | Поддршка на локалниот економски развој | 26.920.000,00 | 1.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | 3.310.000,00 | |
| | 424420 | | Поправки и одржување хардвер и софтвер | 3.310.000,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| | Одржување на компјутерите и мрежите,<br>Одржување на печатачите, копирите<br>Одржување на камери | **1.600.000,00**<br>**250.000,00**<br>**300.000,00** |
| | Одржување на постојните апликации: архива,<br>софтвер за ГИС,<br>ВМС сервис за катастарски парцели и објекти<br>телефонска централа,<br>систем заевиденција на работно време и<br>софтвер за финансии | **120.000,00**<br>**600.000,00**<br>**60.000,00**<br>**140.000,00**<br>**240.000,00**<br>**0,00** |
| **425** | **Договорни услуги** | **2.100.000,00** |
| **425970** | **Консултантски услуги** | **2.100.000,00** |
| | Ангажирање експерти, обучувачи, предавачи, консултанти и организации за подготвување/изработка на проекти и проектни апликации за ЕУ фондови и други донори, менаџирање на проекти и проектен циклус за потребите на Општината, како и други консултантски услуги за потребите на општинската администрација и советниците и вработените во институциите во надлежност на оптината | 500.000,00 |
| | Изработка на физибилити студија за јавно – приватно партнерство за изградба на општинска граѓанско-административен објект | 900.000,00 |
| | Воведување на ИСО стандарди и сертификација на Општината | 700.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **425990** | | **Други договорни услуги** | **1.500.000,00** | |
| | | | Воведување на практикантство | 1.500.000,00 | |
| | **426** | | **Други тековни расходи** | **60.000,00** | |
| | **426990** | | **Други оперативни расходи** | **60.000,00** | |
| | | | Годишна членарина – Европска асоцијација за локална демократија – АЛДА | 60.000,00 | |
| | | | | | |
| | **463** | | **Трансфери до невладини организации** | **4.000.000,00** | |
| | **463110** | | **Трансфери до здруженија на граѓани и фондации** | **4.000.000,00** | |
| | | | Јавин повик за финансирање на проекти на здруженија и фондации кои се во интерес на општина Центар | 4.000.000,00 | |
| | **464** | | **Субвенции и трансфери** | **5.700.000,00** | **1.000.000,00** |
| | **464990** | | **Други трансфери** | **5.700.000,00** | **1.000.000,00** |
| | | | Субвенции за обезбедување на пристапност за лица со попреченост во јавни објекти и површини | 1.000.000,00 | |
| | | | Ко-финансирање на надворешно финансирани проекти | 100.000,00 | 1.000.000,00 |
| | | | Субвенции за поддршка на микро и мали претпријатија за производство и промоција на македонски производи | 1.000.000,00 | |
| | | | Субвенции за полагање на возачки испит за млади | 2.000.000,00 | |
| | | | Street food викенд | 600.000,00 | |
| | | | Организација на новогодишен и божиќен базар (Christmas market) | 1.000.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **480** | | **Купување опрема и машини** | **1.500.000,00** | |
| | **480140** | | **Купување информатичка и видеоопрема** | **1.500.000,00** | |
| | | | Набавка на нови лаптоп и десктоп компјутери, компјутерски делови, принтери, скенери, мултифункционални уреди, копир-апарати и пасивна мрежна опрема | 1.500.000,00 | |
| | **485** | | **Набавка на софтвер** | **8.750.000,00** | |
| | **485230** | | **Компјутерски софтвер** | **8.750.000,00** | |
| | | | Надградба на софтверско решение ГИС:<br>Надградба на модул за зеленило со нови полигони и нискостеблести растенија, со алатка за анализа<br>обука за Nexus twin<br>надградба на културно-историскиот модул во туристички модул (дигитализација на спортско рекреативни објекти и локации, угостителски и сместувачки капацитети и други локации од интерес за развој на локалниот туризам) со изработка на мобилна апликација. | 6.000.000,00 | |
| | | | Лиценци за Firewall уреди | 300.000,00 | |
| | | | Лиценци за AutoCad | 600.000,00 | |
| | | | Центарска картичка | 1.500.000,00 | |
| | | | Набавка на антивирусни сервер-клиент решенија | 350.000,00 | |

.,При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол за сите категории на граѓани, корисници.

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за локален економски развој и таа може да се изменува и да се дополнува според утврдени приоритети и цели.

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/32
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за инспекциски работи**
**на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Програмата за инспекциски работи на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/35
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24, а во врска со Законот за финансирање на единици на локална самоуправа, Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ
# НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Програмата Ф2 содржи:

I. Извори за финансирање на подпрограмата
II. Начин на распределба на средствата за финансирање на програмата за уредување на градежното земјиште.
III. Динамика за извршување на програмата.
IV. Преодни и завршни одредби.

## I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за Секторот за инспекциски работи за 2026 година се финансира од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 год.
Како дел од буџетот на Општина Центар Скопје се средствата од изречените казни, глоби од овластените инспекторите и комуналните редари од секторот за инспекциски работи.

## II. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ.

Расходите за реализација , според намената и по поедини видови елементи за уредување на градежното земјиште на Општина Центар-Скопје се :

| Основна ставка | Под ставка | Видови на приходи | Планирано |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | **Ф2. СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ** | | |
| | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **15.760.000** |
| **425** | | **Други договорни услуги** | **15.400.000** |
| | **425940** | **Рушење на објект** | 15.000.000 |
| | **425970** | **Консултантски услуги (Мерење на бучава) (Генерички и специјализирани обуки)** | 300.000<br>100.000 |
| **426** | | **Други тековни расходи** | **360.000** |
| | **426410** | **Објавување на огласи** | 300.000 |
| | **226990** | **Други оперативни расходи ХТЗ опрема** | 60.000 |

## III.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од воспоставените управно-правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Секторот за инспекциски работи-Општински инспекторат врши инспекциски надзор над работите од подрачјата за кои е формиран, а во се според Законот за инспекциски надзор и посебните матрејални закони кои поединечно ги уредуваат надлежностите во следните подрачја:

**1.Градежна инспекција -** Инспекцискиот надзор во надлежноста на градежната инспекција се врши по службена должност или по пријава и/или сознание од страна на други државни и локални органи, организации, институции, правни и физички лица, како

и средствата за јавно информирање.
Овластениот градежен инспектор е овластен да врши инспекциски надзор над градбите од втора категорија што ги вршат институции, органи, правни и физички лица, во секое време и на лице место, со и без предходна најава, а при тоа посебно внимание се дава на:

* контрола на документацијата
* увид во градбата и градежната парцела предмет на увид
* проверка дали учесниците во градбата имаат овластувања и лиценци пропишани со закон
* издавање наредба за :отстранување неправилности и отстранување оштетувања
* прекинување на градење
* отстранување на градба
* затворање на градилиште
* означување на градилиштето-градбата за опасна за опкружувањето
* други мерки со цел спречување на градење кое се изведува спротивно на Законот за градење.

За потребите на Градежната инспекција од буџетот на Општина Центар - Скопје ќе бидат потребни средства за административни извршување на донесените управни акти на овластените градежни инспектори, полициска асистенција како и јавна објава на акти на овластените градежни инспектори.

**2.Комунални дејности и јавна чистота -** Комуналната инспекција, односно овластениот комунален инспектор заедно со комуналните редари активно ќе учествуваат во реализација на акции и активности со цел подобрување на чистотата во општината, подигање на свеста на граѓаните и навремено и квалитетно извршување на работните задачи од надлежноста, а во интерес на граѓаните на Општината.

Воедно извршува и инспекциски надзор над физички и правни лица во однос на

* одржување и користење на јавни површини
* отстранување на противправно оставени и поставени подвижни и недвижни предмети и урбана опрема
* одржување на јавна чистота на јавните површини и на отворените простори пред јавни објекти
* чистење снег на јавни површини и отворени простори пред јавни објекти
* вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усмени преставки од физички и правни лица
* водење управни постапки
* поднесување барања за поведување прекршочни постапки

Овластениот комунален инспектор врши инспекциски надзор согласно Законот за инспекциски надзор, материјалните закони кои ја уредуваат материјата, како и Одлуката
за комунален ред и Одлуката за јавна чистота.
За потребите на Комналната инспекција од буџетот на Општина Центар - Скопје ќе бидат потребни средства за спроведување на постапка за извршување на казни, глоби од комунален инспектор и комунални редари преку извршител, полициска асистенција и евентуално за амбулантно возило при теренски акции на комунална инспекција, по потреба и годишни автобуски карти.

**3.Инспекција за животна средина -** Овластените инспектори за животна средина вршат контрола на документи, за основни податоци за правното лице, се констатира дејноста, како и дозвола за работа од страна на правното лице. Согласно Законот за животна средина, член 24, од правното лице се бара одобрен Елаборат за животна средина. Доколку правното лице нема изготвено Елаборат за животна средина, се изготвува Решение со кое се наложува во определениот рок да се изврши соодветната активност. Доколку странката не постапи по Решението следи платен налог.
Изработените Елаборати за животна средина се доставуваат до Општината на одобрување. Еден примерок од одобрениот Елаборат се доставува до Секторот за инспекциски работи, за понатамошно следење на имплементираните мерки во програмата за животна средина од страна на овластениот инспектор за животна средина.
Согласно Законот за заштита од бучава во животната средина, се извршува контрола на бучава, дали се почитуваат граничните вредности за бучава во животна средина. Се спроведуваат мерења од овластена лабораторија за животна средина. Согласно добиените извештаи од мерења, доколку вредностите надминуваат гранични вредности, се спроведува постапка за порамнување со издавање платен налог за наплата на глоба за сторен прекршок.

За потребите на инспекцијата за животна средина од буџетот на Општина Центар - Скопје ќе бидат потребни средства за спроведување на постапка за мерење бучава и чадни гасови од акредитирана лабораторија

**4.Инспекција за домување -** Овластениот инспектор за домување врши инспекциски надзор, над станбените,станбено-деловните и деловно-станбените згради во однос:
* дали управувањето со истите се врши согласно Законот за домување и соодветните подзаконските,
* дали се почитуваат пропишаните норми и стандарди за домување,
* дали управителот/заедницата на сопственици на посебни делови од зградата ги исполнува и продолжува да ги исполнува условите врз основа на кои е издадена лиценцата и
* дали се уредени управувачките и закупничките односи во согласност со Законот за домување

**За реализација на активностите според надлежностите на Секторот за инспекциски работи планирани се сретства во Буџетот на Општина Центар – Скопје за 2026 година што се прикажани во следните ставки:**

**Основна ставка 425 – Други договорни услуги:**

- **во под ставката 425940, Рушење објекти,** планираните средства се потребни за постапките за административно извршување на управните акти на овластениот градежен инспектор-отстранување времени објекти и урбана опрема, бесправни градби,
| 402 | ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД РАБОТОДАВАЧИТЕ | 48,057,000 | 0 | 0 | 51,800,000 | 0 | 0 | 51,800,000 |
| 404 | Надоместоци | 3,620,000 | 0 | 0 | 3,850,000 | 0 | 0 | 3,850,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **72,335,000** | **10,160,000** | **44,645,000** | **9,700,000** | **0** | **0** | **64,505,000** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ | 585,000 | 0 | 565,000 | 0 | 0 | 0 | 565,000 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 23,190,000 | 2,360,000 | 5,570,000 | 6,460,000 | 0 | 0 | 14,390,000 |
| 423 | СИТЕН ИНВЕНТАР, АЛАТ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОПРАВКИ | 29,454,000 | 1,500,000 | 28,590,000 | 30,000 | 0 | 0 | 30,120,000 |
| 424 | ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 9,551,000 | 3,000,000 | 6,130,000 | 460,000 | 0 | 0 | 9,590,000 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 3,983,000 | 300,000 | 1,930,000 | 900,000 | 0 | 0 | 3,130,000 |
| 426 | ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 1,320,000 | 0 | 1,060,000 | 150,000 | 0 | 0 | 1,210,000 |
| 427 | ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА | 4,252,000 | 3,000,000 | 800,000 | 1,700,000 | 0 | 0 | 5,500,000 |
| **46** | **Субвенции и трансвери** | **4,140,000** | **1,900,000** | **0** | **800,000** | **0** | **0** | **2,700,000** |
| 464 | РАЗНИ ТРАНСФЕРИ | 4,140,000 | 1,900,000 | 0 | 800,000 | 0 | 0 | 2,700,000 |
| **Приходи** | | | | | | | | |
| V1 | В1.Детски градинки | 251,932,000 | 12,060,000 | 44,645,000 | 198,000,000 | 0 | 0 | 254,705,000 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
## Ниво на: Ставки

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | Вкупно |
| | | 1,785,803,140 | 1,217,450,000 | 74,500,000 | 577,228,000 | 19,709,628 | 8,234,512 | 1,897,122,140 |
| **ПРИХОДИ** | | | | | | | | |
| **VA** | **ВА-Социјална заштита и заштита на деца-Капитални расходи** | **6,500,000** | **3,400,000** | **1,355,000** | **0** | **0** | **0** | **4,755,000** |
| **Расходи** | | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **6,500,000** | **3,400,000** | **1,355,000** | **0** | **0** | **0** | **4,755,000** |
| 480 | КУПУВАЊЕ НА ОПРЕМА ИМАШИНИ | 2,350,000 | 300,000 | 1,085,000 | 0 | 0 | 0 | 1,385,000 |
| 481 | ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 4,000,000 | 3,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,000,000 |
| 482 | ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 150,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ, ОПРЕМА, ВОЗИЛА И МАШИНИ | 0 | 0 | 250,000 | 0 | 0 | 0 | 250,000 |
| 485 | ДРУГИ НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 0 | 0 | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |
| **Приходи** | | | | | | | | |
| VA | ВА-Социјална заштита и заштита на деца-Капитални расходи | 6,500,000 | 3,400,000 | 1,355,000 | 0 | 0 | 0 | 4,755,000 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
Ниво на: Ставки

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | Вкупно |
| | | 1,785,803,140 | 1,217,450,000 | 74,500,000 | 577,228,000 | 19,709,628 | 8,234,512 | 1,897,122,140 |
| **ПРИХОДИ** | | | | | | | | |
| **VAD** | **Изградба на детска градинка во локалитет Клинички блок** | **4,000,000** | **5,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5,000,000** |
| **Расходи** | | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **4,000,000** | **5,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5,000,000** |
| 481 | ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 4,000,000 | 5,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,000,000 |
| **Приходи** | | | | | | | | |
| VAD | Изградба на детска градинка во локалитет Клинички блок | 4,000,000 | 5,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,000,000 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
Ниво на: Ставки

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | Вкупно |
| | | 1,785,803,140 | 1,217,450,000 | 74,500,000 | 577,228,000 | 19,709,628 | 8,234,512 | 1,897,122,140 |
| **ПРИХОДИ** | | | | | | | | |
| **VAG** | **Изградба на детска градинка во локалитет Крњево** | **2,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Расходи** | | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 481 | ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Приходи** | | | | | | | | |
| VAG | Изградба на детска градинка во локалитет Крњево | 2,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ
Ниво на: Ставки

| Категорија Ставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | Вкупно |
| | | 1,785,803,140 | 1,217,450,000 | 74,500,000 | 577,228,000 | 19,709,628 | 8,234,512 | 1,897,122,140 |
| **ПРИХОДИ** | | | | | | | | |
| **VBA** | **Изградба на дом за стари лица** | **0** | **3,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3,000,000** |
| **Расходи** | | | | | | | | |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **3,000,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3,000,000** |
| 481 | ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 0 | 3,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,000,000 |
| **Приходи** | | | | | | | | |
| VBA | Изградба на дом за стари лица | 0 | 3,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,000,000 |

**Член 4**

Буџетот на Општина Центар - Скопје за 2026 година стапува на сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

**Бр. 08-6365/38**
**24.12.2025 год.**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Билјана Филиповска Тодорчевска**

Изработил: Е.Николовски
Контролирал: А. Аларова

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/41
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 26 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.1/06, 12/15, 9/19, 14/19, 1/21 и 11/21), а во врска со Колективен Договор за административните службеници и другите вработени во Општина Центар заведен под бр.09-5529/1 од 14.12.2023 година, Советот на Општина Центар-Скопје на 3. седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

## Член 1

Буџетот на Општина Центар - Скопје за 2026 година (во натамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите во оваа Одлука.

## Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации, Буџет на заеми и Буџет на дотации.

## Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично согласно нивните субпотпрограми утврдени во согласност со програмите и потпрограмите.

## Член 4

(1) Приходите што се утврдени со Буџетот не се фиксно определени. Промени во Буџетот може да се вршат во рамките на вкупно утврдениот износ на приходи.

(2) Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

(3) За да се преземат нови обврски, до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во соодветен износ.

**Член 5**

(1) Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходи и на другите приливи, реализацијата на расходите и на другите одливи во Буџетот на Општината.

(2) Доколку во текот на извршувањето на буџетот, Градоначалникот на Општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и на другите приливи, реализацијата на расходите и на другите одливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината измена и дополнување на Буџетот.

(3) Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

(1) Во тековната фискална година може да се вршат прераспределби во рамките на одобрениот Буџет. Прераспределбата во Буџетот на општината, како и во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот.

(2) Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет не може да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во текот на фискалната година. Исклучок се средствата што се однесуваат на спроведувањето налози за извршување по основа на присилна наплата, согласно член 33 став 3 од Законот за буџети.

(3) Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на Буџетот не може со прераспределби да се зголемат повеќе од 10% од износот на ставката.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, буџетот на заеми и Буџетот на дотации не се реализираат планираните приходи и другите приливи, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходи и на другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува на одобрување до Советот на Општината.

**Член 8**

Буџетските корисници, по усвојувањето на Буџетот, изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

## Член 9

(1) Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот изнесува 60% од просечната месечна нето плата во Републиката што е исплатена за претходната година.

(2) За претседателот на Советот на Општина Центар - Скопје за раководењето и за организирањето на работата на Советот надоместокот од став 1 на овој член се зголемува за 30%.

(3) Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се исплатува за присуство на сите седници во тековниот месец.

(4) Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на Совет.

(5) Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

(6) Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

## Член 10

(1) Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законите и колективните договори.

(2) Висината на потребните средства за исплата на плата за избраните и именуваните лица во Општината се утврдува за Градоначалникот и тоа според законски утврдениот коефициент.

(3) За избраните и именуваните лица во општината, односно за Градоначалникот на Општина Центар – Скопје коефициентот за утврдување на плати е определен според бројот на жителите на општината, согласно одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

## Член 11

(1) Исплатата на плати на локалните јавни установи кои се финансираат со блок-дотации од Буџетот на дотации ја контролира и ја одобрува Министерството за финансии.

(2) Локалните јавни установи се должни најдоцна до 5ти во месецот да достават до Општината барање за одобрување средства за плати за претходниот месец, кон кое ќе ги приложат:

- обрасците ПДД-МП и МП-1
- образец ИР (Интерна рекапитулацијата за пресметани плати)

- образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата, како и други податоци во пишана и во електронска верзија (на ЦД, дискета, е-адреса и др.) за односниот месец за кој се однесува исплатата

(3) Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од локалните јавни установи што ќе се финансираат со блок-дотации од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства, да приложат образец М-1, согласност од градоначалникот, согласност од надлежното министерство и согласност од Министерството за финансии.

**Член 12**

(1) За време на привремена неспособност за работа поради болест и повреда, работникот во општината има право на надомест на плата, согласно со закон, во висина од:

- 70% за период до 7 дена;
- 80% за период до 15 дена;
- 90% за период над 15 дена и
- 100% за период над 30 дена, во случаи утврдени со закон и колективен договор.

(2) Основицата за пресметка на надоместок на плата е платата на работникот која што требала да му биде исплатена во месецот кога настанала привремената неспособност за работа поради болест и повреда.

(3) Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот во општина Центар му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна плата исплатена во општината.

**Член 13**

(1) Во случај на смрт на вработен во Општината, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од три основици, чиј износ се утврдува на денот на донесување на одлуката за исплата, согласно Колективен договор на ниво на Работодавач.

(2) На вработениот во општината во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од од две основици, чиј износ се утврдува на денот на донесување на одлуката за исплата, согласно Колективен договор на ниво на Работодавач.

## Член 14

(1) За пензионирање на вработениот во Општината и локалната јавна установа му се исплатува отпремнина при заминување на работникот во пензија, во висина од две просечни месечни нето плати, по претходно доставено барање.

(2) Надоместокот од став 1 на овој член се пресметува врз основа на просечна месечна нето плата по работник исплатена во Републиката, објавена до денот на исплатата.

(3) Исплатата на надоместокот од став 1 на овој член се врши по претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од Градоначалникот на Општината, а од Програмата Е0 - Општинска администрација, односно од Програмата Н1 – Основно образование и Програмата В1 – Детски градинки, позиција 464 - Други трансфери.

## Член 15

(1) Вработените во Општината имаат право на јубилејни награди според условите и во висина определена во Правилникот за доделување парични награди за јубилеи и пригодни настани.

(2) На вработениот во општинската администрација, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година во Општина Центар, му следува исплата на надомест (регрес) за годишен одмор во висина од најмалку 60% од просечната месечна нето плата во РСМ, објавена до денот на исплатата, кој се исплатува еднаш во годината.

(3) На вработените во општинската администрација може да им се исплати тринаесетта (13) плата во висина од просечна исплатена месечна нето плата во РСМ доколку имаат непрекинат работен однос во општината од 1 јануари до денот на исплата на тринаесетта плата, согласно колективен договор.

(4) Работникот вработен во локалната јавна установа има право на надомест на трошоци поврзани со работата утврдени со закон и колективен договор и тоа: надомест во случај на смрт на работникот, надомест во случај на смрт на член на потесното семејство на работникот, надомест за непрекинато боледување подолго од 6 месеци, надомест за јубилејни награди. Овие надоместоци ќе се исплатуваат од блок дотации и/или буџетот на самофинансирачки активности на работодавачот.

(5) За сè што не е регулирано со оваа Одлука, соодветно се применуваат одредбите од Законот за административните службеници, Законот за работните односи, Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија и колективните договори.

## Член 16

(1) На вработениот во општината за време на службено патување му се надоместуваат трошоците за дневница, трошоците за превоз и трошоците за ноќевање.

Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата и
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.

(2) Издатокот за сместување при службено патување во странство се пресметува врз основа на платена сметка за хотел со категорија до четири ѕвездички.

(3) Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

(4) Дневницата за службено патување во земјата се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со превозното средство и тоа:

- дневница во висина од 700,00 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и
- дневница во висина од 350,00 денари ако службеното патување траело од 8 до 12 часа.

## Член 17

(1) Набавките на материјали, стоки и на услуги се вршат по претходно одобрение од налогодавецот на образец - барање за набавка.

(2) Набавката на стоки и на услуги што се потребни за вршење на редовните функции се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во вредност до 6.000,00 денари

восогласност со член 183 став 6 од Законот за платежни услуги и платни системи и задолжително мора да биде приложена фискална сметка и сметкопотврда, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

(1) Во Буџетот на Општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи може да се планираат средства како постојана и тековна резерва.

(2) За користење на средствата на резерви од став 1 на овој член одлучува Советот на Општината, а го извршува Градоначалникот.

(3) По исклучок од став 2 од овој член, за користењето на средствата од тековната буџетска резерва одлучува Градоначалникот, но најмногу до износ од 50.000,00 денари.

(4) Градоначалникот е должен до Советот да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 19**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**Член 20**

Средствата утврдени во Потпрограма А0 – Совет на Општина, категорија 45 – каматни плаќања и категорија 49-отплата на главница, за отплата на камата и главница по основа на домашен долг, ќе се извршуваат во согласност со одредбите од склучениот договор, без оглед на буџетската алокација за оваа намена.

**Член 21**

(1) Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ што е поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ првенствено се враќа на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а ако нема такви приходи, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

(2) Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде што надлежноста им припаѓа на други органи.

## Член 22

Буџетот на Општина Центар-Скопје ќе се извршува од 1.1.2026 година до 31.12.2026 година.

Бр.08- 6365/40
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/43
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и („Службен весник на РСМ “ бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22; 170/24 и 37/25), Советот на Општина Центар-Скопје на 3-та седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

## Буџетски календар
## на Општина Центар-Скопје за 2026 година

| Ред.бр | Активности | Месец во годината |
|---|---|---|
| **1.** | Советот на Општина Центар- Скопје го донесува Буџетскиот календар. | Декември/Јануари |
| **2.** | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови и програми до сите сектори и буџетски корисници. | Најдоцна до 30 август |
| **3.** | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и програми за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 30 септември |
| **4.** | Организирање на буџетски форуми | Октомври-Декември |
| **5.** | Министерот за финансии доставува циркулар- насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година. | Најдоцна до 30 септември |
| **6.** | Секторот за финансиски прашања подготвува процени на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и ги усогласува финансиските планови и програми , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Нацрт-буџет и го известува Градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 15 октомври |
| **7.** | Градоначалникот на Општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и го доставува до Советот на Општина Центар- Скопје. | Најдоцна до 20 октомври |
| **8.** | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој. | Најдоцна до 15 ноември |
| **9.** | Секторот за финансиски прашања го изготвува Нацрт-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и на одобрување. | Ноември |
| **10.** | Градоначалникот го доставува Нацрт-буџетот до Советот на Општина Центар-Скопје | Ноември |
| **11.** | Градоначалникот организира јавна расправа по Нацрт-буџетот. | Декември |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Градоначалникот го доставува Предлог- буџетот до Советот на Општина Центар- Скопје. | Декември |
| **13.** | Советот на Општина Центар- Скопје го усвојува Предлог- буџетот. | Декември |

Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2026 година стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/42
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина ЦентарСкопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување на Годишната награда на Општина Центар-Феникс за 2025 година**

Се објавува Одлуката за доделување на Годишната награда на Општина Центар-Феникс за 2025 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/45
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на членовите 4, 5, и 6 од Одлуката за утврдување на награди и признанија на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Град Скопје" бр. 15/01) и членовите 16 и 17 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишната награда на Општина Центар-Феникс („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 8/10 пречистен текст), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишната награда**
**на Општина Центар-Феникс за 2025 година**

1. Како знак на општествено признание за особени постигнувања во стопанството, уметноста, воспитувањето и образованието, спортот, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Северна Македонија и во светот, Годишната награда на Општина Центар-Феникс им се доделува на:

**II. КАНДИДАТИ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ**

**1.** Софија Пиштолова, за постигнувања во модерните танци.
**2.** Марко Татули, за постигнувања во боречките спортови.
**3.** Кристијан Јанев, за постигнувања во спортот-тенис.
**4.** Тамара Танеска, за постигнувања во природните науки.
**5.** Виктор Вранишкоски, запостигнувања во спортот-пливање.
**6.** Томи Тодоровски, за постигнувања во спортот-триатлон.

2. Наградата за категоријата ученици и студенти од точка 1 се состои од диплома и паричен износ од по 30.000,00 денари.

3. Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6365/44
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод“ (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод“ (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/47
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општината Центар – Скопје („Службен гласник на Општина Центар – Скопје“ бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25), Советот на Општина Центар-Скопје, на третата седница одржана на 24.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод“ (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува План за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод“ (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар – Скопје, изработен од ДПТПГ СТУДИО ГЕРМАН ДООЕЛ Охрид со технички број У-09/24 од јули 2025 година, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23; 7/25 и 143/25).

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод“ (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар – Скопје претставува разработка на Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 21 – локалитет Клинички центар и Геолошки завод, донесен од Советот на Општина Центар - Скопје со Одлука бр.08-726/36 од 9.2.2024 година.

План за парцелација е графички прилог и составен дел на урбанистичкиот план во кој се врши секундарната поделба на градежното земјиште односно во кој се формираат градежните парцели, додека во урбанистичкиот проект планот за парцелација е планско-проектен документ за препарцелација на формирани парцели.

**Член 2**

Проектниот опфат ги опфаќа КП бр.204/1, дел од КП бр.204/2 и дел од КП бр.198/1 КО Центар 2 - Општина Центар-Скопје.
Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 625м², односно 0,06ха.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-2266/1 од 8.4.2025 година за Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод" (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар – Скопје, издаде Позитивно мислење со бр.09-2964/6 од 2.9.2025 година (со прилог Известување за разгледан идеен проект бр.26-2964/5 од 27.8.2025 година), со кое што потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23; 7/25 и 143/25).

**Член 4**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод" (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар – Скопје, ќе се одобри од страна на Градоначалникот веднаш по донесувањето на Планот за парцелација.

**Член 5**

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар – Скопје" и на веб - страницата на Општината.

**Член 6**

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

**Член 7**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод" (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар-Скопје, може да се спроведува по извршено дигитално преклопување.

Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект, да го изврши дигиталното преклопување.

**Член 8**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод" (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар – Скопје, ќе се применува по исполнување на одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

**Член 9**

Составен дел на оваа Одлука е Планот за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 2.11 и ГП 2.12 формирани во ДУП за ГЧ Ј 21 локалитет „Клинички центар и Геолошки завод" (Одлука бр. 09-726/37 од 09.02.2024 год.) Општина Центар – Скопје.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје".

Бр. 08-6365/46
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/49
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општината Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25), Советот на Општина Центар-Скопје, на третата седница одржана на 24.12.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1“ УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1“ УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје, изработен од Друштво за проектирање, градежништво, трговија и услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ Гостивар со технички број 14-УП/2025 од ноември 2025 година, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23; 7/25 и 143/25).

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1“ УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје претставува разработка на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет Буњаковец 1 УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје, донесен од Советот на Општина Центар - Скопје со Одлука бр.07-3625/14 од 10.5.2012 година.

**Член 2**

Предметниот проектен опфат е дефиниран со претходно одобрена планска документација Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1,

УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар-Скопје со дефинирање на градежните парцели 20.11 и 20.12.
Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 385,64м$^2$.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-2266/1 од 8.4.2025 година за Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје со позитивно мислење број 09-4678/7 од 26.11.2025 година ја одобри проектната програма за изработка на урбанистичкиот проект со план за парцелација, по претходно писмено информирање до непосредните соседи и останати сопственици што не се баратели во постапката со Известување број 09-4678/2 од 12.9.2025 година и одржано јавно излагање објавено со Оглас 26-4678/5 од 11.11.2025 година, евидентирано со Записник број 26-4678/6 од 19.11.2025 година.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-2266/1 од 8.4.2025 година за ревидираниот Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје, издаде Позитивно мислење со бр.09-4678/9 од 12.12.2025 година, со Предлог за негово одобрување број 09-4678/10 од 12.12.2025 година.

**Член 4**

Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје, ќе се одобри од страна на Градоначалникот веднаш по неговото донесување.

**Член 5**

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар – Скопје" и на веб - страницата на Општината.

**Член 6**

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

**Член 7**

Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје може да се спроведува по извршено дигитално преклопување. Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект, да го изврши дигиталното преклопување.

**Член 8**

Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје ќе се применува по исполнување на одредбите од členовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

**Член 9**

Составен дел на оваа Одлука е Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.11 и ГП 20.12, со намена А2- домување во згради од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23, Општина Центар – Скопје.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје".

Бр. 08-6365/48
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Биљана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за помош и субвенционирање на деца на македонските бранители**

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за помош и субвенционирање на деца на македонските бранители,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на третата седница, одржана на 24.12.2025 година.

Бр. 09-6365/51
24.12.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 24.12.2025 година, расправаше по Предлог иницијативата за помош и субвенционирање на деца на македонските бранители и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Иницијатива за помош и субвенционирање на деца на македонските бранители**

1. Се задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ги разгледа сите законски можности за реализирање на оваа Иницијатива.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-6365/50
24.12.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.